- Анализа на слабостите на постоечкиот систем за управување со отпад;
- Предвидувања за создавањето отпад;
- Цели и опции за управување со отпадот;
- Опции за интегрирано управување со отпадот;

[1] Дел од проектната активност

- Акциски план;
- Процена на трошоци;
- Листа на индикатори.

Нацрт РПУО дава сеопфатен преглед на оцената на тековната состојба во Регионите, поврзани со создавањето на отпад и слабостите на системот за управување со отпад, како и социо-економските аспекти во регионите. Овие податоци подетално се опишани во Глава 4 и 5 од Извештајот за СОЖС.

Покрај тоа, нацрт РПУО ги зема предвид проекциите што се суштински елемент во процесот на планирање. Врз основа на проекциите за создавање комунален отпад, целите поставени на регионално ниво се мерливи, а со тоа индиректно се утврдени капацитетите што треба да се обезбедат во инсталациите за управување со отпад.

Во нацрт РПУО, главните цели се поставени во согласност со хиерархијата за отпад, утврдена со Рамковната директива за отпад. Повеќе детали за целите на регионалното управување со отпад се презентирани во Глава 3.2.

Во Избраното сценарио за интегрирано управување со отпад во Регионот се вклучени следните опции:

- Собирање на отпадот: Систем за собирање со две канти (канта за рециклабилен отпад и канта за преостанат отпад), Собирни места, Одделно собирање на зелен отпад,
- Третман на кантата за рециклабилен отпад: Инсталација за преработка на материјали (MRF),
- Третман на кантата за преостанат отпад: МВТ/Биостабилизација
- Третман на зелен отпад: 6 Постројки за компостирање во секоја од шесте ЛИУО
- Санитарна депонија: Една централна во Свети Николе (ЦИУО)
- Нестандардни и диви депонии: Затворање и рехабилитација

Предложеното сценарио е прифатливо, применливо и комплетно од аспект на технолошките опции и предлози.

Детален опис на Разгледаното Сценарио е претставен во Глава 8 „Анализа на избраното сценарио“ од овој Извештај за СОЖС.

Дополнително, РПУО ги зема предвид опциите/моделите за ремедијација на постоечките општински и диви депонии (ПРИЛОГ 7), односно:

- Затворање, ремедијација и грижа по затворањето на општинските депонии,
- Затворање и ремедијација на дивите депонии и напуштените диви депонии.

Конечниот избор на метод на планот за ремедијација може да се направи само по подготовка на детална студија за почвата и подземните води, што не е предмет на овој проект.

Нацрт РПУО содржи збир на регионални општи и посебни цели, како и мерки со кои ќе се постигнат целите. Врз таа основа, подготвен е акциски план за предложените интервенции. Овој план се фокусира на приоритетните мерки и соодветните главни инфраструктурни инвестиции, но исто така дава индикации за сите идни активности (реинвестирање или други активности), кои треба да се спроведат.

Табела 2. Акциски план за периодот 2015-2042 за Источниот Регион

А/А	Акција	Временски период	Одговорна организација	Релевантни индикативни трошоци (ЕУР)	Можни пречки/Коментари
1.	**Приоритетни мерки за период до три години (2015-2017)**				
1.1	Созревање на приоритетните проекти (Физибилити студии, анализа на трошоци и добивки, ОВЖС, еколошки дозволи, апликации за финансирање, одобрување, тендерирање и склучување договори)	2015 - 2016	МЖСПП, Меѓуопштински одбор за управување со отпад	1.300.000	Можни се застои во фазата на одобрување. Времетраењето зависи од тендерската постапка, која може да се оддолжи заради приговори и сл.
1.2	Набавка на опрема за собирање рециклабилни материјали, мешан отпад, зелен отпад и компостирање во домашни услови	2016-2017	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	2.078.920	Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.
1.3	Техничка помош и надзор во текот на имплементацијата	2017-2018	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	1.500.000	Можни се застои во фазата на одобрување. Времетраењето зависи од тендерската постапка, која може да се оддолжи заради приговори и сл.
1.4	Изградба на интегрирана инфраструктура за управување со отпадот (инсталација за рециклирање на материјали, инсталација за биостабилизација на преостанат отпад, депониска ќелија А за преостанат отпад-, претоварни станици, собирни места)	2017-2018	Меѓуопштински одбор за управување со отпад, со општините	13.584.228 (Откуп на земјиште – 425.204)	Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.
2.	**Краткорочни мерки за период до пет години (-2019)**				
2.1	Техничка помош и надзор во текот на имплементацијата	2017-2018	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	1.500.000	Можни се застои во фазата на одобрување. Времетраењето зависи од тендерската постапка, која може да се оддолжи заради приговори и сл.
2.2	Изградба на интегрирана инфраструктура за управување со отпадот (инсталација за рециклирање на материјали, инсталација за биостабилизација на преостанат отпад, депониска ќелија А за преостанат отпад-, претоварни станици, собирни места)	2017-2018	Меѓуопштински одбор за управување со отпад, со општините	13.584.228 (Откуп на земјиште – 425.204)	Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.

2.3	Кампањи за подигнување на јавната свест за управување со отпад и општи кампањи за спречување на создавање отпад и за управување со отпад	2015-2019	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	170.000	Промовирање на информациите, систем за подигнување на свеста и мотивација на јавноста и на сите релевантни чинители. Трошокот зависи од стратегијата и видот на кампања за подигнување на јавната свест.
2.4	Имплементација на мерки за спречување на отпад, вклучувајќи специфични секторски кампањи за подигнување на свеста , кои не се вклучени во 2.3	2015 - 2019	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад		Трошокот зависи од стратегијата применета на општинско или регионално ниво и видот на кампања за подигнување на јавната свест
2.5	Поттикнување за основање на центри за поправка/реупотреба и активности за подигнување на свеста за поттикнување/промоција на поправки/преработка	2018-2019	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад		Трошокот зависи од неколку елементи, односно сопственоста на центрите за поправка/реупотреба (јавни/приватни) или стратегијата применета на општинско или регионално ниво и видот на кампања за подигнување на јавната свест
2.6	Ревизија на Регионалниот план за управување со отпад	На секои две години	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	Не може да се одреди	
2.7	Ремедијација на постоечки многу ризични депонии и диви депонии	2017-2018	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	2.810.560	Зависи од одобрување на апликација или финансирање. Затворањето на депониите е тесно поврзано со претоварните станици и централната депонија. Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.
2.8	Ремедијација на постоечки многу ризични депонии и диви депонии	2018-2019	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	270.760	Трошоците ќе се утврдат во детална проектна студија.
2.9	Ремедијација на постоечки средно-ризични депонии и диви депонии	2018-2019	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за	162.240	Трошоците ќе се утврдат во детална проектна студија.

			управување со отпад		
3.	**Среднорочни мерки за период од шест до десет години (2020-2024)**				
3.1	Ревизија на Регионалниот план за управување со отпад	На секои две години	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	Не може да се одреди	Имплементација на сите дополнително потребни мерки, во согласност со ревизијата на РПУО
3.2	Изградба на депониска ќелија Б за преостанат отпад	2024	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	Треба да се анализира	Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.
4.	**Долгорочни мерки за период подолг од десет години (-2042)**				
4.1	Реинвестирање–замена на опремата за собирање и претоварните станици	2027	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	2.126.352 (опрема за собирање), 400.000 (претоварна станица)	Трошоците ќе се утврдат во детална проектна студија.
4.2	Реинвестирање–замена на опремата за третман (постројки и механизација)	2031	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	4.143.828	Трошоците ќе се утврдат во детална проектна студија.
4.3	Реинвестирање–замена на опремата за собирање и претоварните станици	2036	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	2.126.352 (опрема за собирање), 400.000 (претоварна станица)	Трошоците ќе се утврдат во детална проектна студија.
4.4	Изградба на депониска ќелија Ц за преостанат отпад	2032	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	Треба да се анализира	Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.

Табела 3. Акциски план за периодот 2015-2042 за Североисточниот Регион

А/А	**Акција**	**Временски период**	**Одговорна организација**	**Релевантни индикативни трошоци (ЕУР)**	**Можни пречки/Коментари**
1.	**Приоритетни мерки за период до три години (2015-2017)**				
1.1	Созревање на приоритетните проекти (Физибилити студии, анализа на трошоци и добивки, ОВЖС, еколошки дозволи, апликации за финансирање,	2015-2016	МЖСПП, Меѓуопштински одбор за управување со отпад	1.300.000	Можни се застои во фазата на одобрување. Времетраењето зависи од тендерската постапка, која може да се

	одобрување, тендерирање и склучување договори)				оддолжи заради приговори и сл
1.2	Набавка на опрема за собирање рециклабилни материјали, мешан отпад, зелен отпад и компостирање во домашни услови	2016-2017	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	2.578.040	Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.
1.3	Техничка помош и надзор во текот на имплементацијата	2017-2018	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	1.500.000	Можни се застои во фазата на одобрување. Времетраењето зависи од тендерската постапка, која може да се оддолжи заради приговори и сл.
1.4	Изградба на интегрирана инфраструктура за управување со отпадот (инсталација за рециклирање на материјали, инсталација за биостабилизација на преостанат отпад, депониска ќелија А за преостанат отпад-, претоварни станици, собирни места)	2017-2018	Меѓуопштински одбор за управување со отпад, со општините	15.134.688 (Откуп на земјиште – 478.093)	Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.
2.	**Краткорочни мерки за период до пет години (-2019)**				
1.3	Техничка помош и надзор во текот на имплементацијата	2017-2018	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	1.500.000	Можни се застои во фазата на одобрување. Времетраењето зависи од тендерската постапка, која може да се оддолжи заради приговори и сл
1.4	Изградба на интегрирана инфраструктура за управување со отпадот (инсталација за рециклирање на материјали, инсталација за биостабилизација на преостанат отпад, депониска ќелија А за преостанат отпад-, претоварни станици, собирни места)	2017-2018	Меѓуопштински одбор за управување со отпад, со општините	15.134.688 (Откуп на земјиште – 478.093)	Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.
2.1	Кампањи за подигнување на јавната свест за управување со отпад и општи кампањи за спречување на создавање отпад и за управување со отпад	2015-2019	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	170.000	Промовирање на информациите, систем за подигнување на свеста и мотивација на јавноста и на сите релевантни чинители. Трошокот зависи од стратегијата и видот на кампања за подигнување на јавната свест.
2.2	Имплементација на мерки за спречување на отпад, вклучувајќи специфични секторски кампањи за подигнување на свеста , кои не се вклучени во 2.1	2015 - 2019	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	--	Трошокот зависи од стратегијата применета на општинско или регионално ниво и видот на кампања за подигнување на јавната свест
2.3	Поттикнување за основање на центри за поправка/реупотреба и активности за подигнување на свеста за	2018-2019	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	--	Трошокот зависи од неколку елементи, односно сопственоста на центрите за поправка/реупотреба (јавни/приватни) или

	поттикнување/промоција на поправки/преработка				стратегијата применета на општинско или регионално ниво и видот на кампања за подигнување на јавната свест
2.4	Ревизија на Регионалниот план за управување со отпад	На секои две години	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	Не може да се одреди	
2.5	Ремедијација на постоечки многу ризични депонии и диви депонии	2017-2018	МЖСПП, Меѓуопштински одбор за управување со отпад	3.218.186	Зависи од одобрување на апликација или финансирање. Затворањето на депониите е тесно поврзано со претоварните станици и централната депонија. Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.
2.6	Ремедијација на постоечки многу ризични депонии и диви депонии	2018-2019	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	906.100	Трошоците ќе се утврдат во детална проектна студија.
2.7	Ремедијација на постоечки средно-ризични депонии и диви депонии	2018-2019	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	70.919	Трошоците ќе се утврдат во детална проектна студија.
3.	**Среднорочни мерки за период од шест до десет години (2020-2024)**				
3.1	Ревизија на Регионалниот план за управување со отпад	На секои две години	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	Не може да се одреди	Имплементација на сите дополнително потребни мерки, во согласност со ревизијата на РПУО
3.2	Изградба на депониска ќелија Б за преостанат отпад	2024	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	Треба да се анализира	Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.
4.	**Долгорочни мерки за период подолг од десет години (-2042)**				
4.1	Реинвестирање–замена на опремата за собирање и претоварните станици	2027	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	2.747.824 (опрема за собирање), 400.000 (претоварна станица)	Трошоците ќе се утврдат во детална проектна студија.
4.2	Реинвестирање–замена на опремата за третман (постројки и механизација)	2031	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	4.882.759	Трошоците ќе се утврдат во детална проектна студија.
4.3	Реинвестирање–замена на опремата за собирање и претоварните станици	2036	Меѓуопштински одбор за управување со отпад	2.747.824 (опрема за собирање), 400.000 (претоварна станица)	Трошоците ќе се утврдат во детална проектна студија.
4.4	Изградба на депониска ќелија Ц за преостанат отпад	2032	МЖСПП и Меѓуопштински одбор за управување со отпад	Треба да се анализира	Трошоците ќе се утврдат во физибилити студијата и анализата на трошоци и добивки.

Исто така, нацрт РПУО предлага збир на мерливи и потврдливи индикатори за мониторинг на неговата имплементација.

3.2. Предмет и главни цели на Планот

3.2.1. Предмет на РПУО

Регионалниот план за управување со отпад (РПУО) е клучен елемент на регионалната политика, затоа што обезбедува стратешка рамка која ќе му овозможи на Регионот во целина брзо да напредува кон примена на поодржливи начини за производство и употреба на стоки, а потоа да рециклира или преработува колку што е можно поголема вредност од отпадот што се создава. Планот исто така има важна улога во идентификувањето на тековниот капацитет на регионот за управување со отпадот и поставувањето на инфраструктурата за управување, која ќе треба да се изгради за да се задоволат идните потреби.

Целта на РПУО е да се преземат принципите и приоритетите утврдени во Националната стратегија и Планот за управување со отпад и истите да се развијат во концизна испорачлива рамка, која ќе осигура дека регионот во иднина ќе се движи кон одржливите практики.

Регионалниот план за управување со отпад (РПУО):

- ја претставува врската помеѓу националните цели и можностите за постигнување на истите на регионално и општинско ниво;
- овозможува користење на локалните предности на Регионот, со цел да се постигнат националните цели за целиот регион;
- претставува стратегија за управување со отпадот, синхронизирана на ниво на сите општини кои му припаѓаат на Регионот;
- овозможува надомест на недостатоците од една до друга општина во Регионот;
- може да води кон стратегија за управување со отпад што не може да се администрира или финансира од само една општина.

РПУО е во согласност со одредбите од Рамковната директива за отпад (WFD):

Член 1 (заштита на животната средина и човековото здравје преку превенција или намалување на негативните влијанија од создавањето и управувањето со отпадот и преку намалување на целокупните влијанија од користењето на ресурси и подобрување на ефикасноста на таквата употреба),

Член 4 (хиерархија на управување со отпадот),

Член 13 (заштита на човечкото здравје и животната средина) и

Член 16 (принципи на самодоволност и близина).

Планот ги исполнува задолжителните елементи за План за управување со отпад, утврдени во член 28(3) и дополнителните елементи кои може да бидат содржани во планот, утврдени во член 28(4).

3.2.2. Визија, општи и посебни цели

Во согласност со контекстот на европската и националната политика, Регионалниот план за управување со отпад ги содржи следната визија и цели:

Визија и општи цели

Визија: Да обезбеди регионално планска рамка за одржливо управување со отпадот и за обновување на ресурси преку развивање на интегриран систем за управување со отпадот со следните главни цели:

Цел А: Минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето предизвикани од создавањето и управувањето со отпадот и намалување на целокупните влијанија од употреба на ресурси.

Цел Б: Минимизирање на негативните социјални и економски влијанија и зголемување/максимизирање на социјалните и економските можности.

Цел В: Усогласеност со законските барања, целите, принципите и политиките утврдени во европската и националната правна и регулаторна рамка.

Посебни цели

Цели за заштита на животната средина и човечкото здравје (општа цел А)

- Заштита и подобрување на условите за живот на населението;
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство;
- Заштита и унапредување на квалитетот на водата;
- Заштита и унапредување на квалитетот, количините и функциите на почвите;
- Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови;
- Заштита на материјалните добра;
- Заштита и унапредување на културното наследство;
- Зачувување на карактеристиките на пределот и заштита на пределот секаде, а особено во назначеното подрачје;
- Одржливо користење на земјиштето и други ресурси.

Социо-економски цели (општа цел Б)

- Подготовка на кампањи за подигнување на јавната свест и зголемување на вклученоста на јавноста;
- Оптимизација на системот за собирање на отпадот и минимизирање на влијанијата од локалниот транспорт;
- Можности за вработување;
- Систем за управување со отпад во рамнотежа со економските ресурси на општеството.

Правни и регулаторни цели (општа цел В)

Во согласност со ЕУ и националното законодавство за отпад, политиката и принципите - постигнување на целите за управување со отпадот во однос на количеството на создаден отпад, собирање, инфраструктура за рециклирање, цели за пренасочување на отпадот од депонии, обновување на енергија, повратот на трошоци, ремедијација на постојните депонии и диви депонии и подигање на јавната свест за животната средина, Планот ги зема предвид:

- Хиерархијата за управување со отпад;
- Најдобрите практични опции за животната средина за сите текови на отпад;
- Принципот на регионална самодоволност;
- Принципот на близина;
- Законските барања, цели, принципи и политики утврдени со националното и законодавството на ЕУ, со цел да се достигнат и надминат постоечките цели.

Регионалниот план за управување со отпад се заснова на хиерархијата за управување со отпад. Хиерархијата ја истакнува потребата за избегнување на праксата за отстранувањето на отпадот на депонија и поттикнување на превенција, подготовка за реупотреба, рециклирање и други видови преработка. Основно за постигнување на овие цели на политиките е истите да се препознаат и прифатат од сите групи во општеството, како производители на отпад, нивната одговорност за поддршка и усвојување на поодржливи практики за управување со отпад, како во домашни услови, така и на работа. Се подразбира дека перцепцијата за отпадот како несакан, но неопходен нус-производ треба да се промени, со признавање на неговиот потенцијал како ресурс.

РПУО се темели на следните столбови:

- **Животна средина**

Системот за управување со отпадот ќе се темели на интегриран пристап на саморегулирање, регулирање и контрола. Мора да се избегнува пренесувањето на проблемот преку медиумите во животната средина - воздух, земја и вода. Прифаќањето на надоместоците за корисниците треба да се разгледува во корелација со примената на принципот „загадувачот плаќа".

- **Економски**

Системот за управување со отпад ќе се развива на начин што нема дополнително да го оптоварува населението. Системот за отпад ќе биде разработен на начин што ќе овозможи негова рамнотежа со економските ресурси на општеството. Системот треба да го олесни и осигура собирањето, третманот и отстранувањето, заради постигнување на посакуваните нивоа на хигиена и естетика, во рамките на капацитетот за плаќање на различните економски чинители.

- **Институциски**

Должностите и одговорностите на општинските и приватните институции и компании вклучени во активностите поврзани со отпадот мора да бидат јасно дефинирани и координирани. Планирањето на регионалното управување со отпад е предуслов за ефикасно управување и мора периодично да се евалуира и ревидира. Мора да се подобри прибирањето информации и размената на истите помеѓу различните институции за управување со отпад за да се олесни процесот на донесување одлуки.

- **Општествен**

Сите чинители во системот за управување со отпад треба да ја прифатат избраната стратегија и сите нејзини компоненти во нивната институциска, правна и финансиска рамка. Ова вклучува и подготвеност да се усвојат директни трошоци за корисниците и подобрување на законските акти за отпад што имаат влијание врз ставовите на чинителите.

Општите и квантификуваните регионални цели во врска со управувањето со отпадот се основа за поставување на интегриран регионален систем за управување со отпад.

При утврдување на целите, треба да бидат земени предвид следните прашања:

- Секоја општа цел може да има една или повеќе квантификувани цели;
- Квантификуваните цели на регионално ниво мора да бидат најмалку исти со квантификуваните цели што се поставени на национално ниво;
- Националната стратегија за управување со отпад (2024-2036) и Националниот план за управување со отпад (2021-2031) се усвоени во 2024, односно 2021 година.

Целите и индикаторите на Планот се прикажани во следната табела.

Табела 4. Цели на Планот за управување со отпад и индикатори според Хиерархијата за управување со отпад

Цел	Специфична цел	Индикатори
Превенција и минимизација на отпад	-Разделувањето на поврзаноста на економскиот развој и влијанијата врз животната средина од создавањето отпад; -Намалување на штетните влијанија врз животната средина; -Намалување и замена на опасните материи; -Оптимизација на количината на пакување по спакуван производ; -Поттикнување на реупотреба;	-Количина на отпад по единица БДП/БДВ (kg/ €); -Број на настани за подигнување на јавната свест и процент на население вклучено во истражувањето за различни аспекти поврзани со отпадот и превенција; -За реупотреба: број и приходи на организациите за повторна употреба на

	-Подигнување на јавната свест и ширење на најдобрите практики; -Интеграција на принципите за одржлива потрошувачка и дематеријализација во секојдневното однесување кај потрошувачите.	материјалите; број на продадени употребувани производи.
Собирање на комунален отпад (услуги и степен на покриеност)	-Обезбедување услуги за собирање и транспорт за колку што може повеќе создавачи на отпад - воспоставување на системи што го опфаќаат целото подрачје на создавачите на отпад; -Зголемување на количеството на собран отпад од пакување. Имплементација на систем за одвоено собирање на рециклабилни материјали за да се обезбеди остварување на законските квантификувани цели во врска со отпадот од пакување.	-Процент на население поврзано со услугите за собирање, вкупно и посебно во урбани или рурални области; -Процент на население поврзано со услугите за одвоено собирање (зелен отпад, рециклабилни материјали, отпад од електрична и електронска опрема, органски отпад, итн.), вкупно и посебно во урбани, рурални области; -Вкупно собран комунален отпад (t/год.); -Одвоено собран зелен отпад (t/год.); -Одвоено собран комерцијален отпад (t/год.); -Одвоено собран рециклабилен отпад (t/год.); -Обезбедени контејнери со соодветна големина за собирање отпад (m^3/жител x год.); -Број и волумен на контејнери за собирање на мешан отпад (m^3); -Број и волумен на контејнери за одвоено собирање на отпад (m^3); -Број и капацитет на возилата за собирање отпад (број и m^3); -Број и капацитет на камиони со преса (број и m^3).
Рециклирање и преработка на отпад	-Искористување на сите технички и економски можности за преработка на отпадот; -Развој на активности за повторно користење на материјали или обнова на енергија; -Подобрување на степенот на реупотреба на пакувањата и можноста за рециклирање; -Оптимизирање на количините на пакување по спакуван производ; -Оптимизација на програми за повторно искористување на материјалите; -Поставување и оптимизација на програми за енергетска обнова на отпад од пакување (онаму каде повторно искористување на материјалите не е „изводливо“)	-Вкупно население во засегнатите населени места (жител * 1000); -Стапка на рециклирање на хартија (% и t/год.); -Стапка на рециклирање на пластика (% и t/год.); -Стапка на рециклирање на стакло (% и t/год.); -Стапка на рециклирање на метал (% и t/год.); -Стапка на рециклирање на дрво (% и t/год.); -Број и капацитет на постројките за сортирање (број и капацитет);

	-Промовирање на третман на отпадот за да се обезбеди рационално управување со животната средина.	-Вкупно рециклирање (% и t/год.); -Вкупно обновување (% и t/год.).
Отстранување на отпадот, вклучувајќи и минимизирање на биоразградливиот отпад	-Намалување на количините на биоразградлив отпад кој завршува на депонија; -Изградба на инсталации за конечно отстранување на отпадот во целосна согласност со стандардите на ЕУ.	-Вкупно население во засегнатите населени места (жител*1000); -Количина на отстранет отпад на стандардни депонии (t/год.); -Број и капацитет на депонии усогласени со стандардите на ЕУ; -Вкупна стапка на пренасочен биоразградлив отпад, кој не се отстранува на депонии (% и t/год.); -Количина на биоразградлив отпад пренасочен преку домашно компостирање (% и t/год.).
Посебни текови отпад	-Одвоено собирање на отпадот и воспоставување инфраструктура за управување со посебните текови отпад	-Вкупна количина на собран отпад од ЕЕО по жител [t/жит.]*; -Количина на отпад од ЕЕО подготвен за реупотреба/рециклиран [%]*; -Вкупна количина на собран градежен отпад по жител [t/жит.]; -Количина на градежен отпад подготвен за реупотреба/рециклиран [%]; -Вкупна количина на собрани отпадни масла по жител [t/жит.]*; -Количина на отпадни масла подготвени за реупотреба/рециклирање [%]*; -Вкупна количина на собрани отпадни батерии по жител [t/жит.]*; -Количина на отпадни батерии подготвени за реупотреба/рециклирани [%]*; -Вкупна количина на собрани стари возила по жител [t/жит.]*; -Количина на стари возила наменети за реупотреба/рециклирани [%].
Затворање, ремедијација и понатамошна грижа за општинските и дивите депонии	Затворање и ремедијација на нерегулираните депонии. До декември 2017 година, сите високо ризични-загадени локации ќе бидат управувани или рехабилитирани. Ќе се развие временска рамка со која ќе биде опфатено управувањето или ремедијацијата на останатите локации.	-Вкупно население во засегнатите населени места (жит.*1000); -Број и големина на рехабилитирани урбани депонии (број и m^3).
Повратна трошоци	Да се зголеми повратот на трошоци, да се поттикне ефективност на трошоците и да се обезбеди економска стабилност и достапност. „Обезбедување проток на приходи за да се покријат сите трошоци за извршените	-Просечен трошок по собран цврст комунален отпад (€/t);

	услуги обезбедени со постепен развој на системот за управување со отпад (НПУО 2021-2031)".	-Просечен трошок за третиран цврст комунален отпад (€/t); -Трошоци за управување со отпад по жител ((€/жит.).
Обуки и подигнување на јавната свест	Целта е едукација, промена на однесувањето и поттикнување на најдобри практики. Намалувањето на количината на создаден отпад, и од домаќинствата и од бизнис секторот, е највисок приоритет. За ова е потребно луѓето да го променат начинот на кој се однесуваат во однос на отпадните материјали кои ги создаваат. Ова ќе се постигне преку развој и испорака на регионален план за промена на однесувањето.	-Број на настани за подигнување на свеста во врска со животната средина и процент на опфатено население; -Покриеност на започнатите кампањи за животна средина.

3.3. Корелација на целите на РПУО со целите на други национални релевантни стратегии, планови и програми

Правната основа за изработка на Регионалниот план за управување со отпад произлегува од член 18-а од Законот за управување со отпад. РПУО треба да го усвојат советите на општините и истиот е со важност за период од десет години. Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад може да предложи измени и дополнувања на РПУО, доколку е потребно, на секои две години.

РПУО обезбедува информации за состојбата на животната средина во разгледуваниот регион, заедно со социо-економски опис. Покрај тоа, Планот обезбедува опис и оцена на тековната состојба во управувањето со отпадот во Регионот, анализа на слабостите на постојниот систем за управување со отпад, проекции за создавање на отпадот и технички опции за интегрирано управување со отпад, анализа на Избраното сценарио, како и мерки за намалување на нивото на негативното влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

За потребите на оваа задача, анализирани се голем број национални планови, програми и стратегии од различни сектори и нивните главни цели. Во следната табела даден е преглед на главните цели на овие клучни документи за планирање, нивната корелација со целите на РПУО, како и со активностите што можат да обезбедат спроведување на РПУО.

Во ПРИЛОГ 2 од овој документ е презентирана дополнителна анализа и корелација на целите на РПУО со целите на другите национални планови, програми и стратегии, цели на Директивите на ЕУ, како и обврските кои произлегуваат од некои релевантни меѓународни конвенции.

Табела 5. Корелација на целите на РПУО со целите на други национални релевантни стратегии, планови и програми

Релевантни национални стратегии, планови и програми	Цели или барања на националните стратегии, планови и програми	Како се инкорпорирани целите на националните планови, програми и стратегии во РПУО или ќе бидат постигнати при неговата имплементација

Национална стратегија за управување со отпад (2024-2036)	***Кога се подготвуваше СОЖС, НСУО не беше сè уште финализирана од страна на МЖСПП и се чекаше да биде усвоена.** Клучни цели на оваа Стратегија се: -Усогласеност на законодавството за управување со отпад со политиката на заедницата и барањата на економското опкружување за соработка. -Воспоставување на ефективна институциска и организациска поставеност во сите фази на имплементацијата на новиот интегриран систем за управување со отпадот (на локално и национално ниво); -Зајакнување на човечките ресурси и капацитети во јавниот и во приватниот сектор; -Воведување на стабилни финансиски ресурси и соодветни економски механизми за обезбедување на целосно покривање на трошоците за одржување на интегрираниот систем за управување со отпадот во согласност со принципот „загадувачот плаќа" и со максималните ефекти во врска со инвестициите и со активностите на работењето; -Подигнување на јавната свеста; -Воспоставување и одржување на систем за собирање податоци за изворите, природата, количествата, главни информации за инсталациите за преработка, рециклирање и користење на енергијата од состојките од посебните текови отпад и информации за конечното отстранување на отпадот; -Воведување на модерен систем за управување со отпад; -Примена на ефикасни и исплатливи техники за собирање, транспорт, одделување, времено складирање и третман/процесирање на одвоените текови отпад преку учество на приватниот сектор, со цел да се постигне стапка од 100% на собирање на отпадот и оптимално ниво на искористување на материјалите и енергијата од корисните компоненти на отпадот; -Воведување на депонии за опасен и за неопасен отпад и други инсталации за отстранување на отпадот, во целосна согласност со европските стандарди;	**Клучните цели на РПУО се во согласност со целите на НСУО.** **Цели на РПУО:** **-Понатамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ;** **-Кампањи за подигнување на јавната свест и зголемено учество на јавноста во процесот на донесување на одлуки;** **-Воведување на модерен интегриран систем за управување со отпадот, врз основа на хиерархијата за управување со отпад, истакнувајќи ја потребата за придвижување на практиките подалеку од праксата за отстранување на депонија и поттикнување на превенција, подготовка за реупотреба, рециклирање и друг вид на преработка;** **-Воведување на систем за одвоено собирање на отпад;** **-Затворање, рехабилитација и грижа по затворањето на општинските депонии и нерегулираните депонии.** **Избраното сценарио вклучува:** **-Собирање: систем за собирање во две канти (канта за рециклабилен отпад и канта за преостанат отпад); одвоено собирање на зелен отпад; собирни места** **-Претоварни станици: шест претоварни станици (ПС) во секоја од шесте локални инсталации за управување со отпад (ЛИУО); големи ПС во општините Куманово, Штип и Кочани (стационарен компактор); мали ПС во општините Берово, М. Каменица и Виница (камиони со преса)** **-Третман на кантата за рециклабилен отпад: Инсталација за преработка на материјали (MRF);** **-Третман на кантата за преостанат отпад: МВТ/Биостабилизација** **-Третман на зелен отпад: шест постројки за компостирање во секоја од шесте ЛИУО** **-Санитарна депонија: една централна во Свети Николе ЦИУО** **-Нестандардни и диви депонии: Затворање и рехабилитација**

	-Постепено затворање и/или реконструкција на постојните комунални депонии и/или индустриски еколошки жаришта.	
Национален план за управување со отпад (2021-2031)	**Главни цели на Националниот план за управување со отпад се:** -Понатамошно усогласување со acquis communautaire; -Воспоставување на ефикасна институциска и организациска рамка во сите фази на имплементација на новиот интегриран систем за управување со отпад; -Стабилни финансиски ресурси и воведување на соодветни стимулативни економски механизми за да се обезбеди доволен и сигурен прилив на средства, со цел да се покријат целосните трошоци за обезбедување на интегриран систем за управување со отпад во согласност со принципот „загадувачот плаќа“ и да се овозможат максимални ефекти при инвестициските и оперативните активности; -Обезбедување на текови на приходи за извршување на услугите што ќе ги обезбедува постапно развиваниот систем за управување со отпадот; -Распределување на обврските, задачите, одговорностите и организациски реформи, зајакнување на капацитетите и свесноста на сите чинители во секторот за управување со отпад; -Намалување на влијанијата врз животната средина преку воспоставување на мрежа на техничка инфраструктура со инсталации за управување со отпад; -Разбирање на проблемите со отпадот и улогата на сите чинители и неизбежните промени-политички/структурни, учество на јавноста и поддршка на проектите за управување со отпад; -Воведување на депонии за инертен, опасен и неопасен отпад и други постројки за конечно отстранување на отпадот во потполна согласност со европските стандарди; обезбедување на помалку опасни материи во отстранетите преостанат отпад, кои не смеат да претставуваат нови оптоварувања врз животната средина;	**Целите на РПУО се усогласени со општите цели на НПУО.** **Визија на РПУО: Да обезбеди регионална планска рамка за одржливо управување со отпадот и за обновување на ресурсите преку развивање на интегриран систем за управување со отпадот, со следните цели:** **Цел А: Минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето од создавањето и управувањето со отпад.** **Цел Б: Минимизирање на негативните социјални и економски влијанија и максимизирање на социјалните и економските можности.** **Цел В: Усогласеност со законските барања, квантификувани цели, принципи и политики утврдени во европската и националната правна и регулаторна рамка.**

	-Постепено затворање и/или ремедијација на општинските депонии и/или индустриските жаришта; -Воспоставување на инвентар за депонии и за други оптоварувања врз животната средина што ќе содржи информации за проценетите ризици и измерените влијанија врз животната средина.	
План за управување со отпад од електрична и електронска опрема на Република Македонија, со физибилити студија (2013-2020)	Целта на воспоставувањето на системот за управување со отпадна опрема во земјата е да се постигнат целите на Директивата за отпад од електрична и електронска опрема (OEEO) во однос на количините на одделно собрана отпадна опрема и количините за реупотреба, преработка и рециклирање на отпадната опрема во периодот до крајот од 2016 година.	**РПУО ги презентира квантификуваните цели за отпад од електрична и електронска опрема (OEEO), утврдени со Директивата OEEO 2024/884 што ја изменува и дополнува Директивата 2012/19/ЕУ. Соодветните квантификувани цели за OEEO се пропишани со националниот Закон за електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема кои треба да се постигнат до 2020 година.** **Зелениот отпад и отпадот од електрична и електронска опрема (OEEO) ќе се собираат одвоено. Во случај одредени општини да се премали да организираат одделно собирање, може да се предложат две опции:** **-собирањето да се спроведува еднаш неделно или на две недели со истиот камион за отпад и да се транспортира до најблиската постројка за третман; и** **-да се делегира оваа услуга на општините, одговорни за работењето на MRF.** **Постои потенцијал за реупотреба или размена, особено за материјали, како што е OEEO, во центри за половна опрема. Собирните места можат, исто така, да воспостават центри за реупотреба, особено за OEEO.**
Просторен План на Република Северна Македонија (2020-2040)	Основни цели на Просторниот План се: -Зголемување на вработеноста и постојано подобрување на материјалните, културните, општествените и другите услови за живот и работа на граѓаните, задоволување на потребите и јакнење на материјалната и социјалната сигурност на населението; -Остварување на рамномерен регионален развој, побрз развој на недоволно развиените области; -Користење на депонискиот и биогасот и рециклирањето како начин на заштедување на суровини, природни ресурси и енергија;	**Главната цел на РПУО е да се обезбеди регионална рамка за планирање на одржливото управување со отпадот и за обновување на ресурси преку развој на интегриран систем за управување со отпад.** **РПУО се заснова на хиерархијата за управување со отпад. Хиерархијата ја нагласува потребата за придвижување на практиките за управување со отпад подалеку од отстранување на депонија и поттикнување на превенција, подготовка за реупотреба, рециклирање и друг вид на преработка. Од фундаментално значење за постигнување на овие цели на политиките е признавање и прифаќање од страна на сите целни групи на општеството, како производители на отпад, на нивната одговорност да**

	-Транспортен систем со минимални штетни влијанија на транспортот врз животната средина; -Утврдување на програмски индикатори и мониторинг на здравствената состојба на населението, во релација со квалитетот на животната средина; -Зачувување и заштита на сите подрачја со посебно значајни природни вредности од значење за науката, културата, образованието, рекреацијата и др. **Цели поврзани со отпадот:** -Првата оперативна фаза предвидува реализација на регионална депонија за зоната Штип-Кочани (локација на депонијата: 4 километри југозападно од Штип), додека во втората фаза-оперативна фаза, регионална депонија за зона Пчиња-Крива Река (поширокото подрачје по должината на регионалниот пат 209, на главниот пат помеѓу М-2 и железничката пруга е најсоодветно). За наведените широки области се потребни дополнителни теренски истражувања, со цел да се утврдат микролокации за регионални санитарни депонии. -Регионалната депонија, покрај сите придружни објекти, е неопходна за да се воспостави единствен систем за прифаќање и транспорт на отпадот на ниво на регион, општина и населено место, регулирани со закон. -Селектирањето на отпадот треба да биде пракса во сите средини каде тој се произведува (хартија, стакло, пластика, гуми, алуминиум, бакар, пластика, текстил, јаловина од котлари, градежен шут и др.) што укажува на неопходен пред-третман на посебните текови отпад на местото на создавање заради поедноставување на процесот на отстранување на регионалните санитарни депонии. -Идниот развој на рециклирањето на отпадот, покрај на локално ниво, ќе се постигнува и во приватниот сектор.	**се поддржат и усвојат одржливи практики за управување со отпад, во домашни услови и на работните места.** **Со воведувањето на новите технологии, како и мерки за намалување и минимизирање на негативните влијанија врз животната средина, се очекува дека ќе се намали нивото на загадување на животната средина од сегашното управување со отпадот, со што позитивно ќе се влијае врз здравјето на луѓето и условите за живот. Покрај тоа, ќе бидат достапни нови можности за вработување.** **Сепак, целта на РПУО не е да идентификува специфична локација за идната регионална депонија, туку да се обезбедат информации и упатства за идните процеси на управување со отпадот, можни опции за третман на отпад, како и акциски план за преземање понатамошни чекори со цел да се исполнат националните барања и барањата на ЕУ.**
Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2024-2028) **или**	Националниот план за заштита на квалитетот на воздухот поставува мерки за подобрување на квалитетот на воздухот на целата територија на земјата. Планот е водечки документ за сите идентификувани релевантни институции, задолжени за спроведување на мерки насочени кон	**Една од главните цели на Планот е минимизирање на негативните влијанија и подобрување на квалитетот на воздухот, како и намалување на емисиите на стакленички гасови. При воведувањето на концептот на интегриран систем за управување со отпадот беше индицирано дека тој треба да биде економски и**

Извештај за управување со загадувањето на воздухот во Северна Македонија (2019)	подобрување на квалитетот на воздухот на локално и глобално ниво. Во областа на управувањето со отпадот, од аспект на заштита на воздухот, основната национална цел е да се воспостави систем на соодветно управување со сите видови отпад, со цел да се намали загадувањето на медиумите и областите на животната средина преку почитување на принципите за намалување на количеството на создаден отпад, рециклирање, реупотреба и негово користење како енергетски ресурс пред конечното отстранување. Со цел да се намалат емисиите на стаклени гасови од распаѓањето на отпадот, усвоена е технологија за зафаќање и согорување на метанот, така што метанот од депониските гас би се претворал во CO_2.	**општествено прифатлив, а особено еколошки ефикасен, за да се намалат целокупните оптоварувања на животната средина од управувањето со отпад, како во однос на потрошувачката на ресурси (вклучувајќи енергија), така и во однос на емисиите во воздухот, водата и почвата.**
Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија за период 2008-2020, со визија до 2030 година	Во Стратегијата се поставени цели што треба да се постигнат до 2020 година, во однос на 2006 година: -намалување на енергетската интензивност за минимум 30%, -зголемување на уделот на обновливи извори на енергија до количини повисоки од 20% од вкупната финална потрошувачка на енергија, <u>Главни цели:</u> -Одржување, ревитализација и модернизација на постојната и изградба на нова, современа инфраструктура за потребите на производство и користење на енергијата; -Подобрување на енергетската ефикасност во производството, преносот и користењето на енергијата; -Зголемување на користењето на природниот гас; -Зголемување на користењето на обновливите извори на енергија, -Воспоставување на економска цена на енергијата, -Интегрирање на енергетскиот сектор на Република Северна Македонија во регионалниот и европскиот пазар на електрична енергија и природен гас со изградба на нови конекции и со усогласување на законодавството со постојната правна регулатива на Европската Унија за енергија, животна средина, конкуренција и за обновливи извори на енергија.	**Цели на РПУО поврзани со енергетиката се:** **-Развој на активности за повторно искористување на материјалите во вид на енергија;** **-Поставување и оптимизација на програми за добивање на енергија од отпад од пакување (онаму каде повторното искористување на материјалите не е „изводливо").** ***Обновениот депониски гас (од Избраното сценарио) може да се користи за производство на енергија или да се спалува под контролирани услови за да се елиминира испуштањето на стаклениците гасови во атмосферата. Во текот на првите 5-8 години на работењето, депониските гас ќе се спалува, бидејќи создадениот гас е квантитативно и квалитативно недоволен за производство на енергија. Откако количината и квалитетот на депониските гас ќе се стабилизираат, можат да се спроведат соодветни студии со цел да се тестира оствариливоста на можноста за инсталирање на единица за депониски гас и единица за когенерирање на топлина и електрична енергија.***

Национална Стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 (НСЗРР)	Стратешките цели за Стратегијата се: - Подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор, економската одржливост и приходите на земјоделските фарми - Примена на еколошки практики во производството што водат до намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон нив - Обезбедување одржлив развој на руралните средини	**Мерките и активностите кои се предвидени со РПУО ќе придонесат за заштита на животната средина, што директно или индиректно ќе влијае на земјоделството и руралниот развој.** **Еден од производите кои произлегуваат од Избраното сценарио за управување со отпад е компостот (компостирањето е најпрактичниот и најпогоден начин за справување со органскиот отпад во руралните средини). Тоа е контролирано разградување на органски материјали, како што се лисја, гранчиња, трева, зеленчук и отпад од храна). Без разлика дали компостирањето се врши на самата локација на местото на создавање на отпад или во голема централна постројка, тоа помага да се пренасочи големата количина на органски материјал од депониите и го претвора во корисен производ. Овој компост може да се користи како ѓубриво за земјоделски цели.** **Со РПУО се препорачува депонијата да не се лоцира во близина на земјиште кое се користи за земјоделски цели.**
Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030)	Основни цели на Стратегијата се: -Развој на збир индикатори за мониторинг на одржливиот развој и воспоставување на сеопфатен мониторинг и просторно заснован информативен систем за животната средина. -Поддршка, охрабрување и имплементација на алтернативни системи за заштита и унапредување на животната средина. -Подигање на јавната свест за животната средина во однос на одржливиот развој и идентификување економски и социјални придобивки од одговорното однесување кон животната средина во секојдневниот живот. -Интензивирање на фокусот на алтернативни извори на енергија, кои не се штетни за животната средина, на развојот на еко-туризмот и на производството на здрава храна. -Подобрување и проширување на постоечкиот систем за собирање на отпад; -Затворање на депонии кои не се усогласени со барањата на ЕУ;	**РПУО обезбедува стратешка рамка која ќе му овозможи на Регионот во целина брзо да се ориентира кон поодржливи начини на производство и консумирање на стоки, а потоа со нивно рециклирање и преработка да се добие колку што е можно поголема вредност од создадениот отпад. Главната цел е да се обезбеди рамка за регионално планирање и одржливо управување со отпадот и за обновување на ресурси преку развивање на интегриран систем за управување со отпад. Како што е наведено во РПУО, интегрираниот систем за управување со отпад треба да биде одржлив систем, кој е економски и општествено прифатлив и еколошки ефикасен.** **Превенцијата и минимизирањето на отпадот се поставени на врвот на хиерархијата, бидејќи зачувуваат енергија и природни ресурси, што е од клучно значење за одржлив развој. Повторната употреба и рециклирањето на отпадот ќе овозможат намалување на количеството на искористени природни материјали и енергија.** **Превентивните мерки, исто така, се насочени кон бизнис секторот, т.е. покрај кампањите насочени кон општата јавност и бизнис секторот ќе биде едуциран во однос на минимизирање на количините на отпад.**

	-Воспоставување на модерен регионален систем за управување со отпад. **Воведување на управување со отпад:** Следејќи ги насоките на ЕУ за управување со отпад, ќе се развие соодветна законска рамка која ќе ги опфаќа сите текови на отпад и ќе бидат развиени сите аспекти на управувањето со отпад. Најважните цели се рециклирање и намалување на количеството на создаден отпад. Со ова, се намалуваат ризиците и се задржуваат ресурсите.	**Зафатениот депониски гас (од Избраното сценарио) може да се користи за производство на енергија или да се спалува под контролирани услови со цел да се елиминира испуштањето на стаклениччките гасови во атмосферата.** **Покрај тоа, може да се поведе иницијатива за стимулирање на бизнисите за производство на компост.** **Друга цел на РПУО е затворање, рехабилитација и грижа по затворањето на општинските депонии и на нерегулираните диви депонии.**
Национална стратегија за води (2011-2041)	Главната цел на управувањето со водите е постигнување на интегриран и координиран режим на водите на територијата на Република Северна Македонија. Ова вклучува не само локација и изградба на системи за вода туку, исто така, и квантитативна и квалитативна состојба на водата на начин кој најдобро одговара на одредена локација и одредено време. Главните цели кои треба да се постигнат со интегрираното управување со водите во Република Северна Македонија се: -да се обезбеди доволен квалитет на водата за пиење за јавно снабдување; -да се обезбедат потребни количини на вода со соодветен квалитет за разни комерцијални цели; -да се постигне и да се зачува добар статус на водата на површинските и подземните водни тела; -усогласување на мерките на управување со водите со корисниците од другите сектори. Целта на заштитата на водите е зачувување на здравјето на луѓето и животната средина, што вклучува остварување и зачувување на добра состојба на водата, спречување на загадувањето на водата, како и спречување на хидроморфолошките промени и рехабилитација на статусот на водата каде што е нарушен.	**Целите на РПУО придонесуваат кон исполнувањето на целите од Националната Стратегија за води. Така, една од главните цели на Планот е да се минимизираат негативните влијанија врз квалитетот на водата и водните ресурси, како и заштита и унапредување на квалитетот на водата. Неконтролираното фрлање на отпад претставува ризик од контаминација на површинските и подземните водни тела.** **РПУО идентификува одредени прашања поврзани со влијанието врз животната средина од одредени процеси за управување со отпад:** **-Исцедокот од компостирањето може да биде потенцијална опасност за површинските или подземните води, ако истиот случајно е испуштен без третман. Заради тоа, сите процеси за компостирање треба да се изведуваат на непропустливи површини.** **-Испуштање на исцедокот, исто така, е можно во случај на несоодветен транспорт на отпадот. При плакнење на површините каде што е испуштен исцедок, постои можност да се загадат атмосферските води.** **-Одвоеното и организирано собирање на различни текови отпад за натамошно постапување и предложената опција за третман на отпад се дел од опциите за одржливо и интегрирано управување со отпад. Преземените мерки ќе придонесат за намалување на директното или индиректното загадување на површинските и подземните води.**
Национална стратегија за Механизмот за чист развој (2008-2012)	Двете главни цели на оваа стратегија се: -Да им помогне на земјите од Анекс I во достигнување на нивните квантификувани цели т.е. да им се овозможи на развиените земји да	**Спроведувањето на мерките и активностите предвидени со РПУО ќе придонесе за подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стаклени гасови.**

	постигнат дел од нивната обврска за намалување на емисиите на стакленички гасови преку проекти во земјите во развој или земјите во транзиција кои ги намалуваат емисиите на стакленички гасови преку активности за поттикнување на обновлива енергија, енергетска ефикасност, подобрување на управувањето со отпадот, пошумување и други активности за намалување на емисиите на стакленички гасови. -Да придонесе за одржлив развој во земјите кои не се дел од Анекс I, односно да им се овозможи на земјите во развој да привлечат дополнителни инвестиции за постигнување на своите цели на одржлив развој преку продажба на потврдени намалувања на емисии (CER) како резултат од спроведувањето на МЧР проекти.	**Еден од критериумите за селекција на Избраното сценарио за РПУО е пресметка на нивото на намалување на емисиите на стакленички гасови.**
Национална стратегија за транспорт (2018-2030)	Главните цели на националната транспортна стратегија се: -Зајакнување на интеграцијата во ЕУ и промовирање на регионалната соработка: Меѓународна димензија на сите видови транспорт -Придонес кон подобрување на економската одржливост на национално ниво: Национална димензија на сите видови транспорт и урбан транспорт -Воведување зелена мобилност и логистика фокусирана на еколошкиот учинок на транспортниот сектор -Воспоставување на сигурен и безбеден транспортен систем: сите начини на транспорт и урбаниот транспорт Квантификувани цели: -Конкуренција на основната и сеопфатна патна и железничка мрежа СЕЕТО што минува низ националната територија (дефинирана како сеопфатна мрежа TEN-T во Југоисточна Европа – СЕЕТО/ТеТС) -Подобрување на рангирањето на земјата во индексот на логистички учинок на Светската Банка -Намалување на емисиите на стакленички гасови од транспортот за 15,1% во 2025 година и за 18,6% во 2030 година во споредба со нивоата во соодветните години според сценариото „Не прави ништо"	**Мерките и активностите од РПУО ќе придонесат за исполнување на целите поставени со Националната транспортна стратегија преку:** **-Набавка на нови и поправка на постојните возила за собирање и транспорт на отпад;** **-Имплементација на мерки за намалување на транспортот;** **-Кампањи за подигнување на јавната свест;** **-Имплементација на мерки за безбеден транспорт на отпадот со цел да се избегне секакво истекување кое може да предизвика загадување на почвата или површинските и подземните води.**

	-Намалување на бројот на смртни случаи на патиштата за 50% до 2030 година	
Национална Стратегија и акциски план за биолошка разновидност (2018-2023)[2]	Главната цел на Стратегијата е да се заштити биолошката разновидност и да се обезбеди нејзино одржливо користење заради благосостојба на луѓето, водејќи сметка за уникатните природни вредности и богатата традиција на Република Северна Македонија. Основни цели на Стратегијата се: **-Стратешка цел А: Да се надминат главните/основните причини за губење на биодиверзитетот преку нејзиното интегрирање во општеството** **-Стратешка цел Б: Намалување на директните и индиректните притисоци врз екосистемите и биодиверзитетот** **-Стратешка цел В: Да се подобри состојбата на компонентите на биодиверзитетот со цел да се зголемат придобивките од биодиверзитетот и екосистемските услуги** **-Стратешка цел Г: Да се подобри знаењето за биодиверзитетот и достапноста на сите релевантни информации поврзани со биодиверзитетот.**	**Во споредба со постоечката состојба во управувањето со отпадот во земјата, спроведувањето на мерките и активностите од РПУО во насока на еден нов, подобрен систем за управување со отпад ќе придонесе за подобрување на медиумите во животната средина, а со тоа и избегнување или ублажување на директните или индиректните негативни влијанија врз биолошката разновидност.** **Регионалната депонија ќе има позитивно влијание врз биолошката разновидност на регионално ниво, бидејќи постоечките диви депонии кои предизвикуваат штети на флората, фауната, живеалишта итн. ќе бидат затворени и овие локации ќе се рекултивираат.** **Покрај тоа, за одредени идни проекти, ќе се спроведе постапка за ОВЖС со што ќе се идентификуваат можните негативни и позитивни влијанија врз биолошката разновидност.**
Трет двогодишен ажуриран извештај за климатските промени **Национален извештај за инвентар** **Република Северна Македонија (2020)**	**Севкупна цел:** Да се поддржи Земјата корисник во постигнувањето на долгорочните цели за климатска акција: целосно транспонирање/имплементирање на законодавството на ЕУ што овозможува ниски емисии на јаглерод и развој отпорен на климатските промени на Земјата корисник. **Специфична цел:** • Да се спроведат потребните анализи на тековната состојба и услови во Земјата корисник и да се оцени подготовката на долгорочната Стратегија и Законот за климатска акција, како и да се поддржат усвојувањето и спроведувањето. • Да се воспостави силна и одржлива рамка за координирање на климатската акција преку	**РПУО опфаќа мерки и активности за намалување на емисиите на стакленички гасови кои ќе придонесат за ублажување на климатските промени.** **Се користи метод за пресметување на емисии на стакленички гасови при управување со цврстиот отпад (SWM-GHG калкулатор) со цел да се пресметаат стакленичките гасови во управувањето со цврстиот отпад за сите предложени сценарија.** **РПУО идентификува мерки за соодветно собирање и намалување на емисиите на метан произведени во текот на преработката на отпадот.** **Исто така, планот предлага спроведување кампањи за подигнување на јавната свест во врска со превенција на неконтролирано горење на отпадните материјали.**

[2] За целите на оваа задача, беа анализирани и земени предвид главната цел на Националната стратегија и на Акцискиот план за биолошка разноводност усвоен во 2004 г. Иако треба да се напомене дека се подготвува нова стратегија (ревизија на старата).

	развој на националната стратешка и правна рамка за климатска акција преку долгорочната Стратегија и Законот за климатска акција (Закон), вклучувајќи го и Акцискиот план за почетната фаза на имплементација. • Да се воспостави механизам за мониторинг на емисиите на стакленички гасови во согласност со Регулативата бр. 525/2013 на ЕУ за механизам за мониторинг и нејзините одредби за спроведување. • Да се зајакне административниот капацитет во согласност со пристапувањето во ЕУ за постигнување конкурентна економија со ниски емисии на јаглерод и општество/економија отпорно на климатските промени. • Да се подигне свеста за климатската акција, да се поддржат консултациите со чинителите и да се олесни меѓуминистерската и меѓусекторската соработка за Стратегијата и Законот. **Главни активности:** • **Активност 1:** Почетна фаза • **Активност 2:** Подготвителна анализа/оцена за долгорочната Стратегија и Законот за климатска акција • **Активност 3:** Разработка на нацрт-долгорочната Стратегија за климатски промени • **Активност 4:** Усогласување на националното законодавство со регулативата за мониторинг и известување и последователните измени • **Активност 5:** Разработка и изготвување на Законот за климатска акција • **Активност 6:** Разработка на нацрт-акцискиот план за климатски промени • **Активност 7:** Програма за обука за спроведување на стратешката и законската рамка за климатска акција • **Активност 8:** Подигање на свеста, видливост и консултации со засегнатите страни	**За пресметување на стакленѝчки гасови во управувањето со цврст отпад за Избраното сценарио е користен калкулаторот SWM-GHG[3].**

[3] Стакленѝчки гасови во управувањето со цврст отпад

Имплементација на Акцискиот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението во Република Северна Македонија (2021)	**Цели на мерката за адаптација:** АПТЗ има за цел да го намали сегашниот и идниот морбидитет и морталитет поврзани со екстремни температури и топлотни бранови. Особено, планот и поврзаниот систем за предупредување се фокусираат на најранливите групи на населението: стари лица, доенчиња и деца до пет години, хронично болни лица, лица со прекумерна тежина, работници на отворено и лица чиј социоекономски статус ги прави поранливи на ефектите од климатските промени (пр. бездомници). Здравствениот систем во земјата има важна улога во развојот и спроведувањето мерки за адаптација, превенција и одговор за справување со здравствените ризици поврзани со климатските промени, преку: • Зајакнување на постојните капацитети на јавното здравство за рано откривање и соодветен одговор • Предвидување на последиците од новите болести кои потенцијално се поврзани со климатските промени • Подигање на свеста кај населението за можните врски помеѓу климатските промени и здравјето **Опции за адаптација имплементирани во овој случај:** • Кампањи за подигање на свеста за промена на однесувањето на чинителите • Воспоставување системи за рано предупредување • Акциски планови за заштита од топлина	**Една од клучните цели на планот е да се обезбеди заштита и унапредување на здравјето на луѓето и условите за живот.** **Со преземање на мерки и активности од РПУО во врска со намалувањето на емисиите на стакленички гасови, се очекува ублажување на климатските промени. Тоа ќе има понатамошно позитивно влијание и врз здравјето на луѓето.** **Покрај тоа, препорачана една активност се јавни кампањи во врска со процесите за управување со отпад. Тоа ќе ја подигне јавната свест во врска со процесот на управување со отпад и мерките кои општата јавност ќе треба да ги преземе како глобален учесник во заштитата на можните негативни влијанија од преработката на отпадот.**
Програма за развој на Источен Регион (2015-2019)	Дефинирани се главните среднорочни цели на оваа програма: - Економски развиен регион, широко признат како привлечен за инвестиции - Модерно и квалитетно образование, здравствена заштита и социјални активности - Зачувана и подобрена животна средина - Создадени услови за организирано и поврзано искористување на капацитетите за земјоделски и рурален развој	**Спроведувањето на РПУО ќе придонесе за исполнување на некои од целите на Програмата за регионален развој.** **Имплементацијата на РПУО ќе донесе:** **-Нов, модерен, систем за интегрирано управување со отпад,** **-Имплементација на мерки кои ќе придонесат кон заштитата на животната средина во регионот;** **-Нови можности за вработување;**

	- Источниот регион е туристичка дестинација позната по својата разновидна понуда на селективни видови туризам	**-Подигнување на јавната свест за управување со отпадот.**
Програма за развој на Североисточниот Регион (2021-2026)	Главните стратешки цели на оваа програма се: - Постигнување одржлив економски развој преку зголемени инвестиции, подобра деловна средина и зајакнување на конкурентноста - Развој на човечкиот капитал во регионот преку подобрување на квалитетот и покриеноста на образованието, грижата за децата, квалитетот на здравствените услуги и на социјалните услуги, заштитата и претприемништвото - Подобрување на условите за живот преку подобрување на инфраструктурата, просторното планирање и животната средина - Интеграција на развојот на земјоделството, руралниот развој и туризмот во регионот	**Спроведувањето на РПУО ќе придонесе за исполнување на некои од целите на Програмата за регионален развој.** **Имплементацијата на РПУО ќе донесе:** **-Нов, модерен, систем за интегрирано управување со отпад;** **-Имплементација на мерки кои ќе придонесат кон заштитата на животната средина во регионот;** **-Нови можности за вработување;** **-Подигнување на јавната свест за управување со отпадот.**
План за управување со отпад на општина Пехчево (2013-2019)	Главната цел на овој план е интегрирано управување со цврстиот отпад на целата територија на општина Пехчево. Активностите кои треба да се преземат со цел да се воспостави нов систем за управување со отпад се: -Намалување на нивото на создадениот отпад; -Зајакнување на капацитетите на Јавното комунално претпријатие „Комуналец", Пехчево; -Воведување на рециклирање и реупотреба; -Соодветно отстранување и третман на отпадот; -Надомест за услугата „собирање и транспортирање на комунален отпад" од страна на Јавното комунално претпријатие „Комуналец", Пехчево од селата; -Подобрување на работата на општинската депонија „Старата Корија"; -Воведување на систем за примарна селекција на отпад; -Едукација на населението-подигнување на јавната свест на повисоко ниво.	**Целите на РПУО се во согласност со целите на овој план за управување со отпад на општината.** **Покрај тоа, некои од останатите цели на РПУО се презентирани подолу:** **-Превенција и минимизирање на создадениот отпад;** **-Примарна селекција на отпадот (на изворот);** **-Подготовка за реупотреба, рециклирање и други процеси на преработка;** **-Минимизирање на количините на отпадот наменет за конечно отстранување;** **-Затворање, рехабилитација и грижа по затворањето на општинските депонии и нерегулираните диви депонии;** **-Кампањи за подигнување на јавната свест, дистрибуција на информативни материјали за управување со отпад, итн.**

План за управување со отпад за општина Виница (2013-2019) со програма за управување со отпад	Воведувањето на интегрирано управување со цврст отпад на целата територија на општина Виница е една од клучните цели на Планот за управување со отпад. Постигнувањето на оваа цел се врши со примена на следните мерки: -Воведување на принципот „загадувачот плаќа"; -Образовни мерки и мерки за поттикнување на потребата за намалување на трошоците за собирање на отпад за субјектите кои вршат селекција на отпад; -Комплетна организација на селекција, транспорт и отпад за рециклирање во приватниот сектор (договори за услуги, концесија); -Периодична компресија на отпадот со покривање на отпадот со инертен материјал или почва; -Намалување на количествата на создаден отпад; -Воведување на реупотреба и рециклирање на отпадот; -Соодветно отстранување и третман на отпад; -Зајакнување на капацитетите на Јавното комунално претпријатие „Солидарност"; -Воведување на систем за примарна селекција на отпадот; -Јавни кампањи (едукација) за селекција на отпад и компостирање; Покрај тоа, Планот ги утврдува следните стратешки цели: -Воведување на систем за селекција на отпад на целата територија; -Подобрување на управувањето со општинската депонија; -Регионален пристап за управување со отпад; -Подигнување на јавната свест; -Реупотреба и рециклирање на рециклабилни отпад (јавна кампања за компостирање на отпадот и користењето на овој вид отпад).	**РПУО воведува регионален пристап за управување со отпад, преку спроведување на интегриран систем за управување со отпад на регионално ниво.** **Покрај тоа, истиот вклучува:** **-Превенција и минимизирање на количествата на создаден отпад;** **-Примарна селекција на отпадот (на изворот);** **-Подготовка за реупотреба, рециклирање и други процеси на преработка пред конечното отстранување на отпадот;** **-Безбеден транспорт на отпад за конечно отстранување на депонии;** **-Компост и рециклирање од процесите за третман;** **-Целосно усогласување на постојните депонии со воспоставените стандарди на ЕУ за депонии;** **-Кампањи за подигнување на јавната свест, дистрибуција на информативни материјали за управување со отпад, итн., и за поширокатa јавност и за бизнис-секторот.**
План за управување со отпад за општина	**Главната цел на овој ЛЕАП е да се создадат мерки и активности за заштита и подобрување на животната средина врз основа на консензус**	**РПУО разработува третман на различни видови отпад, од селекција и собирање, преку процесите на повторна употреба и рециклирање, до конечно отстранување. Предлага опции за примарна**

Македонска Каменица (2023-2027)	**помеѓу локалната самоуправа, граѓаните и невладините организации.** **-Изработка на студија за управување со цврст отпад во општината;** **-Воспоставување систем за собирање, транспорт и отстранување на отпад;** **-Имплементирање систем на селектирано собирање на комунален отпад;** **-Финализирање на градежните работи на градската депонија во согласност со сите санитарни и технички барања;** **-Воспоставување катастар на диви депонии, предлог мерки за нивна санација и рекултивација;** **-Соодветно отстранување на болнички и ветеринарен отпад.**	**селекција на отпад, различни видови контејнери и возила за собирање и процеси за третман на отпад. Понатаму, со РПУО се идентификувани и мерки за санација на локациите на дивите депонии.** **Сепак, соработката меѓу главните чинители на национално и локално ниво, како и мерките за зајакнување на административните капацитети треба да се идентификуваат со акцискиот план како дел од РПУО.**

4. РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ ЗА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

4.1. Население и човечко здравје

Источен Регион

Население


Источниот Регион е лоциран во источниот дел на државата и се граничи со Бугарија. Внатрешно, граничи со Вардарски, Скопски, Североисточен и Југоисточен регион. Регионот е поделен на 11 општини: Берово, Чешиново-Облешево, Делчево, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Штип, Виница и Зрновци[4].

Источниот Регион е претежно планински и го опфаќа најисточниот дел од Северна Македонија. Се шири по должината на реката Брегалница, по сливовите на Штип, Малешево, Пијанец и Кочанско поле.



Слика 4. Региони во Република Северна Македонија

[4] Дополнително, општина Свети Николе одлучи да се вклучи во РПУО.



Слика 5. Општини во Источниот Регион

Моменталното население во Источниот статистички регион брои 165.554 жители или 8,24% од вкупното население во земјата според последниот попис на населението во 2021 година. Во споредба со пописот од 2002 година, има намалување од 21,9%. Густината на населението е 42,5/km^2 (16,4 квадратни милји). Општина Свети Николе зафаќа површина од 480 km^2 (1,8% од територијата на земјата) со население 15.320 жители (0,9% од населението на земјата). Источниот регион има површина од ~4.177 km^2 со урбано население 119.037 и рурално население 46.517 жители. Од Источниот Регион, Чешиново-Облешево, Карбинци, М. Каменица, Пехчево и Зрновци се претежно рурални општини.

Табела 6. Преглед на број на жители по општини (со Свети Николе)

	Општина	Население
1	Виница	14.475
2	Делчево	13.585
3	М. Каменица	6.439
4	Берово	10.890
5	Пехчево	3.983
6	Штип	44.866
7	Пробиштип	13.417
8	Кочани	31.602
9	Зрновци	2.086
10	Чешиново-Облешево	5.471
11	Карбинци	3.420
12	Свети Николе	15.320
	Вкупно	**165.554**

Табела 7. Број и удел (во %) на урбано и рурално население на општинско ниво (2021) година[5]

	Берово	Чешиново – Облешево	Делчево	Карбинци	Кочани	М. Каменица	Пехчево	Пробиштип	Штип	Свети Николе	Виница	Зрновци	ВКУПНО
Вкупно население (2021 г.) – број на жители	10.890	5.471	13.585	3.420	31.602	6.439	3.983	13.417	44.866	15.320	14.475	2.086	**165.554**
Урбано население – број на жители	5.850	0	9.644	0	24.632	4.368	2.471	9.760	42.000	11.728	8.584	0	**119.037**
% Урбано население	53,7%	0%	71%	0%	77,9%	67,8%	62%	72,8%	93,8%	76,6%	59,3%	0%	**71,9%**
Рурално население-број на жители	5.040	5.471	3.941	3.420	6.970	2.071	1.512	3.657	2.866	3.592	5.891	2.086	**46.517**
% Рурално население	46,3%	100%	29%	100%	22,1%	32.2%	38%	27,2%	6,4%	23,4%	40,7%	100%	**28,1%**

Промените кај населението обично се резултат на директното влијание на природните промени (раѓања и умирања) и механички промени (миграција). Следната табела ги прикажува основните демографски статистички податоци за Регионот за 2022 година

Табела 8. Основни демографски податоци, Источен Регион, 2022 година[6]

Број на општини	11
Број на населени места	217
Вкупно население, Попис 2022 година	149.145
Густина на населеност, 2022 година	42
Вкупен број на живеалишта, Попис 2022	55.781
Просечен број на членови во домаќинство, Попис, 2022 година	3
Живородени, 2022 година	1.184
Умрени, 2022 година	2.221
Природен прираст, 2022 година	-1.037
Доселени од други држави, 2022 година	28
Отселени во други држави, 2022 година	193
Број на кревети, 2022 година	1.889
Број на туристи, 2022 година	21.579
Број на ноќевања, 2022 година	47.605

Демографските индикатори на регионално ниво покажуваат разлики што укажуваат на диспропорција во територијалната распределба на населението. Најнаселена општина во регионот е општина Штип, а најмалку е Зрновци. Скопскиот регион е најгусто населен, додека Вардарскиот Регион има населеност со најмала густина. Исто така, постојат разлики во


[5] Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија и нацрт РПУО
[6] Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

старосната структура на населението. Најголем удел на младото население (0-14) е регистриран во Полошкиот и Скопскиот Регион, додека најмал е во Источниот Регион. Најголем удел на постаро население (65+) е забележан во Пелагонискиот и во Источниот Регион, додека најмал е во Полошкиот Регион. Показателите за просечната возраст на населението, исто така, ја потврдуваат оваа состојба. Разликите се видливи и во бројот на раѓања и смртни случаи. Во седум региони, како резултат на неповолната старосна структура и ниската плодност, бројот на смртни случаи го надминува бројот на раѓања.

Источниот Регион придонесува во БДП на земјата со 7,95% во 2022 година. Неговата економија е проциклична и динамиката на економијата на земјата е мултиплицирана и во позитивни и во негативни насоки. Структурата на регионалната економија е исто така значително различна од структурата на економијата на Република Северна Македонија. Податоците објавени од националниот Завод за статистика покажуваат дека Североисточниот Регион има помал удел на својот производ заснован на трговија (најсилниот придонесувач кон бруто додадената вредност во земјата) и поголема зависност од земјоделските активности. Дополнително, во споредба со просекот на земјата, постои релативно низок развој на високотехнолошки индустрии со висока додадена вредност, како што се информатиката и научните услуги.

Нема официјални податоци за просечниот приход или расход на домаќинствата на регионално или општинско ниво. Така, годишниот приход по домаќинство во Источниот Регион е пресметан на 97,6% од просечниот БДП по глава на жител на земјата. Најголемите индустрии во регионот се рударската и преработувачката индустрија и индустријата за недвижности. Според официјалните статистички податоци, преработувачката индустрија има доминантна улога во производството во регионот со бруто додадена вредност од 36%. Следуваат недвижностите со учество од приближно 18,2% од бруто додадената вредност во производството.

Структурата на невработените лица во Источниот Регион, во споредба со просекот на земјата, како вкупно, така и според пол и место на живеење, покажува дека невработеноста и во урбаните и во руралните делови на регионот е под националниот просек, особено кај жените, што се должи на големото учество на текстилот во структурата на индустријата. Стапката на невработеност во Источниот Регион за 2021 година е поповолна со стапка од 6,4%, што е речиси три пати пониска од националната стапка на невработеност (15,7%).




Слика 6. Процена на населението во Источниот Регион на 30.06.2022 година, според пол и петгодишни возрасни групи, NUTS 3

Североисточен Регион

Население

Североисточниот Регион граничи со Србија на север и со Бугарија на исток, додека внатрешно; се граничи со Скопскиот и Источниот статистички регион. Североисточниот статистички регион е поделен на шест општини: Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце, Старо Нагоричане. Североисточниот Регион се простира долж реките Пчиња и Крива Река. Тој е еден од најмалите региони, зафаќа само 9,3% од вкупната површина на земјата.



Слика 7. Општини во Североисточниот Регион

Моменталното население на Североисточниот статистички регион е 152.982 жители или 8,2% од вкупното население на Република Северна Македонија, според последниот попис во 2021 година. Во споредба со пописот од 2002 година, има намалување од 12,9%. Густината на населението е 75/ km^2 (190/кв.м). Североисточниот Регион има површина од ~2.319 km^2 со урбано население 92.389 жители и рурално население 58.449 жители.

Табела 9. Население во општините од Североисточниот Регион (Попис 2021 година)

Општина	Население
Куманово	98.104
Кратово	7.545
Ранковце	3.465
Липково	22.308
Старо Нагоричане	3.501
Крива Паланка	18.059
Вкупно	**152.982**

Промените во населението обично се резултат на директното влијание на природните промени (раѓања и смртни случаи) и механичките промени (миграција). Следната табела ги прикажува основните демографски податоци за Регионот.

Табела 10. Број и удел (во %) на урбано и рурално население во Североисточниот Регион на општинско ниво [2021 година]

	Куманово	Кратово	Ранковце	Липково	Старо Нагоричане	Крива Паланка	Вкупно
Вкупно население (2021 година) – број на жители	98.104	7.545	3.465	22.308	3.501	18.059	**152.982**
Урбано население – број на жители	75.051	5.401	0	0	0	13.481	**93.933**
% Урбано население	76,5%	71,6%	0%	0%	0%	76,6%	**61,4%**
Рурално население – број на жители	23.053	2.144	3.465	22.308	3.501	4.578	**59.049**
% Рурално население	23,5%	28,4%	100%	100%	100%	25,4%	**38,6%**

Табела 11. Основни демографски податоци, Североисточен Регион, 2022 година


Број на општини	**6**
Број на населени места	207
Вкупно население. Попис 2022 година	152.982
Густина на населеност, 2022 година	76
Број на живеалишта, Попис 2021 година	68.580
Просечен број на жители по домаќинство, Попис, 2021 година	3,1
Живородени, 2022 година	1.468
Умрени, 2022 година	1.738
Природен прираст, 2022 година	379
Доселени од други држави, 2022 година	83
Отселени во други држави, 2022 година	19
Број на туристи, 2022 година	10.430
Број на ноќевања, 2022 година	19.588

Забележано е дека 79,8% од населението е концентрирано во двете најгусто населени општини – Липково и Куманово, додека останатите општини припаѓаат на зоната на слабо населени места. Повеќе од половина (62,9%) од населението е урбано население (Куманово, Кратово и Крива Паланка). Останатите три општини се рурални. Од Североисточниот Регион, Ранковце, Липково и Старо Нагоричане се претежно рурални општини. Во однос на старосната структура на населението, младото население (0-14) има учество 17%.

Североисточниот Регион е најмалиот придонесувач во БДП на земјата, придонесувајќи со 4,8% во 2022 година. Неговата економија е проциклична и динамиката на економијата на земјата овде е мултиплицирана и во позитивни и во негативни насоки. Структурата на регионалната економија е исто така значително различна од структурата на економијата на Република Северна Македонија. Податоците објавени од националниот Завод за статистика покажуваат дека Североисточниот Регион има помал удел од својот производ заснован на трговија (најсилниот придонесувач кон бруто додадената вредност во земјата) и поголема зависност од земјоделските активности. Дополнително, во споредба со просекот на земјата, постои релативно низок развој на високотехнолошки индустрии со висока додадена вредност, како што се информатиката и научните услуги. Вреди да се напомене дека во 2021 година, БДП по глава на жител и за Република Северна Македонија и за Североисточниот Регион покажува многу значаен пораст од 23% и 26,8%, соодветно.

Најголемите индустрии во регионот се трговијата на големо и мало и јавната администрација и одбраната. Според официјалните статистички податоци, трговијата на големо и мало има доминантна улога во производството во Североисточниот Регион со бруто додадена вредност од 23%. Јавната администрација и одбраната следат со учество од приближно 19,5% од бруто додадената вредност во производството. Нема официјални податоци за просечниот приход или расход на домаќинствата на регионално или општинско ниво. Така, годишниот приход по домаќинство во Североисточниот Регион е пресметан дека е 57,5% од просечниот БДП по глава на жител на земјата.

Структурата на невработените во Североисточниот Регион, во споредба со просекот на земјата, е многу неповолна и генерално и според полот и местото на живеење. Врз основа на статистичките податоци за годините 2018-2020, сиромаштијата и понатаму е на високо ниво во Северна Македонија - со повеќе од 20% од населението кое живее во сиромаштија. Стапката на невработеност за 2021 година во земјата е околу 15%, додека ситуацијата во Североисточниот Регион е полоша, со двојно поголема стапка од околу 30%. Тоа е особено точно за младите луѓе, особено заради несовпаѓањето на вештините. Други големи проблеми се долгорочната невработеност и ниското учество на жените на пазарот.



Слика 8. Процена на населението во Североисточниот Регион од 30.06.2022, според пол и петгодишни возрасни групи, NUTS 3

Државен завод за статистика (2023 година) „Регионите во Република Северна Македонија, 2023 година“

4.2. Климатски карактеристики и квалитет на воздухот

Источен Регион

За Северна Македонија, најважни климатски фактори се географската положба, релјефот, оддалеченоста на блиските морија и атмосферските струи.

Северна Македонија се наоѓа во умерената климатска зона и е поблиску до екваторот отколку до Северниот пол. Затоа добива доволно топлина за раст на флората и фауната во текот на поголемиот дел од годината. Поради својата положба, во Северна Македонија има четири различни сезони. Летото трае од 22 јуни до 23 септември, а зимата трае од 22 декември до 21 март.

Близината на Егејското Море од само 60 km и Јадранското Море од 80 km во голема мера влијае врз климата во Северна Македонија. Тоа е особено забележливо во долините на реките Вардар и Струмица и во помала мера на Црн Дрим, каде што продираат топли и влажни воздушни маси.


Освен морињата, климата во земјата е под влијание и на Атлантскиот Океан, од каде што продираат влажни воздушни маси, особено во пролет и есен.

Релјефот со својата надморска височина и положба значително влијае врз климата во земјата. Високите планини во западните и јужните делови на Северна Македонија ги спречуваат топлите и влажни морски влијанија длабоко да навлезат во внатрешноста. Нивното продирање е можно само преку долините на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим. Од друга страна, умерено високите планини и широките долини во северниот дел овозможуваат продирање на ладни воздушни маси од север. Затоа во зима, дури и во најјужните делови на земјата, температурите можат да бидат многу ниски. Покрај планините, значително влијание имаат и долините. Некои долини се опкружени со планини од сите страни, па во зима нивните најниски делови можат да станат многу ладни. Други долини се исполнети со езера кои не дозволуваат околниот воздух да стане премногу топол во лето или премногу ладен во зима.

Умерено-континентална клима со некои мали медитерански влијанија се среќава во долината на реката Вардар, од Демир Капија на југ до Скопје и Куманово на север, потоа по течението на реката Брегалница до Кочани на исток и Црна Река до Мариово на запад. Тука зимскиот мраз е честа појава. Температурата може да падне дури и под 20°C, додека во лето може да достигне до 45°C. Судејќи според просечните врнежи од само 400-500 mm/год., ова подрачје е едно од најсушните во Европа, со што има изглед на степа и полупустина. Интересно е да се забележи дека во долината на Вардар има силни ветрови, особено во Овче Поле и во близина на Демир Капија, и поради ова се планира изградба на ветерни електрани.

Делчевската долина има типична **умерено-континентална клима**, со студени зими и многу топли лета. Тука има малку повеќе врнежи дожд (околу 600 mm), но сепак се недоволни и негативно распределени во текот на целата година. Повисоките долини (Крива Паланка, Берово) имаат **континентална клима**, со студени зими (до -32°C) и свежи лета (до 35°C) и не многу силни ветрови.

Високопланинските области имаат сурова **алпска клима**, студени зими и лета, со просечни годишни температури од околу 0°C и врнежи од околу 1.000-1.200 mm, во текот на зимата во форма на снег. Снегот обично се задржува од ноември до мај, а на највисоките засенчени страни до август.



Слика 9. Климатска карта во Источен Регион

На национално ниво, започна изработката на Долгорочната стратегија и Законот за климатска акција, со поддршка на ИПА II фондовите. Долгорочната стратегија и Законот за климатска акција ќе ја постават стратешката и правната рамка за интегрирање на политиките за енергија и клима што ќе бидат усогласени со политиките на ЕУ за клима и енергија до 2030 година со перспективи до 2050 година.

Извештајот за стратешка оцена на животната средина за Просторниот план на Источниот плански регион за периодот 2013-2030 година и Нацрт-просторниот план на Источниот плански регион за периодот 2013-2030 година, кој најверојатно ќе биде првиот просторен план за планскиот регион во Републиката, се значајни во Северна Македонија.

Во рамките на проектот за општински стратегии за климатски промени, поддржан од УСАИД, беа развиени општински стратегии за климатски промени. Од 10 општини во Република Северна Македонија каде што се подготвени вакви документи, три се во Источниот плански регион за општините Делчево, Пехчево и Виница.

Во Источниот плански регион, најранливи во однос на климатските промени се сливот на реката Брегалница и Осоговските Планини, каде што има честа појава на ерозија на почвата, ризик од поплави, недоволни количини на вода, намалување на земјоделското производство, како и нарушување на биолошката разновидност, итн. За Осоговските Планини е завршен процесот на нивно признавање како заштитено подрачје од категорија V – Заштитен предел.

Североисточен Регион

Според податоците (Лазаревски, 1993 год.), во западниот (долниот) дел од Североисточниот Регион доминира умерено-континентална (топла континентална) клима, во Источниот дел

доминира постудена континентална клима, додека на планините над 1000 m надморска височина е типично планинска клима.

Температура на воздухот – Просечната годишна температура во периодот 1951-1980 година се движи од 11,8°C во Куманово до 10,2°C во Крива Паланка. Ова се должи на слабеењето на медитеранското влијание што доаѓа по долината на реката Вардар преку Пчиња, како и на зголемувањето на надморската височина. Апсолутните минимални температури се движат од -20°C во јануари во Кратовското подрачје, -21°C во Крива Паланка до -24°C во Куманово поради неговата отвореност кон север. Апсолутните максимални температури на воздухот се јавуваат во летниот период (во август), и се движат од 40°C во Куманово, 38°C во Кратово, до 36,6°C во Крива Паланка. Очигледно е дека температурите во лето може многу да се зголемат во ниските котлински подрачја (Лазаревски, 1993).


Температурите се пониски на блиските планини, т.е. во просек се пониски за 6-7°C на 1.000 m надморска височина. Така, просечните годишни температури на Осоговските Планини и Скопска Црна Гора, на околу 1.500 метри надморска височина, се околу 7°C, а на Осоговските Планини на 2.000 m надморска височина – околу 4°C. Во зима, има инверзија на температурите, односно во котлините се пониски отколку во повисоките планински подрачја.

Сончева светлина – Подрачјето на Североисточниот Регион се карактеризира со многу сончева светлина, чиј годишен просек се движи од 2.300 часа во Кратово, 2.291 часа во Крива Паланка до 2.168 часа во Куманово. Максималната сончева светлина се постигнува во летните месеци, особено во јули, а минималната е во зимските месеци - декември и јануари. На планините во регионот нема значителна промена на времетраењето на сончевата светлина, така што е речиси исто како она во наведените метеоролошки станици.

Врнежи – Просечната годишна количина на врнежи во Североисточниот Регион на Република Северна Македонија се движи од 549 mm во Куманово, 656 mm во Крива Паланка до 728 mm во Кратово. Според податоците за средните количини на врнежи, во наведените станици се констатира дека има релативно мали количини, но тие се исто така релативно редовно распределени во текот на годината. Месецот мај е исклучок, со поголеми количини. Количините на врнежи на повисоките места, т.е. планините, се нешто поголеми. На високите планински делови, врнежите во зима паѓаат во форма на снег. Снегот се задржува 5-6 месеци на Осоговските Планини, 3-4 месеци на Скопска Црна Гора и 2-3 месеци на Козјак, Герман и Билино.

Ветрови – Ветровите се посебен метеоролошки феномен, зашто дуваат од различни насоки во регионот. Ветровите од северниот квадрант доминираат во Кумановскиот регион, додека североисточниот ветер доминира во Крива Паланка, односно по долината на Крива Паланка.

Климатски типови – Североисточниот Регион на Република Северна Македонија се карактеризира со топла варијанта на умерено-континентална клима присутна во пониските делови; ладна умерено-континентална клима карактеристична за подрачјата од 500-1.000 m и планинска клима, која е типична за подрачјата над 1.000 m надморска височина.



Слика 10. Климатска карта во Североисточниот Регион

4.3. Вода

Источен Регион

Од хидрогеолошки аспект, делницата Црна Скала-Виница се состои од терени со различна водопропустливост. Според геолошката структура на теренот, постои тип на водоносен слој со слободно ниво формиран во области со интергрануларна порозност, т.е. во кватернерниот и плиоценот. Во еоценските седименти материјалите се хидрогеолошки комплекси во кои постојат посебни слоеви за хидрогеолошко собирање и изолација. Дифузните водоносни слоеви се формирани во гранитите и гнајсевите. Тие се слабо пропустливи за вода и формираните водоносни слоеви не се изобилни, обично од 0,1 до 1,0/ sec.


Во длабочина овие карпести маси се покомпактни, на површината има некои пукнатини и, во тој дел, имаат функција на хидрогеолошки колектори, додека во длабочина се хидрогеолошки изолатори. Како условни безводни терени во истражуваното подрачје се цврсто поврзаните полускаменети карпести маси претставени со еоценските седименти. Како дел од карактеристичните типови на водоносни слоеви, од аспект на режимот на подземните води (надополнување, движење на подземните води, осиромашување и ниво на подземните води), можеме да заклучиме дека од геолошката структура на теренот, главен фактор за формирање на водоносни слоеви се постојаните и повремените реки и потоци, како и атмосферските врнежи (дожд, снег), кои се главен извор на надополнување на водоносни слоеви.

Карпестите маси по трасата на делницата Виница - Штип по својата хидрогеолошка функција се карактеризираат како типични хидрогеолошки колектори, релативни хидрогеолошки изолатори и хидрогеолошки изолатори.

Главна хидролошка карактеристика на овој терен, по целата должина на Кочанско Поле, е реката Брегалница со нејзините леви притоки: Пекљанска, Осојница, Зрновска, Козјачка и нејзините десни притоки: Оризарска, Кочанска и Злетовска река.

Во сушни периоди од годината, можно е нивните водотеци да го намалат течењето на водата, додека некои повремено пресушуваат. Другите клисури беа безводни за време на цртањето. Ова покажува дека по течението на реката Брегалница и нејзините притоки постојат типични геолошки предуслови за формирање на водоносна зона. Според структурниот тип на порозност на карпите во сливот на реката Брегалница, постојат четири типа на водоносни слоеви:


- Компактен тип на водоносни слоеви
- Пукнатински тип на водоносни слоеви
- Карстен тип на водоносни слоеви
- Терени со слаб изданок на бунари и безводни терени.



Слика 11. Хидрогеолошка карта на сливот на реката Брегалница

Извор: Проект за управување со сливот на реката Брегалница, 2016 година

Во хидрографската мрежа на речниот слив на Брегалница, Источниот дел се одликува со реки кои имаат постојан и пороен тек. Поголеми реки се: Зелевица, Ратевска, Осојница, Смиљанска, Блатечка, Градешка, Грабовска и Сува Река. Од нив, реките Брегалница и Ратевска Река се најбогати со вода и заради тоа се користат како акумулациони системи за електрична енергија (брани Калиманци и Ратевска).



Слика 12. Хидрографска мрежа на речниот слив на Брегалница

Со својата должина, **Брегалница** е најдолгата притока на Вардар. Извира под врвот на Ченгино Кале на Малешевски Планини на висина од 1,720 m и се влева во Вардар меѓу селата Ногаевци и Уланци, на надморска височина од 137 m. Просечниот проток на вода на сливот е 28 m^3/s (максимален проток на водата 640 m^3/s, додека кога протокот на водата е минимален, речното корито е суво). Нејзината вкупна должина е 225 km, областа на сливот е 4.307 km^2 и релативно просечен пад од 7%. По течението, низ Малешевските Планини Брегалница има многу развиено сливно подрачје. Во Беровската долина, реката е прилично широка и бавна и акумулира значаен речен материјал/нанос. Во селото Будинарци, речната долина е широка 500-600 m, додека од селото Разловци, влегува во клисурата Разловци, долга 19,1 km. Во клисурата има одредени ерозивни проширувања, како она во близина на село Митрашинци. По Разловечката клисура, Брегалница тече низ Делчевското Поле, каде се таложат значајни количини чакал и песок, заради што во одредени делови, текот на реката се дели на повеќе притоки. Горниот тек на Брегалница е во Пијанец и Малеш. Во овие области течнието е во правец од југ кон север, односно има меридијански правец. Од сливот на Очипалска Река до селото Истибања, односно до влезот во Кочанската котлина и понатаму до сливот во Вардар, Брегалница тече од исток кон запад во напореден правец. Низ долината Истибања, течението на реката Брегалница има должина 39 km. Таму е изградено езерото Калиманци, кое се користи за наводнување на околу 28.000 хектари обработливо земјиште во Кочанско и Овче Поле.

Брегалница навлегува во Кочанската котлина, кај селото Истибања, тече речиси низ средината и го минува селото Крупиште, каде на запад е создадена кратка речна долина. На дното од долината, Брегалница е река од рамничарски тип со просечен наклон од само 1,8%. Поплавено од талозите и поројните дождови, речното корито е плитко и нестабилно, поради што реката често се излева.

Од речната клисура во Штип, до вливот во реката Вардар, Брегалница минува низ младите палеогени и неогени седименти и речното корито е криволиниско. Ова е областа Слан Дол.

Во својот тек, Брегалница има 23 притоки кои се подолги од 10 km. На десната страна се влеваат 10 притоки со вкупна должина од 241 km, додека од левата страна има 13 притоки со вкупна должина од 260 km. Долините на сите притоки се моногенетски, за разлика од долината на Брегалница која е полигенетска. Тие се развиле како притоки на поединечните езерски басени и со течението надвор од езерото, нивните води станале притоки на Брегалница. Во планинските области нивните долини се длабоки и во облик на буквата V.

Вдлабнувајќи се во поранешните езерски сливови, нивните долини се проширени, додека падините на долините се намалени. Денес тие обично имаат симетрични долински падини.

Десни притоки на Брегалница

Националната еколошка мрежа опфаќа кохерентна еколошка мрежа од основни области, коридори, тампон зони и подрачја за развој на природата, што доведува до една од најефикасните мерки за заштита на видовите и живеалиштата.

Развојот на Националната еколошка мрежа во Северна Македонија (МАК- НЕН) се случи во 2009 година, придонесувајќи кон Паневропската еколошка мрежа (PEEN). Целта на МАК- НЕН е да понуди одлучувачки инструмент за постигнување ефикасно разгледување на извонредниот и богат биодиверзитет во Северна Македонија во однос на управувањето со земјиштето и користењето на земјиштето и да го зачува како витален ресурс што ќе го користат и уживаат идните генерации.

- Емералд мрежа / Натура 2000:

Емералд мрежата е мрежа од подрачја од посебен интерес за зачувување, назначени за зачувување на мрежата на природни живеалишта и е развиена на територијата на страните на Бернските конвенции. Главниот мотив за развој на оваа мрежа е да се придонесе кон еколошката мрежа Натура 2000 во земјите кои не се членки на Европската Унија, користејќи што е можно посличен методолошки пристап.

Табела 63. Емералд мрежа [Североисточен Регион]

Бр	Локалитет	Датум на објава	Шифра	Земја	Регион
1	Богословец	01/01/08	MK0000010	MK	Источен / Североисточен
2	Герман – Пчиња	01/01/08	MK0000029	MK	Североисточен

- Балкански зелен појас:

Идејата за воспоставување зелен појас по должината на границата на поранешната „железна завеса" помеѓу Истокот и Западот за време на Студената војна беше иницирана во 2002 година од страна на **BUND** и **BfN** врз основа на различни постоечки регионални иницијативи, а првите

конференции за Европскиот зелен појас беа организирани заедно во текот на 2003 и 2004 година, со цел да се постават темелите за еколошката мрежа да служи како глобален симбол на прекугранична соработка со цел заштита на природата и одржлив развој.

7. ЦЕЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВОСПОСТАВЕНИ НА НАЦИОНАЛНО ИЛИ МЕЃУНАРОДНО НИВО

Од своето осамостојување, Република Северна Македонија има силни заложби и постојано се стреми кон стабилна политичка и економска заедница, со правен систем што овозможува интеграција во Европската Унија и поширокаата меѓународна заедница.

Еден од најголемите предизвици за политиката за животна средина е постигнувањето рамнотежа помеѓу економската и социјалната димензија на развојот, од една страна, и заштитата на животната средина од друга страна, што изискува зголемена употреба на економски инструменти насочени кон заштита на животната средина.

Основните принципи за заштита на животната средина се утврдени со ***Уставот на Република Северна Македонија*** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 09-184/2019 (Амандман XXXIII, XXXIV, XXXV А и XXXVI)), како врховен правен документ во земјата. Уставот пропишува дека еден од основните принципи на фундаменталните вредности е регулирањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата. Понатаму, една од основните слободи и човекови права е правото на чиста и здрава животна средина, но исто така е обврска на граѓаните да ја унапредуваат и заштитуваат животната средина, а државата е должна да обезбеди услови за спроведување на ова право дадено на граѓаните (член 43).

Водејќи се од овие уставни одредби, Република Северна Македонија поактивно ги применува механизмите за интегрирање на прашањата за животната средина во сите секторски политики. Основните цели за воспоставување функционален и ефикасен национален систем за управување со животната средина се поврзани со:

- Продолжување на процесот на апроксимација на политиките на ЕУ во областа на животната средина;
- Интеграција на политиките за заштита на животната средина со други секторски политики;
- Зајакнување на административните капацитети потребни за ефикасно управување со заштитата на животната средина;
- Обезбедување платформа за ефективно спроведување и извршување на барањата за заштита на животната средина преку зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со заштитата на животната средина на сите нивоа на управување и преку постигнување блиска соработка помеѓу надлежните органи на хоризонтално и вертикално ниво;
- Поттикнување на индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина за поголема одговорност за заштита на животната средина;
- Решавање на проблемите во животната средина кои се од национално значење;
- Зголемување на степенот на исполнување на обврските што произлегуваат од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина;
- На крај, но не и најмалку важно, е зголемувањето на нивото на инвестиции во животната средина за постигнување на стандардите на ЕУ.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- Подобрување на квалитетот на животот и здравјето и зголемување на животниот стандард;
- Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленѝчки гасови;
- Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата;
- Заштита и унапредување на биодиверзитетот и природното наследство;
- Зачувување на пределските карактеристики;
- Заштита на материјалните добра;
- Заштита и промоција на културното наследство.

Управувањето со отпад е важно прашање со кое се соочува глобалната заедница во XXI век. Прашањата за управување со отпад во однос на правото на чиста и здрава животна средина се предмет на значителен број законски, стратешки, плански и програмски документи на национално ниво, како и меѓународни договори и политики.

Една од најзначајните меѓународни конвенции на која Северна Македонија е страна е Базелската конвенција, ратификувана и објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 49/97. Сеопфатната цел на оваа конвенција е заштита на здравјето на луѓето и животната средина од негативните ефекти на опасниот отпад. Се однесува на видовите „опасен отпад" врз основа на нивното потекло и/или состав и нивните карактеристики, како и на „друг отпад" (отпад од домаќинствата и пепел од инцинератори). Главните цели на Конвенцијата се:

- Намалување на создавањето на опасен отпад и поттикнување на еколошки здраво управување со опасниот отпад, секогаш кога е можно на местото на отстранување;
- Намалување на прекуграничните движења на опасен отпад, освен кога се смета дека е во согласност со принципите на еколошки здраво управување; и
- Регулаторен систем што се применува во случаите каде што прекуграничните движења се дозволени.

Други конвенции и протоколи ратификувани од Република Северна Македонија, како и други меѓународни документи поврзани со управувањето со отпад се:

- Женевска конвенција за далекусежно прекугранично загадување на воздухот, на која Северна Македонија е страна (со сукцесија од СФРЈ во 1997 година). Во 2010 година, Северна Македонија ратификуваше дополнителни 8 протоколи кон оваа Конвенција: EMEP протокол; Протокол за намалување на емисиите на сулфур или нивните прекугранични флуксеви за најмалку 30 проценти; Протокол за контрола на азотни оксиди или нивните прекугранични флуксеви; Протокол за контрола на емисиите на испарливи органски соединенија или нивните прекугранични флуксеви; Протокол за понатамошно намалување на емисиите на сулфур; Протокол за тешки метали; Протокол за перзистентни органски загадувачи (POP) и Протокол за намалување на ацидификацијата, еутрофикацијата и приземниот озон;
- Рамковна конвенција на ООН за климатски промени (Њујорк, мај 1992 година) објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 6/97 и стапи во сила од 28 април 1998 година;

- Кјото протокол кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/04);
- Виенска конвенција за заштита на озонската обвивка (Виена, март 1985 година) („Службен весник на СФРЈ" бр. 1/1990), ратификувана од Република Македонија на 10 март 1994 година;
- Монтреалски протокол за супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка (Монтреал, септември 1987 година), ратификуван од Македонија на 10.03.1994 година;
- Амандман на Монтреалскиот протокол (усвоен на вториот состанок на договорните страни во Лондон, на 29 јуни 1990 година) („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/98);
- Амандман на Монтреалскиот протокол (усвоен на четвртиот состанок на договорните страни во Копенхаген, на 25 ноември 1992 година) („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/98);
- Стокхолмска конвенција за заштита на здравјето на луѓето и животната средина од перзистентни органски загадувачи, потпишана од Република Македонија на 23 мај 2001 година и ратификувана на 19 март 1994 година;
- Еспоо Конвенција за Оцена на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст (февруари 1991 година) („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99);
- Архуска конвенција за Пристап до информации, учество на јавноста во донесувањето одлуки и пристап до правда за прашања поврзани со животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/99);
- Конвенција од Рио за биолошка разновидност, ратификувана од Република Македонија на 02.12.1997 година („Службен весник на РМ" бр. 54/97)
- Комуникација од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Економскиот и Социјалниот комитет и Комитетот на регионите (Нашето животно осигурување, нашиот природен капитал: стратегија на ЕУ за разновидност до 2020 година).
- Закон за ратификација на амандманот од Кигали на Монтреалскиот протокол за супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка, „Службен весник" бр. 34/2020
- Закон за ратификација на амандманот од Доха на Протоколот од Кјото кон Рамковната конвенција на Обединетите Нации за климатски промени, „Службен весник" бр. 152/2019 од 25.07.2019 година
- Закон за ратификација на Парискиот договор, „Службен весник" бр. 161/2017

7.1. Цели на стратешката оцена на животната средина

Целите на заштитата на животната средина се изразуваат преку целите на стратешката оцена на животната средина. Употребата на цели за животната средина е вообичаен метод за спроведување на СОЖС за да се оцени дали Планот се движи кон или оддалечува од поставените цели.

Целите за животната средина беа развиени во фазата на Определување на обемот за секоја Тема на СОЖС. Оваа листа на цели потоа беше проширена за да вклучи некои Теми на СОЖС кои не беа провизорно исклучени. Во раните фази од процесот на СОЖС беше идентификуван збир на дополнителни критериуми со цел да се земе предвид опсегот на прашања за животната

средина од особена важност за управувањето со отпад и да се поддржи конзистентноста на пристапот на оценатa.

Целите на стратешката оцена на животната средина се прикажани преку состојбата на: населението, здравјето на луѓето, биодиверзитетот, водата, воздухот, почвата, природното и културното наследство, материјалните добра, пределот и интеракцијата меѓу нив.

Табела 64. Поврзаност помеѓу целите на СОЖС и целите на Планот

Тема на СОЖС	Главни цели на СОЖС	Специфични цели на СОЖС	Поврзаност на целите на СОЖС со целите/активностите на Планот	Индикатори за СОЖС
Населението и здравје на луѓето	*Подобрување на условите за живот на населението*	-Создавање услови за подобрување на здравјето на луѓето; -Заштита на условите за живот на локалните жители од негативните ефекти од управувањето со отпад; -Минимизирање на негативните влијанија од активностите за управување со отпад врз здравјето и благосостојбата на луѓето; -Зголемување на свеста и подобрување на можностите за вклучување на јавноста и заедницата и едукација за управувањето со отпад; -Поттикнување на одржлив економски раст, обезбедување можности за вработување и поттикнување на економска инклузија.	-Воспоставување на интегриран ефикасен и ефективен пристап кон управувањето со отпад во регионот (инсталации за третман на отпад, затворање и санација на постојните депонии итн.); -Надминување на ефектите врз здравјето на луѓето поврзани со управувањето со отпад; -Производство на компост и други рециклирани материјали, можно искористување на енергетската вредност на отпадот; -Затворање и санација на депониите оценети како ризични за луѓето и здравјето на луѓето; -Изградба на инфраструктура потребна за регионално управување со отпад; -Создавање нови работни места; -Зголемување на приходите и подобар животен стандард, -Подготовка кампањи за подигање на јавната свест, зголемување на вклученоста на јавноста.	-Број на примени поплаки од жителите во врска со негативните ефекти од операциите за управување со отпад врз животната средина, здравјето на луѓето и нивната благосостојба; -Здравствена состојба на населението во споредба со статистиката пред фазата на имплементација на активностите на РПУО; -Трендови на опасности и инциденти поврзани со објектите за управување со отпад и сообраќајот; -Трендови на генериран, собран, повторно употребен, третиран и отстранет отпад; -Број на институции и поединци кои учествуваат во одделно собирање на отпад; -Број на продадени половни производи; -Приход остварен од управување со отпад; -Трендови на произведена енергија/топлина од отпад; -Стапка на очекуван животен век; -Стапка на вработеност; -Број на кампањи за подигање на јавната свест и активности за обука кои ја едуцираат и вклучуваат јавноста; -Процент на население таргетирано со кампањите.

Биолошка разновидност, флора и фауна, живеалишта	*Заштита и поттикнување на биолошката разновидност и природното наследство*	-Да се преземат иницијативи за намалување на притисокот врз екосистемите и биодиверзитетот и да се промовира нивното одржливо користење; -Да се намалат директните и индиректните притисоци врз екосистемите и биодиверзитетот; -Да се подобри состојбата на биодиверзитетот преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност со цел да се зголемат придобивките од биодиверзитетот и екосистемските услуги за сите; -Загадувањето, вклучувајќи го отпадот и вишокот хранливи материи да се намали на нивоа што не се штетни за биодиверзитетот, екосистемите и обезбедувањето екосистемски услуги; -Да се избегне губење или оштетување на назначените подрачја од изградба на инсталации за отпад и друга потребна инфраструктура; -Да се избегне или минимизира губењето на ретки и ендемски видови,	-Зачувување на биолошката разновидност (живеалишта и видови) преку градење на интегриран ефикасен и ефективен пристап кон управувањето со отпадот во регионот (постројки за третман на отпад, затворање и санација на постојните депонии итн.); --Подобрување на квалитетот на медиумите на животната средина.	-Трендови на изгубени живеалишта поради изградба на инсталации за управување со отпад; -Број на нови инсталации за управување со отпад и друга потребна инфраструктура, изградени на деградирани места наспроти недопрена природа; -Пријавени нивоа на можна штета на назначените подрачја /видовите; -Задржување на постојниот или подобрување на бројот на назначени заштитени подрачја на регионално ниво; -Трендови на губење на биолошката разновидност (% на изумрени или загрозени видови флора и фауна); -Трендови на зголемено/намалено населување на ретки и ендемски видови.

		-Да се подобри знаењето и достапноста на сите релевантни информации поврзани со биодиверзитетот.		
Вода	*Заштита и подобрување на квалитетот на водата*	-Одржување и обновување на најважните еколошки процеси (пр. хидрологија, квалитет на водата, крајбрежни процеси); -Заштита на водните ресурси и минимизирање на негативните ефекти врз квалитетот на водата од инсталациите за управување со отпад; -Третман на ефлуентот пред да се испушти во реципиентот; -Ограничување на загадувањето на водата на нивоа што не влијаат врз здравјето на луѓето и природните системи; -Рационално користење на водните ресурси.	-Градење на интегриран ефикасен и ефективен пристап кон управувањето со отпад во регионот (постројки за третман на отпад, затворање и санација на постојните депонии итн.); -Санацијата на депониите да се оценува како ризик за површинските и подземните води и почва; -Третман на истекување од регионалната депонија; -Третман на отпадните води од постројките за третман на отпад итн.; -Рационално искористување на водата во процесите.	-Квалитет на третирани истекувања и испуштени отпадни води; -Квалитет (физички, хемиски и микробиолошки карактеристики) и количина на површински и подземни води во регионот; -Број на инциденти со загадување на водата поврзани со инсталациите за управување со отпад; -Број на санирани депонии лоцирани во близина на водотеци.
Почва	*Заштита и подобрување на квалитетот, квантитетот и функцијата на почвата*	-Заштита на почвата и минимизирање на негативните ефекти врз почвата од инсталациите за управување со отпад; -Заштита на земјоделските ресурси од активностите за управување со отпад; -Изградба на нови инсталации за отпад на претходно користено	-Градење на интегриран ефикасен и ефективен пристап кон управувањето со отпад во регионот (постројки за третман на отпад, затворање и санација на постојните депонии итн.); -Третман на исцедокот регионалната депонија; -Третман на отпадните води од постројките за третман на отпад;	-Трендови на намалени емисии на отпад од инсталациите за управување со отпад; -Пријавени инциденти на загадување на почвата поврзани со инсталациите за управување со отпад; -Број на санирани депонии; -Трендови на користени деградирани површини за изградба на инсталации за управување со отпад;

		земјиште или деградирани површини. -Заштита на почвата од деградација и губење на нејзината плодност; -Заштита на површинските и подземните геоморфолошки вредности на почвата.	-Рециклирање на отпадот и намалување на волуменот на отпад што ќе се отстранува на регионалната депонија; -Производство на компост од биоразградлив отпад и негова употреба како ѓубриво во земјоделството или за пејзажно уредување на депонијата; -Затворање и санација на депонијата оценета како ризик за почвата, површинските и подземните води.	-Површина на изгубено земјоделско земјиште за инсталации за управување со отпад; -Квалитет и волумен на компост што се користи во земјоделството, индустријата и пејзажното уредување; -Трендови на количини на рециклиран отпад; -Трендови на количини на депониран отпад; -Пријавени резултати од испитувања на квалитетот на почвата
Воздух и клима	*Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови*	-Минимизирање на негативните ефекти од активностите за управување со отпад врз квалитетот на воздухот; -Одржување и подобрување на квалитетот на воздухот во Регионот; -Ограничување на загадувањето на воздухот на нивоа што не влијаат врз природните системи и здравјето на луѓето; -Производство на енергија и топлина од отпад; -Намалување на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите; -Намалување на емисиите на стакленички гасови, генерирани од секторот за отпад, на национално ниво;	-Градење на интегриран ефикасен и ефективен пристап кон управувањето со отпад во регионот (постројки за третман на отпад, затворање и санација на постојните депонии итн.) кои се во согласност со законските прописи; -Санација на депониите оценети како ризични во регионот; -Зафаќање на метанот од депонијата; -Одделување на биоразградливиот отпад, третман и производство на компост; -Можно производство на енергија и топлина од отпад.	-Постигнување на граничните вредности на емисиите; -Трендови на намалени емисии во амбиентниот воздух од инсталациите за управување/третман на отпад; -Квалитет на амбиентниот воздух: концентрации на загадувачки материи и број на денови во кои се надминати граничните вредности за одредени загадувачки материи; -Тренд на намален волумен на биоразградлив отпад отстранет на депонија; -Количина на произведен компост и CLO; -Годишно намалување на количината на стакленички гас изразена во CO_2-eq (t/год.) на национално ниво; -Степен (% на жалбите) на (загрижувачки) проблем со мирис; -Нето енергија и топлина генерирана од отпад.

		-Намалување на ранливоста на климатските промени на национално ниво.		
Материјални добра	*Подобрување и заштита на материјални добра*	-Промовирање на одржливо управување со отпад (користење на природни ресурси и материјални добра); -Минимизирање на отпадот, а потоа негова повторна употреба/преработка преку рециклирање, компостирање или производство на енергија; -Изградба, заштита и подобрување или рехабилитација на инфраструктурата; -Зголемување на енергетската ефикасност и користење на обновливи извори на енергија; -Оптимизација на системот за собирање отпад и минимизирање на влијанијата од локалниот транспорт; -Промовирање на ефикасно користење на постојната инфраструктура.	-Промовирање на одржливо управување со отпад, практики на превенција и минимизација на отпадот и зголемени стапки на повторна употреба, рециклирање и преработка; -Можно производство на енергија и топлина од отпад; -Изградба на инсталации за управување со отпад; -Затворање и рехабилитација на постојните депонии; -Воведување одржливо управување со собирање и транспорт на отпад, -Изградба или подобрување на дополнителни инфраструктури потребни за управување со отпад.	-Тонажа на произведен отпад по глава на жител; -Стапки на рециклирање и компостирање (годишна тонажа); -Процент на отпад од чија вредност се добива поврат на трошоци; -Волумен и тонажа на отпад што се отстранува на депонија; -Нето енергија и топлина генерирана од отпад; -Изградена нова регионална депонија во регионот; -Број на затворени и рехабилитирани депонии; -Процент на новоизградена инфраструктура потребна за инсталациите за управување со отпад (патишта, водовод, канализација, електрична мрежа); -Намалено растојание помеѓу изворот и инсталациите за отстранување; -Користено гориво по тон отпад.
Културно наследство	*Заштита и унапредување на културното наследство*	-Управување со отпадот на начин што го штити и подобрува културното наследство; -Зачувување и унапредување на историски структури, археолошки	-Идентификување на културното наследство во регионот и преземање мерки за негова заштита при определување на локации за инсталации за управување со отпад.	-Стапка на спроведени мерки за заштита на културното наследство; -Број на примени поднесоци/апликации за уривање на културни, традиционални и историски објекти или локалитети.

		наоѓалишта и други важни културни места; -Промовирање/обезбедување пристап до културните, традиционалните и историските места.		
Предел	*Зачувување на карактеристиките на пределите и заштита на пределите насекаде, а особено во назначените подрачја*	-Подобрување на квантитетот и квалитетот на јавно достапниот отворен простор; -Одржување на функционалните и структурните карактеристики на природните и полуприродните предели; -Управување со отпадот на начин што ги штити и подобрува пределите.	-Идентификување и избегнување на карактеристични предели во регионот и преземање мерки за нивна заштита при определување на локации за инсталации за управување со отпад ; -Затворање и санација на постојните депонии во регионот.	--Стапка на спроведени мерки за заштита на пределот; -Број на избрани значајни предели; -Број на затворени и санирани депонии.

Целите на СОЖС идентификувани во горната табела беа исто така тестирани за нивната компатибилност едни со други. Внатрешната компатибилност на целите на СОЖС генерално беше оценета како позитивна бидејќи сите тие имаат за цел да го подобрат квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето. Сепак, компатибилноста на некои цели на СОЖС во оваа фаза од подготовката на документот беше оценета како неизвесна (нема јасно влијание на едни врз други или компатибилноста е непозната). Резултатите се прикажани во следната табела.

Табела 65. Компатибилност на целите на СОЖС

	Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство	*Подобрување на условите за живот на населението*	*Заштита и подобрување на квалитетот на водата*	*Заштита и подобрување на квалитетот, квантитетот и функцијата на почвата*	*Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови*	*Подобрување и заштита на материјалните добра*	*Заштита и унапредување на културното наследство*	*Зачувување на пределските карактеристики и заштита на пределот насекаде, а особено во назначените подрачја*
Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство								
Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство								
Заштита и унапредување на биолошката								

разновидност и природното наследство								
Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство								
Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство								
Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство								
Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство								
Заштита и унапредување на								

биолошката разновидност и природното наследство								

Целите се компатибилни
Меѓусебно некомпатибилни
Компатибилноста е непозната
Нема јасно влијание едни врз други

8. АНАЛИЗА НА ИЗБРАНОТО СЦЕНАРИО

8.1. Опции за управување со отпад

Во РПУО се разгледани следниве опции за управување со отпад:

- Превенција и минимизирање на отпадот,
- Собирање на отпад (опции за собирање на мешан отпад, собирање суви рециклирачки материјали, собирање на био-отпад, собирни места, опции за претовар на отпад),
- Опции за рециклирање и преработка (постројки за преработка на материјали - MRF, рециклирање на био-отпад, постројки за механичко-биолошки третман - MBT, механичка-биолошка стабилизација - MBS, дробење),
- Опции за преработка на отпад (термички третман на цврст отпад, термичка оксидација или инцинерација),
- Опции за отстранување на отпад (депонија).

Исто така, РПУО ги разгледува опциите за рехабилитација на постојните депонии:

- Затворање, санација и грижа по затворањето на општинските депонии,
- Затворање и санација на „депонии" и напуштени „ диви депонии".

Краток опис на предложената опција за управување со отпад во Источниот регион е претставен во табелата подолу.

Табела 66. Опис на разгледаните опции за управување со отпад во Источниот Регион

ОПЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД	ОПИС НА ОПЦИИТЕ
ПРЕВЕНЦИЈА И МИНИМИЗИРАЊЕ НА ОТПАД	РПУО ги вклучува следните опции за превенција на отпад: - Активности за подигање на свеста за превенција на отпад во Регионот; финансирање и имплементација на проекти и услуги базирани на повторна употреба во Регионот; поддршка и овозможување на заедницата и волонтерскиот сектор, т.е. банки за храна, иницијативи за давање храна на сиромашните; изработка на различни упатства за превенција на отпад, истражување и развој. - Домашното компостирање се смета за акција за превенција на отпад, бидејќи е применливо на домашна основа и не е поврзано со собирање на остатокот од отпадот. Како стратешка алатка, домашното компостирање е наменето за луѓе кои живеат во рурални средини.
СОБИРАЊЕ НА ОТПАД	*Опции за собирање на мешан отпад* Системот за собирање и транспорт на отпад генерално се состои од следниве елементи: • систем за претходно собирање, • честота на собирање, • тип на камиони што се користат за собирање и транспорт, • смени за собирање. Постојат неколку видови системи за претходно собирање, т.е. собирање пластични кеси и индивидуални канти од врата до врата и систем за носење (систем на улични собирни места). Со оглед на тоа што во регионот нема големи градови, густината на населеност е мала и мнозинството жители живеат во индивидуални куќи, па најекономичен компромис е камион од 16 m^3 со околу 8 t носивост. *Опции за собирање суви материјали за рециклирање* Одвојувањето на изворот на создавање е клучен предуслов за производство на висококвалитетни секундарни суровини од отпад и за повторна употреба на материјалите. Одделувањето на посебни фракции на комунален отпад на изворот овозможува најдобри резултати при рециклирање на одредени материјали. Примарната селекција може да се врши на различни места во домаќинствата со специјални кеси, садови итн. или на локални собирни места. Главните инфраструктурни системи вклучуваат системи за собирање (од врата до врата) и системи за донесување (контејнери, центри за рециклирање итн.).

	Стапките на собирање за различните материјали зависат од тоа дали системите обезбедуваат услуги од врата до врата (високи стапки на собирање) или места за донесување (пониски). Соодветниот систем за собирање со придружните елементи мора да се избере во зависност од локалните услови, преференците, потребите на општината и достапноста на трошоците. *Собирање на био-отпад* Одделното собирање на био-отпад има за цел најдобро да го искористи овој ресурс преку рециклирање и преработка, но исто така и да се постигне пренасочување на биоразградливиот отпад според целите на Директивата за депонии. Вообичаено, на домаќинствата може да им се обезбедат био-кеси (компостабилни) и дупчести кујнски корпи за да се направи системот полесен за користење и да се зголеми собирањето. Потребно е поголемо внимание при изборот на технологија во однос на собраниот органски материјал. Во поширока смисла: - Одделно собраниот градинарски отпад најдобро се третира со компостирање на отворено во бразди (процес со мал трошок); - Мешаната храна и градинарскиот отпад најдобро се третираат со компостирање во затворен (во сад), иако со мешавината од материјал мора внимателно да се управува (потребен е доволен структурен градинарски отпад за да се одржи процесот аеробен); - Одделниот отпад од храна најдобро се третира со анаеробна дигестија; сепак, овој процес не е одржлив под одредена количина. *Опции за собирни места* Собирните места се дизајнирани да функционираат како дополнителни капацитети на други мерки за собирање и рециклирање. Овие центри ќе примаат одделени текови на отпад, кои се погодни за повторна употреба, рециклирање или за понатамошно соодветно управување. Освен рециклирачки материјали, може да се достави и повеќе други текови на отпад, како што се батерии, електрични апарати, кабаст отпад, градежен отпад и шут. *Опции за претовар на отпад* Претоварните станици служат за потребата да се претовари отпадот до инсталацијата за третман или отстранување и да се намалат трошоците за транспорт. Донесувачите на одлуки имаат можност да ги изберат најисплатливите и/или еколошки соодветни локации, дури и ако се подалечни. Претоварните станици може дополнително да содржат собирни места отворени за јавна употреба, опција која може да донесе економски придобивки. За потенцијалните претоварни станици се анализирани три алтернативни опции: • Мал капацитет (помалку од 50 t/ден); • Среден капацитет (50 до 150 t/ден); • Голем капацитет (повеќе од 150 t/ден). Собирањето и транспортирањето на отпадот до регионалната депонија или претоварната станица е во надлежност на општините. Утврдувањето на потребата од претоварна станица за отпад зависи првенствено од нејзината способност да придонесе за намалување на трошоците за управување со отпад. Треба да се нагласи е дека претоварните станици генерално стануваат економски исплатливи кога растојанието до инсталацијата за отстранување е поголемо од околу 50 km, а количините на отпад се повеќе од 10.000 t/год. (или опслужено население најмалку 25.000 жители).
РЕЦИКЛИРАЊЕ И ПРЕРАБОТКА	**Постројки за сортирање или инсталации за преработка на материјали (MRF)** Постројките за рециклирање (MRF) опфаќаат одделување на мешани рециклабилни материјали селектирани на изворот на создавање. Главната цел е сортирање на материјали со дефинирани спецификации за продажба. MRF примаат мешани рециклабилни материјали; Доколку материјалите се собираат поединечно во посебни садови, тогаш тие се пренесуваат во MRF само за привремено складирање или може да се пренесат директно до крајниот обработувач, доколку чистотата го дозволува тоа. Рециклабилните материјали се сортираат во различни составни текови, се балираат и привремено се складираат до транспортот до соодветната постројка за рециклирање. Во повеќето случаи, отфрлената фракција на крајот од линијата за сортирање исто така се собира и периодично се доставува за отстранување. ***<u>Рециклирање на био-отпад</u>*** Компостирањето нуди најперспективни еколошки и економски резултати за био-отпадот што не може да се спречи.

	Постојат неколку процеси на компостирање: системи на отворено; компостирање со статички купови со природна или присилна аерација и затворени системи; статички и динамички системи. Природно аерираниот систем со бразди каде што отпадот се натрупува, на отворено или во објект и периодично се врти за да го поддржи процесот, го претставува наједноставниот тип. Компостирањето во бразди е погодно за зелен и градинарски отпад, кој се состои од косена трева, кастрена жива ограда и дрвја итн. Тоа е исклучително флексибилен начин за справување со таков отпад и е релативно евтин. Другиот систем, компостирањето во садови се однесува на ставање на отпадот во запечатени садови со дување или вшмукување на топол воздух. Компостирањето во садови е поскапо од компостирањето во бразди. ***<u>Постројки за механичко-биолошки третман (МБТ)</u>*** МБТ се постројки за третман на отпад кои работат за да помогнат да се постигнат целите за пренасочување на отпадот од депониите, а во некои случаи и целите за рециклирање на отпад од пакување. Целта е прво да се оддели отпадот во различни текови/фракции (со механички процеси) и второ да се стабилизира органската материја (со примена на биолошки процеси). Така, може да се произведат големи аутпути врз основа на усвоената техничка конфигурација, како што се: суви рециклабилни материјали, фракција со повисока калориска вредност, како што е гориво добиено од отпад (RDF) или цврсто рециклирано гориво (SRF), биогас, биолошки стабилизирана фракција (наречена производ сличен на компост - CLO), отфрлена фракција која оди на депонија. Аеробните системи може да бидат од различни типови, но скоро секогаш се затворени, со цел да се ограничат емисиите во воздухот и да се намалат влијанијата врз здравјето. Овие системи имаат ниски до средни капитални трошоци дури и во мали размери; Тие вклучуваат: компостирање во бразди (во објекти или на отворено покриени со мембрани), компостирање во вреќи и компостирање во тунели, реактори или бурија, корпи. Механичко-биолошката стабилизација (MBS) е пристап со „ниски трошоци" за управување со отпад: отпадот се внесува во мрежа, се одвојува на лесна фракција што оди на депонија и тешка фракција што прво се испраќа на компостирање. Металите се извлекуваат со магнети, но сите други рециклабилни материјали или RDF/SRF на крајот се губат. Стабилизираниот производ главно се депонира или се користи за ограничени примени каде што нискиот квалитет не е проблем, како што се санација на депонии и деградирани локации. Овој процес на стабилизација се чини како привлечна опција за земјите каде што постојат буџетски ограничувања, особено ако е комбиниран со евтин биолошки третман на отворено, како што се вреќи или мембранска покривка.
ОПЦИИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ОТПАД **(термичка оксидација или инцинерација)**	Оваа опција вклучува термички третман на цврст отпад (термичка оксидација или инцинерација). Разновидни технологии спаѓаат под генеричкиот термин термички третман. Овие технологии можат да се групираат во две категории: конвенционален термички третман или инцинерација со масовно согорување и напреден термички третман. Инцинерацијата со масовно согорување е најчестиот тип на технологија за претворање на отпадот во енергија(WTE) што се користи низ целиот свет.
ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАД	Регионалната депонија во Источниот Регион ќе го прифаќа отпадот од сите урбани и рурални општини. Пожелно е локацијата да се биде во област што овозможува лесен пристап преку регионални патишта за сите општини. <u>Третман на исцедокот</u>: Откако ќе се собере, исцедокот мора да се третира и испушта според прописите. Можностите за третман на исцедок може да вклучуваат: -Прелиминарен третман на исцедок со рециркулација во депонијата и испуштање во комуналниот канализациски систем. -Целосен третман и испуштање до најблискиот реципиент на површински води. Втората опција овозможува испуштање на отпадни води во локално водно тело. Првата опција бара отпадните води да се транспортираат до точка на поврзување каде што може да се внесат во канализационио систем. Овој транспорт може да се врши со цевковод или камион. <u>Зафаќање и третман на депониски гас</u>: Потребни се системи за контрола на депониите за да се спречи несакано испуштање на депониски гас во атмосферата или почвата. Зафатениот депониски гас може да се користи за производство на енергија или да се спалува под контролирани услови за да се елиминира испуштањето на стаклени гасови во атмосферата. Во текот на првите пет до осум години од работењето, депонискиот гас ќе се спалува, бидејќи производството на депониски гас е премногу слабо по квантитет и квалитет за да се користи за производство на енергија. Откако количината и квалитетот на депонискиот гас ќе се стабилизираат, може да се спроведат соодветни студии со цел да се тестира изводливоста на инсталирање на единица за кондиционирање на депонискиот гас и единица за когенерација на топлина и електрична енергија.

8.2. СВОТ[10] анализа на опциите за управување со отпад

За да се утврди кои опции споменати погоре се посоодветни за управување со отпад во регионот, тимот за РПУО изврши СВОТ анализа. Целта на СВОТ анализата е да се идентификуваат клучните силни и слаби страни, можностите и заканите на предложената опција и условите во регионот.

СВОТ анализа е направена за собирни места, одделно собирање на отпад од пакување, одделно собирање на био-отпад, домашно компостирање, компостирање на зелен отпад, конвенционално согорување и MBT/MBS/MRF процес[11].

СВОТ анализата на опциите за управување со отпад е претставена во ПРИЛОГ 3 од овој документ.

8.3. Предложено сценарио за регионално управување со отпад

За да се поддржат одлуките во врска со идните решенија за Планот за управување со отпад во Источниот Регион, потребни се сигурни стратегии и концепти. За таа цел, за Избраното сценарио е изработена СВОТ анализа на опциите за управување со отпад. Избраното сценарио се базира на националните општи и квантификувани цели и на новото национално законодавство за управување со отпад. Развиеното сценарио за управување со отпад го зема предвид регионалното производство и состав на отпад, како и постојната инфраструктура на системот за отпад. За Избраното сценарио, беа квантифицирани следните текови на материјали:

(1) отпад што би се испраќал во системи за собирање, како што се зелен отпад, биоразградлив отпад, електричен и електронски отпад (ОЕЕО), опасен материјал, градежен отпад и шут, рециклабилен отпад (хартија/картон, стакло, пластика, железо, алуминиум);

(2) отпад што би се испраќал во различни процеси, како што се: механичко-биолошки третман, постројка за механичко рециклирање, механичко-биолошка стабилизација, инцинерација;

(3) остатоци што ќе се пренасочат кон депонии;

(4) материјали што може да се обноват со процеси на рециклирање (механичко одделување);

(5) енергија што може да се добие од постројки за претворање на отпад во енергија.

Понатаму, за Избраното сценарио се квантифицирани емисиите на јаглерод диоксид (CO_2) од активностите за управување со отпад.

Избраното сценарио за управување со отпад вклучува собирни места за: електричен и електронски отпад (ОЕЕО), опасен комунален отпад, градежен отпад и шут и рециклирачки материјали како фракции што ќе се собираат. Исто така, предложеното сценарио вклучува одделно собирање на зелен/градинарски отпад и селектирање на изворот на создавање на рециклабилните материјали или отпадот од пакување. Избраното сценарио, исто така, вклучува систем за собирање со употреба на 1 канта, 2 канти и 3 канти.

[10] SWOT (Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats) = СВОТ (Предности, Слабости, Можности, Закани) (прим. Прев.)
[11] ОЕЕО, градежниот отпад и шут, опасниот отпад од домаќинствата и некои мали количини на рециклабилни материјали ќе се собираат во собирните места.

8.4. Оцена на влијанието врз животната средина од сценариото

За да се добие јасен преглед на потенцијалните влијанија врз животната средина што можат да се појават со имплементацијата на Избраното сценарио, во оваа Глава е направена споредба помеѓу сценариото „Не прави ништо" (тековниот систем за управување со отпад во регионот) и имплементацијата на Предложеното сценарио.

Состојбата на тековниот систем за управување со отпад во регионот презентирана во сценариото „Не прави ништо" и различните опции за управување со отпад во Избраното сценарио се прикажани во следната табела.

Табела 67. Состојба со тековниот систем за управување со отпад во Регионот, сценариото „Не прави ништо" и опции од Избраното сценарио

Сценарио „Не прави ништо"	Избрано сценарио
-Не е имплементирана хиерархијата на управувањето со отпад, не се преземаат мерки за спречување на создавање отпад, системот за собирање на отпад не е со селекција на изворот на создавање и нема формални активности за рециклирање; **-11-те општински депонии, иако организирани, не се во согласност со барањата на ЕУ, додека 71 диви депонии претставуваат значителни еколошки ризици.**	**Опција: Собирање** **Под-опција**: Систем за собирање со две канти (канта за рециклабилен отпад и канта за преостанат отпад), собирни места[12], одделно собирање на зелен отпад, **Опција**: **Третман на кантата за рециклабилен отпад** **Под-опција**: Инсталација за преработка на материјали (Чиста MRF) **Опција**: **Третман на кантата за преостанат отпад** **Под-опција**: Механичка и биолошка стабилизација (MBS) ***Опција***: ***Третман на зелен отпад*** **Под-опција**: Компостирање во бразди ***Опција***: **Третман на изворот на создавање** **Под-опција**: Домашно компостирање **Опција**: **Депонирање[13]** **Под-опција**: Депонија за остатоци

Табела 68. Матрица за оцена на влијанието

Позитивно влијание	+
Негативно влијание	-
Занемарливо/ Нема влијание	0
Неопределено влијание	?
Не е применливо	**NA**

Табела 69. Споредба помеѓу сценариото „Не прави ништо" и Избраното сценарио од аспект на животната средина[14] во однос на целите на СОЖС

Цели на СОЖС	Сценарио „Не прави ништо"		Избрано сценарио	
Подобрување на условите за живот на населението	Тековниот систем за управување со отпад во регионот не е одржлив и не е во согласност со	-	Избраното сценарио ќе предизвика значителни позитивни влијанија врз општеството, економијата и здравјето на луѓето.	+

[12] Оваа опција е иста за сите сценарија. Можните влијанија од собирните места не се дел од оценатa презентирана подолу. Подетална анализа е дадена во глава 9.

[13] Депонирањето е исто за сите сценарија; затоа, можното влијание од депонирањето не е дел од оценатa презентирана подолу. Подетална анализа е дадена во глава 9.

[14] **Коментари**: За сите теми за животната средина/цели на СОЖС, се оценува интензитетот на влијанијата предизвикани од сценариото „Не прави ништо" и предложените сценарија S3b, S2 и S1a како можни значајни позитивни и негативни влијанија, директни/индиректни/кумулативни и синергистички на локално, регионално и национално ниво.

Цели на СОЖС	Сценарио „Не прави ништо"		Избрано сценарио	
	Директивата на ЕУ. Овој систем за управување доведува до: -значајно влијание врз медиумите на животната средина (зголемени емисии во воздухот, бучава, мириси, загадување на водата и почвата) и влијание врз квалитетот на животот; -лоша здравствена состојба поврзана со квалитетот на животната средина; -болести што произлегуваат од инфекции што се пренесуваат преку храна, вода, воздух, почва, итн. -намалена стапка на вработеност, намалени приходи, намален животен стандард итн. -ограничени приходи од рециклирање и преработка на отпад итн.		Предложените опции во Избраното сценарио ќе придонесат за одржливо управување со отпад во регионот, што ќе обезбеди: - создавање услови за подобрено здравје на луѓето, - подобра употреба на материјалите и намалување на потребата од депонии, - продолжување на животниот век на стоките, - стимулација на поширокатa економија и основање нови бизниси поврзани со управување со отпад, пр. инсталации за повторна употреба и рециклирање, - зголемена стапка на вработеност, приходи итн. - минимизирање на негативните влијанија од активностите за управување со отпад врз здравјето и благосостојбата на луѓето; -зголемена свест и зголемени можности за вклучување на јавноста и заедницата и едукација во управувањето со отпад.	
Заштита и унапредување на биолошката различност и природното наследство	Во некои делови од регионот, состојбата на биодиверзитетот е оценета како високо ризична како резултат на тековното управување со отпадот. Влијанието врз биодиверзитетот (губење, модификација и фрагментација на живеалиштата) е предизвикано од: - несоодветно собирање и транспорт на отпад, - несоодветно користење на земјиштето за отстранување на отпад, -отворено горење на отпад на депониите (легални или нелегални), -несоодветно отстранување на комунален цврст и опасен отпад на општински/нелегални депонии, -загадување на воздухот, водата и почвата (сериозни закани за копнениот и водниот биодиверзитет).	-	Избраното сценарио ќе придонесе за одржливо управување со отпад и ќе обезбеди најдобри резултати во рециклирањето и повторната употреба на одредени материјали, што ќе ги намали побарувачката за голем капацитет на нови депонии и влијанието врз биодиверзитетот. Рециклирањето и повторната употреба на отпадниот материјал претставува почеток на одржливо користење на ресурсите и придонесува за намалување на побарувачката на природни материјали (експлоатацијата на природните материјали предизвикува непроценлива штета на биодиверзитетот). Избраното сценарио ќе предизвика позитивно влијание врз биодиверзитетот на регионално ниво и пошироко.	+
Заштита и подобрување на квалитетот на водата	Во некои делови од регионот, состојбата на водните ресурси е оценета со висок ризик како резултат на тековниот систем за управување со отпад. Истражувањето за оцена на ризикот покажа висок ризик за „подземните води", ризик за „површинските води", ризик за системот „површински води - флора и фауна" на многу општински/нелегални депонии. Влијанијата врз водата (површинските и подземните води) се предизвикани од: -несоодветно собирање, транспорт и отстранување на отпадот, -генериран исцедок и негово одведување и испуштање во водните тела или почвата, без никаков третман, -несреќи, излевања и ракување со опасен отпад,	-	Избраното сценарио ќе придонесе за намалување на директното или индиректното загадување на површинските и подземните води во регионот предизвикано од тековниот систем за управување со отпад.	+

Цели на СОЖС	Сценарио „Не прави ништо"		Избрано сценарио	
	-нерехабилитирани депонии со висок ризик за водите.			
Заштита и подобрување на квалитетот, квантитетот и функцијата на почвата	Во некои делови од регионот, состојбата со почвата е оценета со висок ризик како резултат на тековниот систем за управување со отпад. Оцената на ризикот идентификуваше висок ризик за почвата на многу општински/нелегални депонии). Влијанијата врз почвата се предизвикани од: -несоодветно собирање, транспорт и отстранување на отпадот; -генериран исцедок и негово испуштање во водното тело или почвата, без никаков третман, -несреќи, излевања и ракување со опасен отпад; -зафаќање огромна површина на земјиште за отстранување отпад; -деградација и ерозија на почвата предизвикани од несоодветно користење на земјиштето за отстранување на отпадот; -нерехабилитирани депонии со висок ризик за почвата.	-	Избраното сценарио ќе придонесе за намалување на директното или индиректното загадување на почвата во регионот предизвикано како резултат на постојниот систем за управување со отпад. Исто така, се очекува придонес во избегнување на нелегално депонирање, зафаќање зелени површини за отстранување на отпадот и заштита на геоморфолошките вредности на почвата.	+
Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови	Во некои делови од регионот, тековниот систем за управување со отпад предизвикува лош квалитет на воздухот како резултат на: -дисперзија на отпадот за време на собирањето, транспортот и отстранувањето, -отстранување на различни видови отпад на депонија без претходен третман, -биоразградливиот отпад завршува на депонија и генерира значителни емисии во воздухот, -отворено горење на отпадот на депониите (легални или нелегални), -емисии од депониски гас, -емисии од транспорт, -мирис (за време на собирање, транспорт и депонирање), -зголемени стаклени гасови.	-	Избраното сценарио ќе придонесе за намалување на негативните ефекти од активностите за управување со отпад врз квалитетот на воздухот, намалување на емисиите на стакленички гасови генерирани од секторот отпад, намалување на ранливоста на климатските промени на национално ниво.	+
Подобрување и заштита на материјалните добра	Во некои делови од регионот, тековниот систем за управување со отпад предизвикува негативно влијание врз материјалните добра како резултат на: -немање одделно собирање, третман и отстранување на неопасен и опасен отпад во производствениот/енергетскиот и услужниот сектор, -немање одделно собирање и преработка на употребливите фракции од посебните текови на отпад,	-	Избраното сценарио ќе даде придонес кон поттикнување на одржливо управување со отпад, минимизирање на отпадот за депонирање, потоа негова повторна употреба/преработка преку рециклирање, компостирање или производство на енергија; оптимизација на системот за собирање на отпад и минимизирање на влијанијата од локалниот транспорт. Исто така, сценариото дава можност за понатамошно користење на материјалите и намалување на отпадот на депонија, што придонесува за намалување на потрошувачката на енергија, вода, природни материјали итн.	+

Цели на СОЖС	Сценарио „Не прави ништо"		Избрано сценарио	
	-немање стандарди за квалитет и искористување на компост и секундарни горива, -неискористување на депонискиот гас за енергетски цели, -слаба преработка на секундарни суровини поради отсуство на пазари за рециклирани материјали, -зголемена потреба за депонирање, -зафаќање огромна површина на земјиште за отстранување на отпад, -неодржливо користење на материјалните добра.			
Заштита и унапредување на културното наследство	Нема достапни податоци поврзани со влијанието на тековното управување со отпад во регионот врз културното наследство. Поради широката распространетост на локациите за културно наследство во регионот, можно е некои локации да бидат директно или индиректно погодени од тековното управување со отпад.	?	Избраното сценарио дава придонес кон поттикнување на одржливо управување со отпад, што ќе обезбеди избегнување или минимизирање на влијанијата врз културното наследство или важните туристички области во Регионот. Понатаму, имплементацијата на сценариото ќе придонесе за зачувување и промоција на историски објекти, археолошки наоѓалишта други важни културолошки локалитети во регионот.	+
Зачувување на карактеристиките на пределите и заштита на пределите насекаде, а особено во назначеното подрачје	Тековниот систем за управување со отпад предизвикува негативно влијание врз пределот и назначените подрачја како резултат на: -несоодветно собирање на садовите за отпад, -застарени и несоодветни возила за транспорт на отпад, -дисперзија на отпадот при собирање, транспортирање и отстранување, -нелегално фрлање отпад, -палење на отпадот на депониите, -огромно количество отпад се отстранува на депонии и зафаќа огромна површина земјиште.	-	Избраното сценарио ќе го намали негативното влијание врз пределот предизвикано од тековниот систем за управување со отпад.	+

Заклучок: Може да се заклучи дека Избраното сценарио дава поголема корист и има најмали влијанија врз животната средина. Разликите се само во видот на механички третман (чиста и нечиста MRF), компостирањето на органскиот и зелениот отпад и квалитетот на произведениот рециклиран материјал.

Системот за собирање со две канти презентиран во Избраното сценарио, чистата MRF и домашното компостирање даваат предности во добивањето производ со добар квалитет и мало влијание врз животната средина.

Може да се заклучи дека освен во оваа оцена, Избраното сценарио е предложено како претпочитано сценарио во РПУО. Оваа опција покажува најдобри резултати во согласност со законските, еколошките, технолошките и економските критериуми.

9. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

РПУО претставува основа за примена на интегриран систем за управување со отпад како начин за контрола на различните видови генериран отпад.

РПУО ќе биде водич за идното управување со отпад во двата Региона, што ќе придонесе за намалување на количината на отпад што завршува на депонија, количината на потенцијална опасност од генерираниот отпад, емисиите во атмосферата, водите и почвата, емисиите на стаклени гасови и други загадувачи што се генерираат со тековниот систем за управување со отпад.

Освен горенаведените придобивки, регионалното управување со отпад ќе придонесе за подобрување на социо-економската состојба во Регионот, што ќе се одрази преку зголемена понуда на работни места, подобра бизнис клима итн.

Покрај фактот дека Избраното сценарио за регионално управување со отпад ќе придонесе за идно воведување на соодветен систем за управување со отпад и подобрување на постојната состојба во управувањето со отпад, имплементацијата на разработените опции преку конкретни проекти, во зависност од локацијата и нејзината чувствителност, спроведените мерки, начинот на одржување на активностите итн., може да предизвика негативни ефекти врз здравјето на луѓето, да влијае на засегнатото население од социо-економски аспект, изразено преку зафаќање или загуба на земјиште или забрана за спроведување на одредени земјоделски практики, нарушување на условите и квалитетот на водата, почвата, биодиверзитетот, природното и културното наследство, материјалните добра, зголемување на нивото на бучава во животната средина, зголемување на сообраќајот на патиштата, зголемување на ризикот од несреќи и дефекти, влијание врз развојот на туризмот итн.

При оцена на веројатните ефекти од опциите, беа земени предвид следните прашања:

- Веројатната временска рамка, големината и географската величина на ефектите,
- Потенцијалот за појава на директни, секундарни (индиректни), кумулативни и синергистички ефекти.

Дополнително, оценети се следните прашања:

Секундарни или индиректни ефекти: Тие не се директен резултат од планот, туку се јавуваат подалеку од оригиналниот ефект или се резултат на сложена патека.

Кумулативни ефекти: Тие се јавуваат кога поединечните планови, политики или развојни проекти имаат незначителен ефект, но кога заедно се комбинираат, имаат значаен ефект врз животната средина.

Синергистички ефекти: Тие се јавуваат кога ефектите имаат заемна интеракција и создаваат вкупен ефект кој е поголем од збирот на поединечните ефекти. Синергистичките ефекти често може да се појават кога живеалиштата, ресурсите или населението се блиску до инсталацијата.

Некои ефекти од опциите веројатно ќе се појават во близина на инсталациите за управување со отпад. РПУО не го опфаќа прашањето за локацијата; затоа во оваа фаза не е можно да се земат предвид карактеристиките на одредени локации.

Сепак, СОЖС ги зема предвид начините на кои веројатно ќе бидат засегнати областите околу инсталациите за отпад, на ниво на неконкретна локација.

Исто така, треба да се напомене дека избраното сценарио и неговите вклучени опции би можеле да имаат директни, секундарни, синергистички и кумулативни ефекти врз многу поширока географска област. Во следните табели е претставено можното влијание врз животната средина што може да биде предизвикано од имплементацијата на предложените опции.

Покрај оцената на влијанието врз животната средина на Избраното сценарио, во оваа глава е вклучена и оцена на влијанието врз животната средина, предизвикано од рехабилитацијата на постојните општински/диви депонии во Регионите, како дел од активностите на РПУО.

Табела 70. Можни позитивни влијанија предизвикани од имплементацијата на Избраното сценарио и рехабилитацијата на постојните општински/диви депонии

Избрано сценарио и рехабилитација на постојните општински/диви депонии	
Опција: Превенција на отпад	**Под-опција:** Активности за подигање на свеста за превенција на отпадот во регионот; финансирање и спроведување на проекти и услуги засновани на повторна употреба во регионот; поддршка и овозможување на заедницата и волонтерскиот сектор, т.е. банки за храна, иницијативи за давање храна на сиромашните; изработка на разновидни упатства за превенција на отпад, истражување и развој
Опција: Собирање на отпад	**Под-опција:** Систем за собирање со две канти (канта за рециклабилен отпад канта за преостанат отпад), Собирни места, Одделно собирање на зелен отпад
Опција: Претоварни станици	**Под-опција:** шест претоварни станици (ПС) во секоја од шесте 6 ЛИУО; Големи ПС во општините Куманово, Штип и Кочани (стационарен компактор); мали ПС во општините Берово, Македонска Каменица и Виница (камиони со преса)
Опција: Третман на кантата со рециклабилен отпад	**Под-опција:** Инсталација за преработка на материјали (MRF)
Опција: Третман на кантата со преостанат отпад	**Под-опција:** MBT / Биостабилизација
Опција: Третман на зелен отпад	**Под-опција:** шест постројки за компостирање во секоја од шесте 6 ЛИУО
Опција: Санитарна депонија	**Под-опција:** Една централна во Свети Николе ЦИУО
Опција: Нестандардни и диви депонии	**Под-опција:** Затворање и рехабилитација
Опција: Третман на изворот на создавање	**Под-опција:** Домашно компостирање
Опција: ***Депонија***	**Под-опција:** Депонија за остатоци

Опција: Рехабилитација на постојните општински/нелегални депонии	**Под-опција:** Рехабилитација на депонии-Модел "А"-Отстранување на отпад според методот "ex situ"[15], Рехабилитација на депонии-Модел "В"-Безбедно отстранување "in situ"[16], Рехабилитација на депонии-Модел "С"-Безбедно отстранување "in situ"[17]
Цели на СОЖС	***Оцена на влијанието предизвикано од опциите***
Подобрување на условите за живот на населението	***Превенција на отпад***[18] Оваа опција е најповолната опција за управување со отпад, поставена на врвот на хиерархијата за управување со отпад. Главните придобивки од оваа опција се: -Подобрена одржливост преку намалување на потребата за примарно производство на ресурси; -Обезбедување подобра употреба на материјалите и намалување на потребата од депонии; -Продолжување на животниот век на стоките; -Банките за храна обезбедуваат брза поддршка за луѓето во криза; -Се елиминира потребата од собирање, преработка/третман и отстранување на отпад и поврзаните негативни влијанија врз животната средина како резултат на овие активности; -Нема негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето; -Има нето еколошка корист за секој тон спречен отпад во однос на секоја друга опција за управување со отпад. ***Собирање на отпад*** -Интегрираното управување со отпад ќе придонесе за подигање на јавната свест за одржливо управување со отпад и ќе резултира со подобрување на животната средина, јавното здравје и економски придобивки. -Потенцијални позитивни влијанија се: можности за вработување и безбедно собирање на отпад за третман и отстранување. -Воведување на одделно собирање: собирањето со две канти дава можност за продажба на рециклабилните материјали и намалување на количината на депониран отпад. -Одвојувањето на посебните фракции на комунален отпад на изворот дава најдобри резултати за рециклирањето на одредени материјали и дава можност за продажба на производи со добар квалитет. -Одделното собирање на фракциите во собирни места ќе има позитивно влијание врз животната средина, а со тоа и врз здравјето на луѓето. Исто така, ќе ги намали здравствените и безбедносните (случајни) ризици на професионално и домашно ниво. -Одделното собирање на зелен отпад придонесува за добивање компост со добар квалитет, намалување на отпадот на депонија, намалување на депониските и стаклениччките гасови. Сите споменати опции за одделно собирање на комунален отпад ќе имаат значителни позитивни ефекти врз климатските промени и нивното негативно влијание врз здравјето на луѓето. **Собирните места и претоварните станици**- може да се користат како рециклажни дворови. Главните придобивки од рециклажните дворови се пренасочувањето и преработката на посебните текови на отпад кои инаку би се отстранувале на обични депонии. Оваа опција ќе го намали влијанието врз здравјето, а во исто време,

[15] "Ex situ" со чистење на отпадот и негово повторно отстранување на општинската депонија. Овој метод е применлив за санација на нелегални мали (диви) депонии со волумен до 1.000 m³
[16] Се предлага за санација на депонии со среден и многу висок ризик и волумен на отстранет отпад до 100.000 m³ на среден рок.
[17] Се предлага за депонии со многу висок ризик и значителен волумен на отстранет отпад (од 100.000 m³ до 500.000 m³) на краток рок.
[18] Позитивните влијанија се исти за сите цели на СОЖС

	рециклажните дворови можат да придонесат за едукација на граѓаните за управување со горенаведените текови. Оваа опција ќе обезбеди ефекти врз вработувањето и економијата (директни работни места поврзани со инсталациите за отпад и индиректни работни места за луѓето на локално и регионално ниво; стимулација на поширокатa економија и основање нови бизниси поврзани со управувањето со отпад, пр. инсталации за повторна употреба и рециклирање). Исто така, претоварната станица ќе придонесе за намалување на трошоците за транспорт на отпад до инсталациите за отстранување, потрошувачката на гориво, произведениот сообраќај, емисиите во воздухот итн. **Транспорт** Главните потенцијално позитивни влијанија врз здравјето од транспортот на отпадот се: вработување и транспорт на отпад за безбедно отстранување. ***Третман на кантата со рециклабилен отпад (MRF)*** Потенцијални позитивни влијанија: се продолжува животниот век на стоките, се обезбедува преработен материјал за употреба, се подобрува одржливоста преку намалување на потребата за примарно производство на ресурси, се намалуваат количините за отстранување и еколошките трошоци во однос на енергијата и емисиите, се минимизира употребата на нови суровини и преработката на тие материјали, се заштедуваат емисии на CO_2 од потрошувачката на енергија. Одвојувањето на рециклабилните материјали во чиста MRF ќе обезбеди позитивни ефекти врз здравјето, вработувањето и економијата. Тие можат да бидат видливи преку создавање директни работни места поврзани со инсталациите за отпад и индиректни работни места за луѓето на локално и регионално ниво преку стимулирање на поширокатa економија. ***Механичка и биолошка стабилизација (MBS)*** Третманот на преостанатиот отпад во MBS ќе произведе вредни рециклабилни материјали што можат да се продаваат како компост (CLO), Fe, Al и други неметални рециклабилни материјали. Процесот на MBS може да произведе висококалорично цврсто гориво SRF кое може да се користи во електрани или во цементни печки. MBS ќе има позитивно влијание врз здравјето на луѓето, вработувањето и економските ефекти на регионално ниво. ***Компостирање во бразди-отворено компостирање*** Потенцијалните позитивни влијанија од третманот на зелен отпад со компостирање во бразди вклучуваат производство на компост со добар квалитет, што ќе ја стимулира поширокатa економија преку поврат на вредноста од рециклабилните материјали (компост како кондиционер за почва). ***Домашно компостирање*** Потенцијални позитивни влијанија од домашното компостирање: -Третман на органски отпад во руралните средини и производство на компост со добар квалитет; -Финансиска корист за индивидуалните производители на компост. ***Депонија за остатоци*** Иако отстранувањето на отпадот е најмалку пртпочитана опција, сепак е неопходен дел од интегрираниот систем за управување со отпад. Главните потенцијални позитивни влијанија од идната регионална депонија се: -Намалено или елиминирано отстранување на нелегални или општински депонии во регионот и на негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето предизвикани од депонирањето, -Соодветно и безбедно отстранување на преостанатиот отпад (остатоци) на соодветна депонија, -Можно производство на енергија од согорување на депонискиот гас, -Вработување. ***Рехабилитација на постоечки општински/нелегални депонии***

	Потенцијални позитивни влијанија од рехабилитацијата на постоечките општински/нелегални депонии: -намалување и елиминирање на загадувањето врз животната средина и здравјето на луѓето предизвикано од постојните депонии; -постои можност идните рехабилитирани локации да се користат за други активности како паркови, игралишта итн., што ќе предизвика позитивни социјални влијанија.
Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство	Сите опции ќе придонесат за одржливо управување со отпадот и ќе обезбедат најдобри резултати во рециклирањето и повторната употреба на одредени материјали, што ќе ги намали побарувачката за голем капацитет на нови депонии и влијанието врз биодиверзитетот. Рециклирањето и повторната употреба на отпадните материјали е почеток на одржливото користење на ресурсите и придонесува за намалување на побарувачката на природни материјали (експлоатацијата на природните материјали предизвикува непроценлива штета на биодиверзитетот). Рехабилитацијата на постоечките општински/нелегални депонии и регионалната депонија ќе предизвикаат позитивно влијание врз биодиверзитетот на регионално ниво, бидејќи ќе се избегне сегашното нелегално отстранување на отпад или негово депонирање на општинска депонија, што предизвикува штета на флората, фауната, живеалиштата итн. Во некои делови од регионот, состојбата на биодиверзитетот е оценета со висок ризик.
Заштита и подобрување на квалитетот на водата	Одделното и организирано собирање на различните текови на отпад за понатамошен третман и предложената опција за третман на отпадот е дел од опцијата за одржливо и интегрирано управување со отпадот и дава придонес за намалување на директно или индиректно загадување на површинските и подземните води. Рехабилитацијата на постоечките општински/нелегални депонии и регионалната депонија ќе предизвикаат позитивно влијание врз водотеците поради фактот што во иднина ќе се прекине практиката на отстранување отпад на општинските и нелегалните депонии. Понатаму, рехабилитацијата на постојните депонии и изградбата на регионалната депонија ќе го намали бројот на општински депонии. Во некои делови од регионот, статусот на водните тела се оценува со висок ризик.
Заштита и подобрување на квалитетот, квантитетот и функцијата на почвата	Рециклирањето и повторната употреба на отпадот е дел од опцијата за одржливо и интегрирано управување со отпад и придонесува за намалување на директното или индиректното загадување на почвата. Овие опции даваат можности за рециклирање и повторна употреба на одредени материјали што ќе го намалат капацитетот на депонијата и ќе предизвикаат позитивно влијание врз почвата и користењето на земјиштето. Рехабилитацијата на постоечките општински/нелегални депонии и регионалната депонија ќе предизвикаат позитивно влијание врз почвата поради фактот што постојните диви депонии и општинските депонии ќе бидат затворени, санирани и користени за други цели. Во некои делови од Регионот, состојбата на почвата е оценета со висок ризик.
Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стаклени гасови	Опциите за рециклирање и повторна употреба на отпадот придонесуваат за намалување на емисиите на стаклени гасови од депониите и можат да ги компензираат емисиите на енергија и јаглерод поврзани со екстракција и производство од природни материјали. Понатаму, опциите нудат можност за избегнување на нелегалното отстранување на отпадот и неговото палење, што ќе придонесе за подобрување на квалитетот на воздухот. Со имплементација на опциите за компостирање во бразди-отворено компостирање, ќе се намали количината на зелен отпад што завршува на депонија и предизвикува емисии на стаклени гасови (како најголем придонесувач за климатските промени).

	Рехабилитацијата на општинските/дивите депонии ќе придонесе за елиминирање на тековното/нелегално отстранување на отпад што предизвикува значително загадување на воздухот и претставува ризик за здравјето на луѓето. Исто така, изградбата на регионалната депонија и можното производство на енергија од согорување на депониското гас ќе придонесе за намалување на стакленички гасови на регионално и локално ниво.
Заштита и подобрување на материјалните добра	Опциите даваат можност за понатамошно користење на материјалите и намалување на отпадот на депониите, што придонесува за намалување на потрошувачката на енергија, вода, природни материјали итн.
Заштита и унапредување на културното наследство	Опциите ќе придонесат за намалување или елиминирање на нелегалното отстранување, што од друга страна ќе ги избегне или минимизира можните влијанија врз културното наследство или важната туристичка област во регионот.
Зачувување на карактеристиките на пределите и заштита на пределите насекаде, а особено во назначените подрачја	Опциите ќе ја намалат потребата од нелегално отстранување или потребата за голем капацитет/површина за новата депонија. Ќе се избегнат или минимизираат можните влијанија врз пределот и природното наследство. Рехабилитацијата на постојните депонии ќе има позитивно влијание врз пределот во регионот, бидејќи нелегалните/општинските депонии кои предизвикуваат значително негативно влијание во регионот како резултат на горење отпад ќе бидат исчистени и рехабилитирани. Исто така, постои можност идните рехабилитирани локации да се користат за други активности како што се паркови, игралишта итн.

Табела 71. Можни негативни влијанија предизвикани од имплементацијата на Избраното сценарио и рехабилитацијата на постојните општински/диви депонии

Избрано сценарио и рехабилитација на постојните општински/диви депонии	
Опција: Собирање	**Под-опција:** Систем за собирање со две канти (канта за рециклабилен отпад и канта за преостанат отпад), Собирни места, Одделно собирање на зелен отпад
Опција: Третман на кантата со рециклабилен отпад	**Под-опција:** Инсталација за преработка на материјали (MRF)
Опција: Третман на кантата со преостанат отпад	**Под-опција:** Механичка и биолошка стабилизација (MBS)
Опција: Третман на зелен отпад	**Под-опција:** Компостирање во бразди-отворено компостирање
Опција: Третман на изворот на создавање	**Под-опција:** Домашно компостирање
Опција: Депонија	**Под-опција:** Депонија за преостанат отпад
Опција: Рехабилитација на постојните општински/нелегални депонии	**Под-опција:** Рехабилитација на депонии-Модел "А"-Отстранување на отпад според методот "ex situ", Рехабилитација на депонии-Модел "В" Безбедно отстранување "in situ", Рехабилитација на депонии-Модел "С"-Безбедно отстранување "in situ"
Цели на СОЖС	***Оцена на влијанието предизвикано од опциите***
Подобрување на условите за живот на населението	<u>*Влијание врз здравјето*</u> Потенцијалните негативни влијанија врз здравјето предизвикани од собирање на отпад, транспорт и инсталации за управување со отпад се поврзани со: -Прашина, биоаеросоли, емисии од сообраќај, депониски гас и издувни гасови од согорувањето на депониското гас, мирис, бактерии и штетници, штетници, расфрлан отпад, бучава, можат да предизвикаат негативно влијание врз квалитетот на воздухот. -Придонес кон климатските промени преку производство на стаклени гасови од различни активности. -Исцедокот, отпадните води и загадената атмосферска вода, случајното истекување и несоодветниот третман можат да предизвикаат загадување на водата и почвата, со последици врз квалитетот на животот.

	Визуелно влијание. -Пожар и експлозии. -Зголемен патен сообраќај и метеж и можни сообраќајни несреќи. -Влијанија врз менталното здравје преку планирањето и поставувањето на инсталацијата за отпад во непосредна близина на станбената населба. -Доколку не се спроведат соодветни безбедносни мерки во инсталациите за управување со отпад, се очекуваат негативни последици по здравјето и безбедноста од неовластени посетители (нелегални собирачи на отпад, пасење добиток итн.). -Компостот од зелен отпад може да содржи голем број органски загадувачи (пестициди, фармацевтски производи, индустриски загадувачи), што има потенцијал да придонесе да се загади синџирот на исхрана и да има негативно влијание врз домашните животни што пасат. Произведениот компост (CLO) од MBS инсталации (биостабилизиран) има слаб квалитет и може да се користи како материјал за покривање на депонии или за рехабилитација на земјиште. Доколку овој компост се користи како ѓубриво, има потенцијал да го контаминира синџирот на исхрана или да предизвика негативно влијание врз домашните животни што пасат. Сите горенаведени можни влијанија врз здравјето на луѓето ќе зависат од организираниот систем за собирање и спроведените мерки, видот и староста на транспортните возила, транспортните рути, честотата на собирање, времето на привремено складирање на отпадот на местото за собирање, како и изборот на локација за изградба на инсталации за управување со отпад и нејзината чувствителност, спроведувањето на соодветни мерки и одржувањето на процесите и инсталациите. *Социо-економски аспекти* Потенцијалните негативни влијанија од социо-економски аспект (предизвикани од собирање на отпад, транспорт и инсталации за управување со отпад) се поврзани со: -Зголемената тарифа за отпад може да предизвика негативно финансиско влијание врз комерцијалниот сектор и домаќинствата. -Ранливи групи - пензионери, земјоделци кои живеат на граница на сиромаштија. -Новиот систем за управување со отпад ќе има негативно социјално влијание врз неформалниот сектор. -Користење на земјиштето во корелација со изградбата на инсталации за управување со отпад и поврзана инфраструктура - можно е некои од нив да се градат на приватно земјиште, што може да предизвика негативни влијанија врз сопствениците на парцелите. -Пренамена на земјоделско земјиште во градежна парцела. Ова може да предизвика негативно влијание врз функционалните карактеристики на земјиштето. -Рехабилитацијата на постојните (општински/диви) депонии може да ги предизвика горенаведените влијанија врз здравјето на луѓето. Се очекува дека поголем интензитет на овие влијанија ќе се појави за време на фазата на изградба, но генерирањето на депониски гас и исцедок ќе продолжи и по нејзината рехабилитација. Можното влијание од овие активности ќе биде анализирано подетално на ниво на проект.
Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство	Опциите од Избраното сценарио за управување со отпад во регионот можат да имаат негативно влијание врз биодиверзитетот поради зголемените емисии на прашина и други загадувачи, бучава, загадување на водата и почвата, зголемен сообраќај на избраната локација каде што ќе бидат поставени инсталации за управување со отпад и нејзината околина и по должината на транспортната рута. Влијанието врз биодиверзитетот ќе зависи од примената на најдобрите достапни практики за сите опции, спроведените мерки за намалување или минимизирање на влијанието врз квалитетот на воздухот, водата и почвата и чувствителноста на избраната локација. Не се очекува опциите од Избраното сценарио да предизвикаат директни негативни влијанија врз природното наследство поради критериумите за избор на локација, презентирани во РПУО (треба да се избегнува изградбата на инсталации за управување со цврст отпад во следните области: законски заштитени подрачја и поединечни елементи на природата и пределот: Натура 2000, Национални паркови, РАМСАР подрачја, итн.).

	Произведениот компост (CLO) од MBS инсталации (биостабилизиран) може да се користи како материјал за покривање на депонии. Доколку овој компост се користи како ѓубриво, може да предизвика негативно влијание врз биодиверзитетот во околното подрачје (воден биодиверзитет, животни кои пасат итн.). Не се очекува рехабилитацијата на постојните (општински/диви) депонии да влијае врз биодиверзитетот, по фазата на рехабилитација. Можни негативни влијанија може да се појават за време на градежните активности, но ова дополнително ќе се процени на ниво на проект.
Заштита и подобрување на квалитетот на водата	Сите опции (и последователните мерки и активности) во Избраното сценарио за регионално управување со отпад може да имаат негативно влијание врз водните ресурси во случај на неправилен избор на локација за изградба на инсталации за управување со отпад, потенцијално истекување, испуштен нетретиран исцедок, испуштање на отпадни води итн. Позитивен аспект е фактот што РПУО ги исклучува локациите во чувствителните сливни подрачја (на површински и подземни води) за изградба на инсталации за управување со отпад. **Собирање и транспорт** Активностите за собирање, транспорт и складирање на отпад (собирни места и претоварни станици) може да имаат негативно влијание врз површинските и подземните води како резултат на случајно истекување и исцедок, миење на возила и опрема, миење на просторот за складирање, можен инцидент и истекување за време на транспортот на отпад. Природата на ефектите ќе зависи од карактеристиките на просторот за собирање, видот на садовите за собирање, видот на возилата за собирање, транспортните рути и квалитативните и квантитативните карактеристики на водотекот. **Инсталации за преработка на материјали (MRF)** Не се очекува значително влијание врз водните тела со имплементација на чиста MRF. Единствената емисија на вода од MRF (чиста) се очекува од истекување на паркинг просторот и миење на возилата и опремата, како и потенцијално мало истурање од дробење/балирање на конзерви/шишиња итн. Доколку оваа вода се испушта непречистена, може да предизвика загадување на водите. **Механичка и биолошка стабилизација (MBS)** Случајно испуштениот исцедок од биолошката стабилизација/компостирање може да претставува потенцијална опасност за површинските или подземните води. Процесот на компостирање има значителна потреба од влага, која се користи во почетната фаза на пулверизација, а потоа испарува во фазата на компостирање. Така, секој произведен исцедок може да се искористи во рамките на процесот. Испуштениот исцедок обично содржи биоразградливи соединенија (што го прави да мириса) нитрати и органски киселини. Овој вид загадени, непречистени води може да има негативно влијание врз водотеците. **Компостирање во бразди-отворено компостирање** Влијанието врз водотеците (површински и подземни) од постројката за компостирање е поврзано со емисиите од истекување на површинските води и исцедокот од компостирањето, а исто така и преку секакво миење на возила и опрема. Исцедокот од компостирањето може да влијае на површинските или подземните води ако се испушта без третман. Компостирањето на зелен отпад има потенцијал да генерира поголеми количини на вишок течност, особено ако се спроведува на отворено. Дури и добро управуваните операции на компостирање ќе генерираат мали количини на исцедок. **Депонирање** Планираната регионална депонија ќе биде модерна со имплементирани мерки за заштита на подземните и површинските води. Сепак, може да се појават некои влијанија, поврзани со можни емисии од истекување на површинските води и исцедокот од депонијата. Случајното испуштање на исцедок од депонијата или контаминираните површински дренажни води може да имаат значителни ефекти врз квалитетот на водата (површински или подземни води). Сепак, степенот на кој било ефект ќе зависи од хидрогеолошките карактеристики на локацијата, спроведените мерки за заштита на подземните и површинските води, инсталираниот дренажен

	слој, мерките за избегнување на можни појави на несреќи и вонредни ситуации, волуменот и интензитетот на испуштањето, намалувањето на сите испуштања и хидролошкиот и еколошкиот капацитет на реципиентот. Овој тип на влијанија ќе претставува долгорочна закана, за време на работењето на депонијата и по нејзиното затворање. **Рехабилитација на постоечки општински/нелегални депонии** Рехабилитацијата на постојните депонии може да предизвика негативно влијание врз водното тело. Повисок опсег на интензитет на ова влијание се очекува за време на фазата на изградба, но генерирањето на исцедок ќе продолжи и по нејзината рехабилитација; па затоа не е исклучена можноста за влијание врз водата предизвикано од предложените модели. Не се очекува опцијата Модел „А"-Отстранување на отпад според методот „ex situ" да предизвика негативни влијанија врз водата по фазата на рехабилитација, бидејќи локацијата ќе се исчисти и отстранетиот отпад ќе се отстранува на општинските депонии. Останатите модели за рехабилитација „in situ" може да предизвикаат негативно влијание врз водите, бидејќи и покрај рехабилитацијата, депонираниот отпад ќе продолжи да создава исцедок. Евентуалното негативно влијание врз водата предизвикано од исцедокот ќе зависи од спроведените мерки за третман на исцедокот. Можното влијание на овие активности ќе се анализира подетално на проектно ниво.
Заштита и подобрување на квалитетот, квантитетот и функцијата на почвата	Преферираните опции за управување со отпад во регионот може потенцијално да имаат негативно влијание врз квалитетот на отпадот во случај на неправилен избор на локација за изградба на инсталации за управување со отпад, потенцијално истурање, ослободен нетретиран исцедок и отпадни води итн. Сепак, треба да се спомене дека РПУО ги исклучува локациите со карактеристична (чувствителна) почва за изградба на инсталации за управување со отпад. **Собирање и транспорт** Собирањето и транспортот на отпад може да имаат негативно влијание врз квалитетот на почвата како резултат на неправилно собирање и складирање, потенцијално истурање од отпад од пакување, исцедок од зелен отпад и истурање на собирни места, претоварни станици, миење на возила и опрема и можен инцидент за време на транспортот на отпад. Природата на ефектот ќе зависи од карактеристиките на областа за собирање, видот на садовите за собирање, видот на возилата, транспортната рута и карактеристиките на земјиштето и ќе биде прецизно дефинирана на ниво на проект. **Инсталации за преработка на материјали (MRF)** Постои потенцијал MRF да има локални негативни ефекти врз почвата преку инцидентно испуштање на отпадни води или истурање, таложење на седимент во воздух итн. Понатаму, MRF инсталацијата би генерирала остатоци од отпад кои би се отстранувале на депонијата. **Механичка и биолошка стабилизација (MBS)** Процесите за MBS може да имаат негативни ефекти врз почвата поради инцидентно испуштање на отпадни води или истурање, исцедок, таложење на седимент во воздух итн. Влијанијата врз почвите дополнително ќе зависат од квалитетот на резидуалниот материјал - CLO. Влијанијата ќе зависат од нивото на преработка на резидуалниот материјал и неговата крајна примена. Постои можност значително количество инертни загадувачи да останат во производот од процесот за MBS - CLO, што ќе резултира со добивање на CLO со низок квалитет (овој тип на CLO може да се користи само за покривање на депонии или за рехабилитација на депонии). За да се избегне ова, потребно е да се изврши обемно сортирање на овие инертни загадувачи за време на процесот на MBS. Долгото време на ретенција за стабилизација на отпадот може да бара значителни површини за созревање на материјалот, што од друга страна може да ги засегне сопствениците на земјиштето. **Компостирање во бразди-отворено компостирање** Компостирањето во бразди ќе има негативни ефекти врз почвата поради случајно испуштање на отпадни води или истурање, исцедок, контаминиран компост итн.

	Контаминацијата на компостот од зелен отпад може да потекнува од ниско инертни загадувачи (стакло, пластика и метали) кои обично се отстрануваат со комбинација на визуелна инспекција и скрининг. Во однос на контаминацијата со тешки метали, зеленият отпад е веројатно најмалку контаминираната суровина. Отпадниот материјал, што се користи за компостирање, може да содржи голем број органски загадувачи (пестициди, фармацевтски производи, индустриски загадувачи) што може да предизвикаат контаминација на почвата. **Депонирање** Депонирањето на резидуалниот отпад на депонијата може да има негативни ефекти врз почвата поради случајно испуштање на одводната вода, исцедок, контаминирани остатоци итн. Исто така, на почвите може значително да влијаат операциите на депонирање, особено поради зафаќањето на големи површини земјиште (волуменот на почвата што се отстранува и складира за време на изградбата и дизајнот на депонијата). Обемот на влијанието зависи и од геолошките и геоморфолошките услови на теренот. **Рехабилитација на постоечки општински/нелегални депонии** Рехабилитација на постојните депонии може да има негативно влијание врз почвата. Се очекува поголем интензитет на ова влијание во фазата на изградба, но генерирањето исцедок ќе продолжи и по рехабилитацијата; со што не е исклучена можноста за влијание врз почвата предизвикано од предложените модели. Не се очекува опцијата Модел „А"-Отстранување на отпад според методот „ex situ" да има негативни влијанија врз почвата по фазата на рехабилитација, бидејќи локацијата ќе биде исчистена и отпадот ќе се отстранува на општинските депонии. Останатите модели за рехабилитација „in situ" може да имаат негативно влијание врз почвата предизвикани од создадениот исцедок, бидејќи и покрај рехабилитацијата, депонираниот отпад ќе продолжи да создава исцедок. Можното негативно влијание врз почвата предизвикано од исцедокот ќе зависи од спроведените мерки за третман на исцедокот. Можното влијание на овие активности ќе се анализира подетално на проектно ниво.
Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стаклени гасови	Повеќето активности од Избраното сценарио за РПУО може да имаат негативни влијанија врз квалитетот на воздухот како резултат на генерирање прашина, биоаеросоли, емисии од сообраќај, депониски гас и издувни гасови од согорувањето на депонискиот гас, мирис, бактерии и штетници, расфрлан отпад, бучава, во случај на несоодветен избор на локација за изградба на инсталации за управување со отпад и несоодветни мерки и одржување на процесите и инсталациите. Поради фактот што сите споменати операции се поврзани со специфичните активности за имплементација на проектот, прецизната оцена на влијанијата ќе се направи на ниво на проект. **Собирање и транспорт** Активностите за транспорт на отпад може да имаат негативно влијание врз квалитетот на воздухот како резултат на неправилно складирање и собирање. Несоодветното собирање и складирање на биоразградлив отпад може да резултира со стаклени гасови, мирис, бактерии итн. Исто така, други видови објекти како што се собирни места, претоварни станици и текови отпад (отпад од пакување) може да генерираат биоаеросоли, прашина, испарливи органски соединенија, мириси, бактерии, габи итн. Одделното собирање на отпад бара зголемен и различен тип на возила. Транспортот на отпадот може да биде на долги растојанија, што може да предизвика генерирање на стаклени емисии, прашина, емисии на NO_x, мирис итн. Природата на влијанието ќе зависи од видот на садовите за собирање, видот на возилата, транспортната рута, локацијата на просторот за складирање и капацитетот на амбиентниот воздух. Исто така, овие активности ќе генерираат зголемено ниво на бучава што може да предизвика негативно влијание врз населението и постојната фауна. **Инсталации за преработка на материјали (MRF)** MRF ќе генерира првенствено фугитивни емисии во воздухот, како резултат на ракување и сортирање на отпад.

	Емисии би можеле да се појават доколку отпадот остане во објектот подолг временски период. Ова би можело да ги зголеми емисиите на мириси и евентуално микроорганизми. Се чини дека MRF веројатно нема да создаде значителни влијанија врз квалитетот на воздухот. Бучавата може да биде потенцијален проблем во MRF поради одредени операции, како што е ракувањето со стакло. **Механичка и биолошка стабилизација (MBS)** Работата на MBS системите ќе резултира со влијанија врз квалитетот на воздухот преку емисија на биоаеросоли, прашина, VOC и мириси. Неправилното одржување на купиштата компост, за време на процесот на компостирање, ќе резултира со ослободени гасови што можат да предизвикаат негативен ефект. Кога купиштата не се аерирани правилно, колониите на анаеробни бактерии се размножуваат и произведуваат метан гас. Процесот на распаѓање, исто така, ослободува јаглерод диоксид, испарливи органски соединенија, бактерии и габи. Ослободувањето на метан и јаглерод диоксид придонесува за проблемот со климатските промени. Лошо управуваните постројки за компостирање, исто така, предизвикуваат непријатни мириси. Емисиите на мирис што произлегуваат од компостирањето на отпадот предизвикуваат најголеми поплаки од луѓето. Во споредба со другите форми на компостирање, компостирањето на остатоци од отпад ќе има намалена емисија на мирис поради употребата на систем за покривање (мембрана). **Компостирање во бразди-отворено компостирање** Емисиите од компостирање во бразди се поврзани со процесот на распаѓање што предизвикува ослободување на N_2O, NH_3, CH_4, VOCs, CO_2, бактерии, габи и мириси. Гасовите ослободени од неправилно одржуваните купови компост, поврзани со процесот на компостирање, ќе имаат негативни ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух. Ослободувањето на метан и јаглерод диоксид придонесува за проблемот со климатските промени. Лошо управуваните постројки за компостирање, исто така, предизвикуваат непријатни мириси. Повеќето поплаки се поврзани со емисиите на мириси за време на компостирањето на отпадот. Природата на влијанието ќе зависи од видот на оперативниот процес и периодот на созревање на компостот. **Депонирање** Депонирањето може да резултира со голем број ефекти врз квалитетот на локалниот воздух или од површински емисии на испарливи органски соединенија, депониски гас или емисии од согорување на депониски гас. Испарливите органски соединенија од површинските емисии може да бидат поврзани со мирис. Депонискиот гас е составен од голем број гасови, но главно метан (CH_4) и јаглерод диоксид (CO_2). Исто така, има и други помали компоненти како што се јаглеводороди, водород сулфид (H_2S), амонијак (NH_3), оксигенирани и халогенирани органски соединенија. Во текот на првите пет до осум години од работењето, депонискиот гас ќе се согорува, бидејќи производството на депониски гас е премногу ниско по квантитет и квалитет за да се користи за цели на производство на енергија. Емисиите на нуспроизводи од согорувањето на депонискиот гас се NO_x, CO, PM и вкупни диоксини/фурани. Исто така, ќе се генерираат емисии од возилата за отпад на локацијата на депонијата. Сите споменати емисии можат да предизвикаат негативно влијание врз квалитетот на воздухот и да придонесат за климатските промени на локално, регионално и глобално ниво. Многу е важно да се спомене дека генерирањето на депониски гас ќе продолжи и по затворањето на депонијата. Други влијанија врз животната средина, поврзани со депониите, може да вклучуваат ризици од миграција/експлозија на гас, визуелно нарушување и расфрлање на отпадот. Мирисот може да се почувствува дури и од растојание од 500 метри, што може да биде причина за поплаки. Секое влијание, сепак, ќе зависи од природата на отпадот што се депонира, дизајнот на депонијата, степенот на зафаќање на депонискиот гас, временските услови и близината/ориентацијата на чувствителните рецептори. Како

	што зафаќањето и согорувањето на депониски гас стануваат сè пораспространети низ целата депонија, се очекува влијанијата од мирисите од депонијата да се намалат. Планираната регионална депонија ќе биде модерна и во согласност со законските националните барања и стандардите на ЕУ, кои опфаќаат мерки за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух. **Рехабилитација на постоечки општински/нелегални депонии** Рехабилитација на постојните депонии може да има негативно влијание врз квалитетот на воздухот. Поголем интензитет на ова влијание се очекува во фазата на рехабилитација, но производството на депониски гас ќе продолжи и по рехабилитацијата, така што не е исклучена можноста за влијание врз квалитетот на воздухот предизвикано од предложените модели. Не се очекува опцијата Модел „А" - Отстранување на отпадот според методот „ex situ" да има негативни влијанија врз квалитетот на воздухот по фазата на рехабилитација, бидејќи локацијата ќе се исчисти и отстранетиот отпад ќе се отстранува на општинските депонии. Методите за „in situ" рехабилитација може да имаат негативно влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух, предизвикан од генерираниот депониски гас, кој ќе продолжи да се генерира и по затворањето на депониите. Можното негативно влијание врз квалитетот на воздухот предизвикано од депониските гас ќе зависи од спроведените мерки за екстракција и третман на депониските гас. Можното влијание на овие активности ќе биде подетално анализирано на ниво на проект.
Заштита и подобрување на материјалните добра	Несоодветниот избор на локација за изградба на инсталации за управување со отпад и несоодветното одржување на процесите во капацитетите, како и собирањето и транспортот на генерираниот отпад, може да влијаат на локалните материјални добра како што се патиштата, канализацијата, водоводот, електричната енергија итн. **Собирање и транспорт** Неодржливиот транспорт на отпад ќе предизвика негативно влијание врз локалните и регионалните патишта. Исто така, несоодветното собирање на отпадот од страна на населението, пр. мешање на различни фракции на отпад во садови кои не се соодветни за тие текови на отпад, ќе ги зголеми оперативните активности во понатамошните инсталации за третман. Тоа ќе резултира со зголемена потрошувачка на суровини и генерирање на значителни количини на фракции за депонирање. Собирните места и претоварните станици може да предизвикаат негативно влијание врз материјалната добра како резултат на зафаќање на земјиште за изградба на инсталацијата, потрошувачка на енергија и вода, оптоварување на канализациониот систем, итн. **Инсталации за преработка на материјали (MRF)** Остатоците од MRF кои немаат економска вредност ќе бидат депонирани на депонијата. Доколку операциите на MRF не се соодветни, ќе се зголеми количината на остатоци што ќе се отстрануваат на депонија и ќе има негативно влијание врз материјалната добра. MRF може да има негативно влијание врз материјалните добра како резултат на зафаќање на земјиште за изградба на инсталацијата, потрошувачка на енергија и вода, оптоварување на канализациониот систем, итн. **Механичка и биолошка стабилизација (MBS)** Остатоците од MBS кои немаат економска вредност ќе се депонираат на депонијата. Се претпоставува дека 50-55% од отпадот може да се пренасочи од отстранување на депонија, иако приближно половина од ова пренасочување може да се должи на материјалите што се користат за рехабилитацијата или управувањето со локацијата. Доколку операциите на MBS не се соодветни, количината на остатоци што ќе се отстрануваат на депонија ќе се зголеми и ќе предизвика негативно влијание врз материјалните добра. MBS може да предизвика негативно влијание врз материјалните добра како резултат на зафаќање на земјиште за изградба на инсталацијата, произведениот CLO, потрошувачката на енергија и вода, оптоварувањето на канализацискиот систем, итн. **Компостирање во бразди-отворено компостирање**

	Компостирањето во бразди може да предизвика негативно влијание врз материјалните добра како резултат на зафаќање на земјиште за изградба на инсталацијата, произведениот компост, потрошувачката на енергија и вода, оптоварувањето на канализацискиот систем, итн. **Депонирање** Регионалната депонија за остатоци може да предизвика негативно влијание врз материјалните добра како резултат на зафаќање на земјиште за изградба на инсталацијата, потрошувачката на енергија, потрошувачката на вода, оптоварувањето на канализацискиот систем, итн. Сите влијанија споменати погоре за сите опции ќе зависат од капацитетот и моќноста на постојната инфраструктурна мрежа и капацитетот на инсталациите. **Рехабилитација на постоечки општински/нелегални депонии** Рехабилитација на постоечка депонија со имплементација на методот „ex situ" може да има негативно влијание врз материјалните добра за време на активностите за рехабилитација и потоа. Депонираниот отпад на постоечката депонија ќе биде целосно отстранет и депониран на општинските депонии. Ова ќе го зголеми капацитетот на општинските депонии, површинското земјиште за отстранување и количеството на исцедок и депониски гас кои треба да се третираат. Овие третмани се поврзани со зголемена потрошувачка на енергија, потрошувачка на вода, оптоварување на канализациониот систем, итн. Специфична евалуација на влијанијата ќе се направи на ниво на проект.
Заштита и унапредување на културното наследство	Мерките и активностите вклучени во Избраното сценарио и рехабилитацијата на постоечките општински/нелегални депонии нема да се имплементираат на локациите или во подрачјата што се назначени како културно наследство.
Зачувување на карактеристиките на пределите и заштита на пределите насекаде, а особено во назначените подрачја	Сите активности од Избраното сценарио може да имаат негативно влијание врз пределот. Треба да се истакне дека СИР има истакната животна средина и назначени подрачја, кои се вредни за локалната заедница и за туристите. Затоа, многу е важно да се земе предвид ова прашање при изборот на локации за управување со отпад. РПУО ги исклучува локациите со карактеристичен предел или назначените подрачја за изградба на инсталации за управување со отпад. **Собирање и транспорт** Собирањето на отпадот може да има потенцијално влијание врз визуелниот аспект како резултат на зголемениот број на собирање на канти за отпад, нивната големина и боја, расфрлан отпад, итн. Природата на влијанието ќе зависи од локацијата за поставување канти за собирање, честота на собирање на отпадот, периодот на привремено складирање, итн. **Други опции** Сите инсталации за управување со отпад ќе бидат централизирани на регионално ниво и веројатно ќе биде потребен поголем простор, каде што може да се појават визуелни влијанија врз пределите. Друго влијание врз пределот може да е поврзано со визуелно нарушување, расфрлан отпад, складирање на рециклиран материјал, компост, ископан материјал и материјал за покривање на депонијата, итн. Природата на влијанието ќе зависи од локацијата, активностите за управување со работата, ракувањето со материјали, итн. Рехабилитацијата на постојната депонија може да предизвика негативно влијание врз пределот, особено во случај на имплементација на методот ex situ (во фазата на изградба). Можното влијание од овие активности ќе се утврди и оцени на ниво на проект. По рехабилитацијата на депонијата не се очекуваат негативни влијанија и овие локации можат да се користат како паркови, игралишта итн.

Табела 72. Потенцијални кумулативни и синергетски влијанија предизвикани од спроведувањето на активностите во Предложениот проект и рехабилитација на постојните општински/нелегални депонии

Тема на СОЖС	Потенцијални влијанија
Население	Позитивно кумулативно и синергетско влијание ќе се постигне со имплементација на Избраното сценарио, а рехабилитацијата на постојните депонии (кои се смета дека имаат значително влијание врз животната средина) ќе придонесе за намалување на ризикот по здравјето на луѓето во регионот.

	Произведениот рециклиран материјал ќе предизвика позитивни кумулативни и синергетски влијанија врз развојот на економијата, земјоделството итн. Кумулативните ефекти се главно поврзани со влијанијата врз локалните заедници во близина на новата инфраструктура во однос на прашина, мирис, бучава и зголемено загадување со сообраќај, вода и почва. Зголемениот транспорт и емисии од возилата ќе предизвикаат кумулативни и синергетски влијанија врз здравјето на луѓето. Природата на влијанијата ќе зависи од локацијата и одржувањето на инсталациите за управување со отпад, како и од влијанијата предизвикани од развојните активности во целото подрачје.
Биолошка разновидност, флора и фауна	Се очекува имплементацијата на Избраното сценарио и рехабилитацијата на постојната депонија (вклучувајќи затворање и рехабилитација на општинските/нелегалните депонии, минимизирање на отпадот и подобри практики за управување со цврст отпад) да резултираат со генерално позитивно кумулативно и синергистичко влијание врз природата воопшто и конкретно врз квалитетот на живеалиштата и заштитата на видовите флора и фауна. Негативните кумулативни влијанија може да се појават главно поради локацијата и одржувањето на инсталациите за управување со отпад, како и влијанијата од развојните активности во целото подрачје.
Почва	Позитивно кумулативно и синергистичко влијание ќе се постигне со имплементација на Избраното сценарио и рехабилитација на постојната депонија, со што ќе се придонесе за намалување на загадувањето на почвата во регионот. Негативните кумулативни влијанија може да се појават главно поради локацијата и одржувањето на инсталациите за управување со отпад, како и влијанијата од развојните активности во целото подрачје.
Вода	Позитивно кумулативно и синергистичко влијание ќе се постигне со имплементација на Избраното сценарио и рехабилитација на постојната депонија, што ќе придонесе за намалување на загадувањето на површинските и подземните води во регионот. Негативните кумулативни влијанија може да се појават главно поради локацијата и одржувањето на инсталациите за управување со отпад, како и влијанијата од развојните активности во целото подрачје. Влијанието зависи од тоа колку нови инсталации се предложени, нивните локации, т.е. близина до водотеци. Кумулативниот и синергистички ефект врз водата ќе зависи од квалитетот на испуштените отпадни води во реципиентите и квалитативните и квантитативните карактеристики на реципиентот.
Воздух	Позитивно кумулативно и синергетско влијание ќе се постигне со имплементација на Избраното сценарио и рехабилитација на постојната депонија. Опциите за рециклирање и повторна употреба на отпадот придонесуваат за намалување на емисиите на стакленички гасови од депонијата и можат да ги компензираат емисиите на енергија и јаглерод поврзани со екстракција и производство од природни материјали. Негативните кумулативни и синергетски влијанија од предложените опции ќе бидат можни во подрачјето со лош квалитет на воздухот и ќе зависат од влијанијата на развојните активности во целото подрачје. Емисиите генерирани од собирање и транспорт на отпадот, исто така, ќе предизвикаат негативни кумулативни и синергетски влијанија.
Предел	Позитивно кумулативно и синергистичко влијание ќе се постигне со имплементација на Избраното сценарио и рехабилитација на постојната депонија. Овие опции ќе ја намалат/елиминираат вообичаената практика на нелегално отстранување или ќе биде потребна голема површина за депонирање, што ќе придонесе за избегнување или минимизирање на влијанието врз природата и природното наследство. Негативните кумулативни и синергистички влијанија се поврзани со површината на која ќе се градат нови инсталации за управување со отпад и поврзаност со други развојни активности во тоа подрачје.
Материјални добра и ефикасност на ресурсите	Превенцијата на создавањето отпад, повторната употреба и рециклирањето, заедно со третманот на остатоците овозможува позитивни кумулативни и синергистички ефекти како резултат на намален притисок врз примарните ресурси и намалена количина на отпад што се отстранува на депонија. Негативните кумулативни и синергистички влијанија се поврзани со локацијата и големината на земјиштето за поставување на нови инсталации за отпад, развојот на околината на подрачјето, постојната инфраструктура, како што се канализациски систем, водовод, локални и регионални патишта, капацитетот на инсталациите и нивните потреби за електрична енергија, вода, канализациски систем, количината на отпад отстранет по моделот „ex situ", итн.

Табела 73. Легенда за матрицата за оцена на влијанијата

Влијание и интензитет		Вид на влијание		Временска рамка		Опсег	
Големо позитивно влијание		Директно	D	Краткорочно	S	Локален	L
Умерено позитивно влијание		Индиректно	I	Среднорочно	M	Регионален	R
Мало позитивно влијание		Кумулативно	C	Долгорочно	L	Национален	N
Занемарливо/Неутрално влијание		Синергистичко	S	Не е применливо	NA	Прекугранично	T
Без влијание (NA– не е применливо)		Не е применливо	NA			Не е применливо	NA
Мало негативно влијание							
Умерено негативно влијание							
Големо негативно влијание							
Неопределено влијание [19]	?						

[19] Влијанија што е тешко да се утврдат во оваа фаза

Табела 74. Матрица за оцена на можните позитивни влијанија предизвикани од имплементацијата на Избраното сценарио и рехабилитацијата на постојните општински/нелегални депонии

Опција: Сите опции во Избраното сценарио и рехабилитација на постојните општински/ нелегални депонии				
Цели на СОЖС	Влијание и интензитет	Вид на влијание	Временска рамка	Опсег
Население и здравје на луѓето		D/I/C/S	S/M/L	L/R/N
Биодиверзитет и природно наследство		D/I/C/S	L	L/R/N
Вода		D/I/C/S	L	L/R/N
Почва		D/I/C/S	L	L/R/N
Воздух и климатски промени		D/I/C/S	L	L/R/N
Материјални добра		D/I/C/S	L	L/R/N
Културно наследство		D/I/C/S	L	L/R/N
Предел		D/I/C/S	L	L/R/N

Табела 75. Матрица за оцена на можните негативни влијанија[20] предизвикани од имплементацијата на Избраното сценарио и рехабилитацијата на постојните општински/ нелегални депонии

Тема на СОЖС	**Систем за собирање**				**Собирни места**				**Претоварна станица**				**Транспорт**			
	Влијание и интензитет	Вид на влијание	Временска рамка	Опсег	Влијание и интензитет	Вид на влијание	Временска рамка	Опсег	Влијание и интензитет	Вид на влијание	Временска рамка	Опсег	Влијание и интензитет	Вид на влијание	Временска рамка	Опсег
Население и здравје на луѓето		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L/R/N

[20] Сите инсталации за управување со отпад ќе работат во согласност со примената на ИСКЗ. Негативни влијанија со поголем интензитет се можни во случај на неправилно управување или во случај на несреќа.

Биодиверзитет и природно наследство		NA	NA	NA		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L/R/N
Вода		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L/R/N
Почва		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L/R/N
Воздух и климатски промени		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L/R/N
Материјални добра		D/C/S	L	L		D/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/C/S	L	L/R/N
Културно наследство		NA	NA	NA		NA	NA	NA		NA	NA	NA		NA	NA	NA
Предел		D/C/S	L	L		D/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/C/S	L	L/R/N

Тема на СОЖС	**Инсталација за преработка на материјали (MRF)**				**Механичка и биолошка стабилизација (MBS)**				**Компостирање во бразди-отворено компостирање**				**Домашно компостирање**			
	Влијание и интензитет	Вид на влијание	Временска рамка	Опсег	Влијание и интензитет	Вид на влијание	Временска рамка	Опсег	Влијание и интензитет	Вид на влијание	Временска рамка	Опсег	Влијание и интензитет	Вид на влијание	Временска рамка	Опсег
Население и здравје на луѓето		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		NA	NA	NA
Биодиверзитет и природно наследство		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		NA	NA	NA
Вода		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		NA	NA	NA

Почва		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L/R/N		D/I/C/S	L	L		NA	NA	NA
Воздух и климатски промени		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L		D	L	L
Материјални добра		D/C/S	L	L		D/C/S	L	L		D/C/S	L	L		NA	NA	NA
Културно наследство		NA	NA	NA		NA	NA	NA		NA	NA	NA		NA	NA	NA
Предел		D/C/S	L	L		D/C/S	L	L		D/C/S	L	L		NA	NA	NA

Тема на СОЖС	**Депонија за остатоци**			
	Влијание и интензитет	**Вид на влијание**	**Временска рамка**	**Опсег**
Население и здравје на луѓето		D/I/C/S	L	L
Биодиверзитет и природно наследство		D/I/C/S	L	L
Вода		D/I/C/S	L	L
Почва		D/I/C/S	L	L
Воздух и климатски промени		D/I/C/S	L	L
Материјални добра		D/C/S	L	L
Културно наследство		NA	NA	NA
Предел		D/C/S	L	L

Тема на СОЖС	**Рехабилитација на депонии (Модел"А"-Отстранување на отпад според методот "ex situ(")**				**Рехабилитација на депонии (Модел"В"-Безбедно отстранување "in situ")**				**Рехабилитација на депонии (Модел"С"-Безбедно отстранување "in situ")**			
	Влијание и интензитет	**Вид на влијание**	**Временска рамка**	**Опсег**	**Влијание и интензитет**	**Вид на влијание**	**Временска рамка**	**Опсег**	**Влијание и интензитет**	**Вид на влијание**	**Временска рамка**	**Опсег**
Население и здравје на луѓето		NA	NA	NA	?	NA	NA	NA	?	NA	NA	NA
Биодиверзитет и природно наследство		NA	NA	NA		I/C/S	M/L	L		I/C/S	M/L	L

Вода		NA	NA	NA	?	NA	NA	NA	?	NA	NA	NA
Почва		NA	NA	NA	?	NA	NA	NA	?	NA	NA	NA
Воздух и климатски промени		NA	NA	NA		D/I/C/S	L	L		D/I/C/S	L	L
Материјални добра		NA	NA	NA		D/I/C/S	L	L		NA	NA	NA
Културно наследство		NA	NA	NA		NA	NA	NA		NA	NA	NA
Предел		NA	NA	NA		NA	NA	NA		NA	NA	NA

10. МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ

Една од целите на Стратешката оцена на животната средина е да предложи соодветни мерки за намалување или ублажување на негативните влијанија од спроведувањето на активностите предложени во Регионалниот план за управување со отпад за Источниот регион.

Влијанијата врз специфичните медиуми на животната средина ќе бидат ефикасно елиминирани или подобрени, доколку при спроведувањето на активностите предложени во Планот или активностите што произлегуваат од дополнителни специфични проекти, се земат предвид мерките дефинирани во стратешките оцени на животната средина. Понатаму, треба да се земат предвид и да се спроведат мерките што произлегуваат од поединечните извештаи за проекти од пониско ниво (Студија или елаборат за ОВЖС), како и мерките од постапката за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ).

За да се избегнат, минимизираат или намалат можните влијанија, се предлагаат следните мерки за ублажување:

Табела 76. Мерки за ублажување

Мерки за ублажување	
Подобрување на условите за живот на населението	- Инсталациите за третман на отпад треба да бидат лоцирани на нечувствителни локации. При изборот на локација, покрај другите критериуми, треба да се земат предвид и растојанијата од границите со урбаните локации, рекреативните зони и зоните за водоснабдување. - Локациите кои се на растојание поголемо од 5 km од станбени површини треба да се земат предвид и да се испитаат при изборот на локацијата на инсталациите за управување со отпад. - Се препорачува инсталациите за управување со отпад да бидат естетски дизајнирани, доколку се наоѓаат во близина на станбена населба. - Одборот на жителите или претставниците на заедницата треба да имаат влијание и активно учество во изборот на локации за изградба на инсталации за управување со отпад, деталите за проектирањето и работењето на предложените инсталации, пр. работното време, предложената рута низ станбените области итн. - Се препорачува оперативната сообраќајна рута и утврдената временска рамка да се определат во консултација со локалното население со цел да се избегнат метежите на клучните патишта во и околу инсталацијата и локалното подрачје. -Препорачана примена на мерки на политиката, стимулации, доброволни договори, квантификувани цели, фискални инструменти и/или регулатива како алатки со кои надлежните органи треба да ги поддржат и охрабрат луѓето и бизнисите за имплементација на квантификуваните цели кои потекнуваат од хиерархијата на отпадот, земајќи ги предвид економските, социјалните и аспектите на заштитата на животната средина. -Се препорачува воспоставување на правни и институциски капацитети за спроведување на предложените активности на сите нивоа на управување со отпад. -Се препорачува обезбедување информации и обука за поширокатa јавност и локалните бизниси за начинот на намалување на отпадот, потребата од користење на производите подолг временски период и можноста другите да ги користат повторно.

	-Овозможување на локалните бизниси да ги препознаат и да дејствуваат врз основа на потенцијалните заштеди на суровини и превенција на отпад, како и да идентификуваат можности за раст. -Воведување јавни кампањи за подигање на јавната свест и запознавање на локалното население со РПУО. -Едукација на жителите како да го користат новиот режим на собирање на отпад, со јасни упатства кои контејнери треба да се користат за секој вид отпад и едукација како да се практикува домашно компостирање, собирни места итн. -Се препорачуваат кампањи за подигање на јавната свест за промовирање на активности за повторна употреба, рециклирање и поправки. -Се препорачува обезбедување достапен систем за собирање со цел да се максимизира собирањето и да се минимизираат влијанијата од отстранувањето на отпадот на нелегални депонии и неконтролираното горење. -Обезбедувањето соодветни контејнери и локации за складирање на отпад се смета за сведување на расфрланиот отпад и штетниците на минимум. -Возилата за собирање би можеле да бидат дизајнирани да можат да ги земаат поединечните фракции на отпад заедно, со цел да се минимизира бројот на патувања за собирање. -Обезбедување на сите жители доволен пристап до услуги за отстранување на отпад за да се избегне диво фрлање, други нелегални рути за отстранување на отпад или дополнителен личен транспорт за отстранување на отпад. -Се препорачува оптимизација на транспортот и намалување на бројот на патувања поврзани со активностите за отпад. -Со транспортот на отпад треба да се управува според условите во лиценцата. -Инсталациите треба да работат и да се управуваат според условите на дозволата за ИСКЗ. -Се препорачува да се испита можноста за поставување инсталации за управување со отпад на деградирани површини[21] наместо во недопрена природа[22]. -Примена на „Принципот на близина" во најголема можна мера. -Експропријација на земјиштето и фер компензација на засегнатото население во случај на зафаќање нови области потребни за имплементација на инсталации за управување со отпад и потребната инфраструктура. -Техничките барања за изградба, поставување, работење и грижа по затворањето на депониите мора да бидат во согласност со Директивата за депонии (ЕУ 2018/850) и соодветното национално законодавство, со цел да се обезбедат солидни еколошки и здравствени заштитни мерки. -Воведување соодветни мерки за ублажување за намалување на влијанијата врз медиумите и состојбата на животната средина предизвикани од сите инсталации за управување со отпад. -Препорачливо е ограничување на пристапот до инсталациите за управување со отпад со спроведување на безбедносни процедури. -Се препорачува воведување на добро управувани операции за компостирање со цел производство на компост со висок квалитет, со што ќе се избегнат потенцијалните негативни влијанија врз здравјето на луѓето предизвикани од контаминација со тешки метали или органски загадувачи (пестициди, фармацевтски производи, индустриски загадувачи). -Создавање нови работни места за локалните жители и давање приоритет на вработувањето на ранливите социјални групи.

[21] Brownfield sites - Земјиште кое претходно се користело за индустриски или комерцијални цели
[22] Greenfield sites - Неразвиено земјиште во рурални или урбани средини кое се користи за земјоделски потреби или е оставено да се развива природно

	-Креирање експлицитни придобивки за локалните жители од бесплатните услуги за отпад на собирните места.
Заштита и унапредување на биодиверзитет и природно наследство	- Забранета е изградба на инсталации за управување со отпад во рамките на природните екосистеми, живеалиштата на загрозените видови, парковите, шумите, заштитените подрачја на природата (законски заштитени подрачја, Натура 2000, национални паркови, RAMSAR подрачја итн.) и истите треба да бидат исклучени од идното планирање на локацијата. Се препорачува соодветен избор на локација за изградба на инсталации за управување со отпад, во однос на земјиште со вредна биолошка разновидност и чувствителни водни ресурси (водни екосистеми). Треба да се внимава локациите да не се наоѓаат близу до живеалишта кои се многу подложни на емисиите од овие инсталации и да се избегнува земјиште на особено чувствителни локации. -Спроведување на соодветни мерки за ублажување за намалување на емисиите во воздухот, бучавата, водата и загадувањето на почвата во согласност со законските барања дефинирани со ИСКЗ дозволата. -Спроведување мерки за оградување на просторот каде што се изградени инсталации за управување со отпад. -Потребно е отпадот да се става, компактира и покрива во дефинираните ќелии на депонијата, со цел да се избегне потенцијалното привлекување на штетници и муви. -Се препорачува да се изврши детална истрага и мерки за заштита за намалување на влијанието врз биодиверзитет и природно наследство во фаза на постоечка рехабилитација на депонијата. -Мерките за рехабилитација на постоечката депонија треба да ги земат предвид сите предложени мерки за заштита и унапредување на биодиверзитетот и природното наследство.
Заштита и подобрување на квалитетот на водата	- Треба да се исклучи изградба на инсталации за управување со отпад во областите со значајни површински и подземни води, пр. резервоари, водоводни точки за пиење или наводнување итн., како и областите што можат да бидат поплавени. -Се препорачува да се спроведат детални хидрогеолошки истражувања на локациите каде што ќе се воспостават активности за привремено складирање на отпад, постројка за третман на отпад и депонија за остатоци, со цел да се потврди дека е елиминирана миграцијата на исцедок, апсорпцијата на загадени атмосферски води и случајното истурање. -Воведување на соодветни контејнери и возила за собирање на отпад што ќе ја елиминираат можноста за истекување на исцедок. -Опремата на возилата мора да е дизајнирана да собира го собира исцедокот во садови, сè додека возилото не стигне до безбедно место за испуштање. -Се препорачува садовите за отпад да се складираат на простор каде ќе има минимално плакнење на отпадот. -Се препорачува примена на добри еколошки и оперативни практики на локацијата за да се заштитат загадувачите на површинските води од влегување во подземните води. -Соодветно димензионирање на сите инфраструктурни објекти и преземање на сите потребни мерки за да се избегнат можни појави на несреќи и вонредни состојби. -Се препорачува да се постави дренажен слој под површината за обработка за да се обезбеди соодветна дренажа на исцедокот од органските материи што се компостираат. -Се препорачува да се дизајнира и одржува наклонот и ориентацијата на рововите и/или одводите за исцедок на начин што ќе се олесни слободното

	одводнување на исцедокот до одводот за собирање и ќе се избегне собирање на исцедок. -Запечатувањето на дното и горната покривка на депонијата мора да бидат со непропустливи површини и да се проектираат така што ќе ги исполнат потребните услови за спречување на загадување на подземните или површинските води и ќе се обезбеди ефикасно собирање на исцедокот. -Се препорачува складирање на исцедокот во обложен земјен базен или во надземни резервоари за складирање. -Треба да се спроведат мерки за заштита од поплави на локацијата, со цел да се избегне влегување на атмосферска вода во депонијата, отворената постројка за компостирање и други објекти и мешање со отпад и исцедок, структурна стабилност на депонијата и заштита на зградите и патиштата од ерозија од вода. -Отпадните води, исцедокот и загадените атмосферски води (претоварна станица, постројка и депонија) мора да се третираат во постројката за третман на отпадни води пред да се испуштат во реципиент (водно тело или канализација). -Квалитетот на третираната вода и состојбата пред испуштањето мора да бидат во согласност со дозволата за испуштање дефинирана во ИСКЗ дозволите за секоја постројка каде што ќе се третира отпадот. -Се препорачува да се минимизира употребата на вода и повторната употреба на третираната вода во процесот на компостирање и други технички цели. -Не е дозволено неконтролирано испуштање од животната средина. -За контрола на овие мерки, се препорачува редовно да се земаат примероци од површинските води низводно од инсталацијата за управување со отпад, со цел да не се дозволи предизвикување на негативни влијанија врз квалитетот на водата. -Се препорачува да се спроведуваат добро управувани операции за компостирање со цел да се обезбеди компост со висок квалитет, со што се избегнува потенцијално загадување на водата преку тешки метали или органски загадувачи (пестициди, фармацевтски производи, индустриски загадувачи). - Се препорачува спроведување мерки за намалување на влијанието врз квалитетот на воздухот. -Инсталациите мора работат во согласност со ИСКЗ дозволите. -Се препорачува да се изврши детално истражување и да се идентификуваат/спроведат мерки за заштита за намалување на влијанието врз водните ресурси во фазата на рехабилитација на постојната депонија. -Мерките за рехабилитација на постојната депонија треба да ги земат предвид сите предложени мерки за заштита на квалитетот на водата. -Вршење континуиран мониторинг на површинските и подземните води во непосредната околина, како и на испуштената третирана отпадна вода.
Заштита и подобрување на квалитетот, квантитетот и функцијата на почвата	- Исклучена е или забранета изградба на инсталации за управување со отпад во области со нестабилни или слаби почви (органски, деликатни песоци итн.), заситени почви (пр. мочуришта, крајбрежни зони), големи природни опасности: лизгање на земјиштето, зголемени сеизмички движења, доминантна геолошка пропустливост. -Се препорачува да се спроведат детални геолошки, хидрогеолошки и тектонско-сеизмички истражувања на локациите каде што се спроведуваат активности за привремено складирање на отпад, постројките за третман на отпад и депонијата за остатоци, со цел да се утврди видот на почва, нејзината стабилност, сеизмички и тектонски карактеристики и пропустливост на слојот почва. Сите овие активности се неопходни со цел да се обезбедат и имплементираат соодветни мерки за намалување на влијанието на почвата

	предизвикано од случајна миграција на исцедок, апсорпција на загадена атмосферска вода, случајно истурање, ерозија на почва итн. -Се препорачува да се избегнуваат „greenfield[23]" локации за изградба или организирање на планираната инфраструктура или објекти. -Се препорачува воведување на соодветни контејнери и возила за собирање на отпад што ќе ја елиминираат можноста за истекување на исцедок и загадување на почвата. - Се препорачува спроведување на мерки за заштита на водата. -Се препорачува спроведување на мерки за намалување на влијанието врз квалитетот на воздухот. -Соодветно димензионирање на сите инфраструктурни објекти и преземање на сите потребни мерки за да се избегнат можни појави на несреќи и вонредни ситуации што ќе предизвикаат загадување на почвата. -Запечатувањето на дното и горната покривка на депонијата и местото за компостирање мора да бидат непропустливи површини и проектирани за да ги исполнат потребните услови за спречување на загадување на почвата. -Основата и страните на депонијата треба да се состојат од минерален слој кој ги задоволува барањата за пропустливост и дебелина со комбиниран ефект во однос на заштитата на почвата. -Се препорачува да се спроведат добро управувани операции за компостирање и третман на остатоците со цел да се обезбеди компост со висок квалитет или CLO (производ сличен на компост), со што се избегнува потенцијалното загадување на почвата со тешки метали или органски загадувачи (пестициди, фармацевтски производи, индустриски загадувачи). -Инсталациите мора работат во согласност со ИСКЗ дозволите. -Во фазата на рехабилитација на постојната депонија, потребно е да се изврши детално истражување и да се спроведат мерки за заштита за намалување на влијанието врз почвата. -Мониторинг на квалитетот на почвата во околината.
Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стаклени гасови	-Исклучени се можни локации за изградба на инсталации за управување со отпад во области каде што атмосферските услови не се погодни за безбедно дисперзирање на загадувачите ако се испуштат во случај на вонреден настан. -Соодветна локација за заштита од мириси е на растојание поголемо од 3 km од населено место или станбена површина. -Се препорачува да се врши одделно собирање на биоразградливиот и зелениот отпад заради намалување на количината на биоразградлив отпад наменет за депонирање, а со тоа и намалување на стаклени гасови. -Треба да се воведе ефикасно управување со ракувањето и складирањето на отпад за да се минимизира расфрланиот отпад и штетниците. -Треба да се постават соодветни садови и места за складирање на отпад за да се сведе расфрланиот отпад и штетниците на минимум. -Возилата за собирање треба да бидат дизајнирани така што ќе можат да ги земаат поединечните фракции на отпад заедно со цел да се минимизира бројот на патувања за собирање и да се намалат емисиите во воздухот. -Се препорачува да се оптимизираат рутите за собирање на отпад со цел да се минимизира поминатото растојание и вкупната потрошувачка на гориво и емисиите. -Се препорачува транспортот на отпад да се врши во согласност со условите во лиценцата.

[23] Greenfield sites - Неразвиено земјиште во рурални или урбани средини кое се користи за земјоделски потреби или е оставено да се развива природно (прим. прев.)

	-Се препорачува да се покријат возилата за собирање по целата рута на транспорт за да се избегне отпадот што го расфрла ветерот; -Редовниот скрининг на просториите за складирање и покривањето на остатоците од отпад на депонијата ќе го намалат потенцијалот за отпад што го расфрла ветерот и прашина. -Соодветната имплементација на технологиите/филтерот за чистење на емисиите (биофилтер, филтер за прашина и емисии, мембрана) во преработувачките капацитети и депониите мора да се обезбеди во согласност со прописите за емисии. Не смеат да се појават негативни влијанија врз околната средина во однос на квалитетот на воздухот, биоаеросолите и мирисот. -Треба да се преземат соодветни мерки за контрола на акумулацијата и миграцијата на депонискиот гас. -Доколку собраниот гас не може да се користи за производство на енергија, тој мора да се спалува. - Спалувањето на гасот треба да биде од затворен тип, овозможувајќи висока ефикасност при согорување и обезбедувајќи усогласеност со прописите за емисии. -Потребно е да се тестира изводливоста на инсталирање на единица за кондиционирање на депониски гас и единица за когенерација на топлина и електрична енергија (во следните фази од проектот треба да се изготви студија за изводливост со која ќе се реши контролата и користењето на генерираниот депониски гас). -Треба да се спроведат соодветни мерки за можен пожар на постројката или депонијата. -За компостирање, треба да се избегнуваат услови што можат да доведат до спонтано палење. -Инсталациите мора работат во согласност со ИСКЗ дозволите. -Пред основниот проект и изградбата на инсталацијата, треба да се подготви план за управување со мириси. -Потенцијалната постројка што емитува бучава треба да биде акустички изолирана за да се спречи бучава во најблиските објекти чувствителни на бучава. -Треба да се спроведе ограничување на бучавата со звучна изолација на возилата и машините. -Одржување на патиштата на локацијата во добра состојба за да се намали бучавата и вибрациите од движењето на возилата. -Потребно е да се изврши детално истражување и да се спроведат заштитни мерки за намалување на влијанието врз воздухот во фазата на рехабилитација на постојната депонија. -Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух во непосредна близина на планираните објекти.
Подобрување и заштита на материјалните добра	-Се препорачува да се исклучат можните локации за изградба на инсталации за управување со отпад во областите со населени места, акумулации, водоводни точки за вода за пиење или наводнување, области од економско значење, чувствителни локации, како што се аеродроми, магацини со запалливи или експлозивни материјали, итн., посебни концентрации на населување, пр. болници, затвори. -Се препорачува да се поттикнува одржливо собирање на отпад, повторна употреба и рециклирање со цел да се минимизира отпадот што завршува на депонија.

	-Се препорачува да се поттикне одделување на рециклабилните материјали на местото на создавање, за собирните места да не станат места за сортирање за неформалните собирачи на отпад. -Се препорачува да се користат возила што се соодветни за географските услови и видовите отпад со цел да се максимизира сигурноста на собирањето и да се избегне евентуално оштетување на локалната инфраструктура. -Се препорачува да се започнат истражувања за алтернативни начини на транспорт на отпад, пр. железница. -Се препорачува да се оптимизира и намали бројот на патувања до инсталацијата за третман/отстранување; -Се препорачува изградба на претоварна станица, доколку растојанието до инсталацијата за третман/отстранување надминува 30 km. -Се препорачува сите придружни објекти да се постават на една локација, со што ќе има потреба од помалку новоизградена инфраструктура, помалку сообраќај и, следствено, минимизирање на емисиите во медиумите на животната средина. -Рециклирање и повторна употреба на третираната отпадна вода за различни технички цели. -Се препорачува производство на топлина и електрична енергија од депониски гас, доколку постои можност и доколку тоа одговара на утврдените стандарди. -Се препорачува SRF да се користи како гориво или во цементарницата, доколку се произведува во MBS постројката. -Произведениот CLO да се користи како материјал за покривање на депонијата со цел да се намали ископување на природен материјал.
Заштита и унапредување на културното наследство	-Треба да се исклучат можните локации за изградба на инсталации за управување со отпад во областите каде што се наоѓаат историски и археолошки локалитети и градби или области поврзани со локалните традиции. -Треба да се исклучи зафаќањето простор што води до нееднаквост меѓу групите населенија за да се избегне уништување на културните традиции или односи во рамките на областа. -Се препорачува внимателна изградба, проектирање и одржување на објектите за да се намали нивното визуелно влијание врз културното наследство на ниво на проект. -За време на постапката за ОВЖС, се препорачува да се обрне посебно внимание на можните влијанија врз културното наследство и традицијата во регионот.
Зачувување на карактеристиките на пределот и заштита на пределот насекаде, а особено во назначените подрачја	- Исклучена е изградбата на инсталации за управување со отпад во областите со карактеристични предели или назначени подрачја, поради фактот што ИР има истакната животна средина и назначени подрачја, кои се вредни за локалната заедница и за туристите. -Се препорачува внимателна изградба, проектирање и одржување на објектите за да се намали нивното визуелно влијание врз нивото на проектот. -Се препорачува сите придружни објекти да се постават блиску еден до друг или сите на иста локација за да се избегне далекусежно ширење на влијанијата врз пределот и инфраструктурата. -Напуштен каменолом или гола земјена шуплина е најдобрата опција за депонија. -Се препорачува да се обезбеди соодветна тампон зона, како што се ридови, дрвја или огради, помеѓу областите за обработка и потенцијалните реципиенти. -Се препорачува да се обезбедат садови и простори со соодветна големина и покриени садови и простори за собирање и складирање на отпад за да се спречи расфрлањето на отпад и навлегување во пределите.

	-Препорачливо е да се воведе често собирање на отпад и скратен период на привремено складирање со цел да се намалат влијанијата врз пределот. -Потребно е да се отвори пазар за рециклирани производи од собирните места, MRF и постројките за компостирање со цел да се намали визуелното влијание на местата за складирање.

11. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА РПУО ОД АСПЕКТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Стратешката оцена на животната средина вклучува мониторинг врз спроведувањето на планираните активности и спроведувањето на мерките за ублажување на сите значајни идентификувани позитивни и негативни влијанија што би произлегле од спроведувањето на Регионалниот план за управување со отпад за Источниот регион. Планот за мониторинг е прикажан во табелата подолу.

Табела 77. План за мониторинг

Цели на СОЖС	Тема	Мониторинг	Индикатори на СОЖС	Извори за верификација
Подобрување на условите за живот на населението	Сите медиуми на животната средина Население	-Мониторинг на критериумите за избор на локација за изградба на инсталации за управување со отпад; -Мониторинг на изградбата и работењето на новите инсталации за управување со отпад; -Мониторинг на ефективноста на нововоспоставениот регионален систем за управување со отпад; -Мониторинг на генериран и собран, рециклиран, третиран и отстранет отпад во регионот; -Мониторинг на ефективноста на нововоспоставениот регионален систем за управување со отпад; -Мониторинг на затворени и рехабилитирани депонии; -Мониторинг на транспортот на отпад; -Мониторинг на емисиите на депониите и инсталациите за управување со отпад; -Мониторинг на медиумите на животната средина; -Мониторинг на здравствената состојба на населението; -Мониторинг на демографската состојба; -Мониторинг на (не)вработеноста; -Мониторинг на институциите и поединците кои учествуваат во одделно собирање на отпадот;	-Резултатите од истражувањето покажуваат дека локацијата е безбедна за медиумите на животната средина и здравјето на луѓето; -Број на лиценци и ИСКЗ дозволи за новите инсталации за управување со отпад; -Тренд на исполнување на квантификуваните цели поставени во националното законодавство и директивите на ЕУ поврзани со управувањето со отпадот; -Број на депонии во регионот кои се затворени или рехабилитирани во согласност со стандардите на ЕУ; -Количина на создаден, собран, повторно употребен, третиран и отстранет отпад; -Број на институции и поединци кои учествуваат во одделно собирање на отпадот; -Број на продадени половни производи; -Количина и приходи од домашно компостирање на зелен отпад;	**-Министерство за животна средина и просторно планирање;** **-Министерство за транспорт и врски;** **-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;** **-Министерство за економија;** **-Министерство за финансии;** **-Министерство за здравство;** **-Министерство за труд и социјална политика;** **-Центар за развој на Источниот регион;** **-Општините во регионот;** **-Институт за јавно здравје;** **-Центри за социјална работа;** **-Државен завод за вработување;** **-Центар за управување со кризи;** **-Државен завод за статистика;** **-Извештаи од општините;** **-Статистички извештаи;** **-Извештаи за здравство;** **-ИСКЗ дозволи/одобрени елаборати.**

		-Мониторинг на трошоците за управување со отпад по глава на жител; -Мониторинг на буџетите и приходите на локално и регионално ниво; -Мониторинг на економските параметри на локално, регионално и национално ниво; -Мониторинг на искористување на отпадот за енергетски цели; -Мониторинг на јавната свест поврзана со управувањето со отпадот.	-Приходи од управување со отпад; -Трендови на произведена енергија/топлина од отпад; -Стапка на вработеност; -Тренд на трошоци за управување со отпад по глава на жител; -Тренд на буџети и приходи на локално и регионално ниво; -Нето енергија и топлина генерирани од отпад; -Близина на инсталациите до населени центри; -Број на поплаки добиени од жителите во врска со негативните ефекти од управувањето со отпад врз животната средина, здравјето на луѓето и благосостојбата; -Здравствена состојба на луѓето во споредба со статистиката пред фазата на спроведување на активностите; -Број на опасности и инциденти поврзани со инсталациите за управување со отпад и сообраќајот; -Подобрени практики на населувањето во однос на управувањето со отпад;	

			-Број на кампањи за подигање на јавната свест и едукативни активности; -Процент на население што е целна група на кампањите.	
Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови	Квалитет на воздухот Климатски фактори Квалитет на почвата Квалитет на водата Здравје на луѓето	-Мониторинг на оперативните активности во инсталациите за управување со отпад; -Мониторинг на ефективноста на нововоспоставениот регионален систем за управување со отпад; -Мониторинг на генериран и собран, рециклиран, третиран и отстранет отпад во регионот; -Мониторинг на транспортот на отпад; -Мониторинг на емисиите на депониите и инсталациите за управување со отпад; -Мониторинг на затворените и рехабилитирани депонии; -Мониторинг на квалитетот на воздухот во општините; -Мониторинг на стакленичките гасови; -Мониторинг на искористувањето на отпадот за енергетски цели; -Мониторинг на замената на енергетските ресурси со енергија и топлина произведена од отпад; -Мониторинг на зголемувањето на јавната свест за управување со отпад; -Мониторинг на водите и почвата; -Мониторинг на здравствената состојба на населението.	-Квалитет на амбиентниот воздух во Регионот; -Стапка на намалени емисии во амбиентниот воздух од управувањето со отпад во општините во Регионот; -Концентрациите на загадувачки материи од инсталациите за управување со отпад се во рамките на дозволените гранични вредности; -Број на денови во кои се надминати граничните вредности за одредени загадувачки материи; -Годишно намалување на количината на стаклени гасови изразени во CO_2-eq (t/год.) на национално ниво; -Количества зафатен метан; -Количества произведен компост во инсталациите за управување со отпад или системите за домашно компостирање; -Степен на проблем со мирисот;	**-Министерство за животна средина и просторно планирање;** **-Министерство за транспорт и врски;** **-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;** **-Министерство за економија;** **-Министерство за здравство;** **-Центар за развој на Источниот регион;** **-Општините во регионот;** **-Институт за јавно здравје;** **-Центар за управување со кризи;** **-Државен завод за статистика;** **-Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП и Институтот за јавно здравје;** **-Извештаи од општините;** **-Статистички извештаи;** **-Извештаи за здравство;** **-ИСКЗ дозволи/одобрени елаборати.**

			-Нето енергија и топлина создадена од отпад; -Стапка на замена на енергетските ресурси со енергија и топлина произведена од отпад; -Километри и потрошено гориво за транспорт на отпад; -Број на опасности и инциденти поврзани со инсталациите за управување со отпад и сообраќајот; -Стапка на контаминација на водата и почвата како резултат на таложење на седимент од воздухот и негово испирање; -Стапка на заболувања кај населението како резултат на нарушен квалитет на воздухот.	
Заштита и подобрување на квалитетот на водата	Квалитет и квантитет на водите Квалитет на почвата Здравје на луѓето Биолошка разновидност	-Мониторинг на критериумите за избор на локација за изградба на инсталации за управување со отпад; -Мониторинг на имплементацијата на инсталациите за управување со отпад предложени во Планот; -Мониторинг на затворените и санираните депонии и на управувањето со исцедокот; -Мониторинг на третманот на исцедокот;	-Резултатите од истражувањето покажуваат дека локацијата е безбедна од хидролошки и хидрогеолошки аспекти; -Пријавени емисии во вода од инсталациите за управување/третман на отпад;	**-Министерство за животна средина и просторно планирање;** **-Министерство за транспорт и врски;** **-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;** **-Министерство за економија;** **-Министерство за здравство;** **-Центар за развој на Источниот регион;** **-Општините во регионот;** **-Институт за јавно здравје;**

		- Мониторинг на квалитетот и квантитетот на реципиентот на исцедокот од депониите (третиран/нетретиран); -Мониторинг на третманот на отпадните води од инсталациите за третман на отпад; -Мониторинг на квалитетот и квантитетот на површинските и подземните водни ресурси во Регионот, идентификувани како загрозени или со ризик за натамошно загадување; -Мониторинг на начинот на користење на водните ресурси и нивните количини; -Мониторинг на состојбата и квалитетот на почвата; -Мониторинг на здравствената состојба на населението; -Мониторинг на биолошката разновидност.	-Број на затворени или санирани депонии лоцирани во близина на водотеци; -Број на затворени или санирани депонии за кои е проценето дека се изложени на ризик од загадување на водата и за кои е потребен засилен мониторинг и дополнителни мерки; -Квалитет и квантитет на третиран исцедок и испуштени отпадни води; -Квалитет (физички, хемиски и микробиолошки карактеристики) и квантитет на главниот реципиент; -Квалитет (физички, хемиски и микробиолошки карактеристики) и квантитет на површински и подземни води во Регионот; -Трендови на потрошувачка на вода, количини за повторно користење; -Број на инциденти на загадување на водата поврзани со инсталациите за управување со отпад; -Стапка на контаминација на водата поврзана со новата	**-Центар за управување со кризи;** **-Државен завод за статистика;** **-Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП, УХМР, Институт за јавно здравје;** **-Извештаи од општините;** **-Статистички извештаи;** **-Извештаи за здравство;** **-ИСКЗ дозволи/одобрени елаборати.**

			практика за управување со отпад; -Стапка на заболувања кај луѓето како резултат на нарушен квалитет на водата, -Број на видови и живеалишта погодени од нарушен квалитет на водата.	
Заштита и подобрување на квалитетот на почвата	Квалитет на почвата Квалитет на водите Здравје на луѓето Биолошка разновидност	-Мониторинг на критериумите за избор на локација за изградба на инсталации за управување со отпад; -Мониторинг на имплементацијата на инсталациите за управување со отпад предложени во Планот; -Мониторинг на статусот и квалитетот на почвата пред и по спроведувањето на Планот; -Мониторинг на затворените и санираните депонии; -Мониторинг на почвата идентификувана како изложена на ризик или со ризик за понатамошна контаминација; -Мониторинг на количеството отпад што се отстранува на регионалната депонија; -Мониторинг на производството на компост и неговата употреба; -Мониторинг на третманот на исцедокот и неговото управување; -Мониторинг на третманот на отпадните води од инсталациите за третман на отпад;	-Резултатите од истражувањето покажуваат дека избраната локација не е зелена површина; -Резултатите од истражувањето покажуваат дека избраната локација е безбедна од геолошки и хидрогеолошки аспект; -Површина на изгубено земјоделско земјиште за инсталации за управување со отпад; -Површина на искористени деградирани површини за градење на инсталациите за управување со отпад; -Број на затворени или санирани депонии проценети како ризик за загадување на почвата и потребен засилен мониторинг и дополнителни мерки;	**-Министерство за животна средина и просторно планирање;** **-Министерство за транспорт и врски;** **-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;** **-Министерство за економија;** **-Министерство за здравство;** **-Центар за развој на Источниот регион;** **-Општините во регионот;** **-Институт за јавно здравје;** **-Редовни извештаи од мониторинг;** **-Државен завод за статистика;** **-Извештаи од општините;** **-Статистички извештаи;** **-Извештаи за здравство;** **-ИСКЗ дозволи/одобрени елаборати.**

		-Мониторинг на реципиентите на исцедокот и отпадните води; -Мониторинг на квалитетот на површинските и подземните водни ресурси.	-Трендови на намалени емисии во почвата од инсталациите за управување со отпад; -Пријавени инциденти на загадување на почвата поврзани со инсталациите за управување со отпад; -Квалитет и волумен на компост кој се користи во земјоделството, индустријата и пејзажното уредување; -Трендови на количества на отпад за рециклирање; -Трендови на депонирани количини отпад; -Пријавени резултати од квалитативни истражувања на почвата; -Стапка на контаминација на почвата поврзана со новите практики за управување со отпад; -Стапка на заболувања кај населението како резултат на нарушен квалитет на почвата; -Број на видови и живеалишта погодени од нарушен квалитет на почвата.	
Заштита и подобрување на биодиверзитет и природното наследство	Флора, фауна и живеалишта	-Мониторинг на критериумите за избор на локација за изградба на инсталации за управување со отпад; -Мониторинг на користење на земјиштето;	-Резултатите од истражувањето покажуваат дека локацијата не е област која има значителна	**-Министерство за животна средина и просторно планирање;** **-Министерство за транспорт и врски;**

		-Мониторинг на состојбата со биолошка разновидност пред и по спроведувањето на Планот; -Мониторинг на затворените и санираните депонии; -Мониторинг на квалитетот на водата и почвата; -Мониторинг на квалитетот на воздухот и параметрите за климатски промени.	биолошка разновидност ниту е природно наследство; -Површина со живеалишта изгубени како резултат на развојот на инсталациите за управување со отпад; -Број на нови инсталации за управување со отпад и друга потребна инфраструктура, изградена на деградирана површина наместо во недопрена природа; -Пријавени нивоа на оштетување на назначени подрачја/видови; -Број на затворени или санирани депонии проценети како ризик за биодиверзитетот и за кои е потребен засилен мониторинг и дополнителни мерки; -Задржување на постојниот број или подобрување на бројот на назначени заштитени подрачја на регионално ниво; -Трендови на губење на биолошката разновидност (% на изумрени или загрозени видови флора и фауна);	**-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;** **-Центар за развој на Источниот регион;** **-Општините во регионот;** **-Центар за управување со кризи;** **-Редовни извештаи од мониторинг;** **-Државен завод за статистика;** **-Извештаи од општините;** **-Статистички извештаи;** **-Извештаи за здравство;** **-ИСКЗ дозволи/одобрени елаборати.**

			-Трендови на зголемен/намален број на ретки и ендемски видови.	
Заштита и унапредување на пределот и на карактеристиките пределот	Предел Население	-Мониторинг на спроведувањето на активностите предложени во Планот.	-Стапка на спроведени мерки за заштита на пределот; -Површина на новозафатено земјоделско земјиште; -Површина на земјоделско земјиште претворено во градежно земјиште; -Број на затворени и санирани депонии.	**-Министерство за животна средина и просторно планирање;** **-Министерство за транспорт и врски;** **-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;** **-Центар за развој на Источниот регион;** **-Општините во регионот;** **-Институт за јавно здравје;** **-Државен завод за статистика;** **-Извештаи од општините;** **-Статистички извештаи;** **-ИСКЗ дозволи/одобрени елаборати.**
Заштита на материјалните добра	Сите медиуми на животната средина Население	-Мониторинг на изградбата на инсталации за управување со отпад и придружната инфраструктура што е потребна за управување со отпадот; -Мониторинг на затворањето и рехабилитацијата на постојните депонии; - Мониторинг на управувањето со отпадот предложено во Планот; -Мониторинг на производството на енергија и топлина од отпад; -Мониторинг на транспортот за управување со отпад.	-Изградени нови инсталации за управување со отпад во регионот во согласност со директивите на ЕУ; -Број на затворени и рехабилитирани депонии; -Број на нова изградена инфраструктура потребна за инсталациите за управување со отпад (патишта, водовод, канализација, електрична мрежа); -Количина (во тони) на произведен отпад по глава на жител;	**-Министерство за животна средина и просторно планирање;** **-Министерство за транспорт и врски;** **-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;** **-Министерство за економија;** **-Министерство за здравство;** **-Центар за развој на Источниот регион;** **-Општините во регионот;** **-Институт за јавно здравје;** **-Државен завод за статистика;** **-Извештаи од општините;** **-Статистички извештаи;** **-ИСКЗ дозволи/одобрени елаборати.**

			-Тренд на исполнување на квантификуваните цели утврдени во националното законодавство/Националниот план и Стратегија за управување со отпад, директивите на ЕУ поврзани со управувањето со отпад; -Процент на ефикасност на собирање; -Процент на намалување на биоразградлив отпад што се отстранува на депонијата; -Стапки на рециклирање и компостирање (годишна тонажа); -Процент на отпад од кој се враќа вредноста; -Волумен и тонажа на отпад што се отстранува на депонија; -Нето енергија и топлина генерирани од отпад; -Намалено растојание помеѓу изворот и постројките за отстранување; -Потрошено гориво по тон отпад.	
Заштита на културното наследство	Културно наследство	-Мониторинг на критериумите за избор на локација за имплементација на инсталациите за управување со отпад;	-Резултатите од истражувањето покажуваат дека локацијата не е област која има културно наследство;	**-Министерство за култура;** **-Министерство за животна средина и просторно планирање;**

		-Мониторинг на изградбата на инсталациите за управување со отпад и придружната инфраструктура што е потребна за управување со отпад; -Мониторинг на мерките што се применуваат за заштита на културното наследство.	-Број на обновени објекти од културното наследството поради активностите на РПУО; -Број на нови објекти од културното наследството откриени поради активностите на РПУО; -Број на објекти од културното наследството што се изгубени или уништени поради активностите на РПУО.	**-Министерство за транспорт и врски;** **-Управа за заштита на културното наследство;** **-Музеи и институции за заштита;** **-Центар за развој на Источниот регион;** **-Општините во регионот.**

12. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

12.1. Заклучоци

Тековна состојба со КЦО:

- Постои Национална стратегија за управување со отпад (НСУО) и 5-годишен Национален план за управување со отпад (НПУО), усвоени во 2008 и 2009 година, соодветно. Хиерархијата за управување со отпад е речиси рефлектирана во тековниот НПУО, но таа не се спроведува, бидејќи не се преземаат мерки за превенција на отпадот, системот за собирање на отпадот не е со селектирање на изворот и нема формални активности за рециклирање.
- МЖСПП е национално административно тело за управување со отпад. Неодамна е основан Меѓуопштински одбор за управување со отпад. Регионалното јавно претпријатие за управување со отпад сè уште не е основано.
- Политиката за плаќање во Регионот не е синхронизирана. Така, повеќето јавни комунални претпријатија страдаат поради недостаток на пари, што влијае на правилното одржување на постојните капацитети, собирањето и отстранувањето на отпадот.
- Многу често се организираат кампањи за подигање на јавната свест, но поради недостаток на воспоставен систем за управување со отпад, многу од нив не се применливи.
- Постои разлика помеѓу капацитетот (технички и административен) на општинските комунални претпријатија во секоја општина од регионот.
- Единаесетте (11) општински депонии, иако се организирани, не ги исполнуваат барањата на ЕУ. Исто така, постојат 71 неконтролирани депонии кои претставуваат значителен еколошки ризик. Квантификуваната цел поставена во Националниот план за управување со отпад за депонирање на 50% од вкупниот цврст комунален отпад во инсталации што се во согласност со прописите на ЕУ до 2014 година најверојатно нема да се постигне.

Во поглед на РПУО

Општо

- Потребите за управување со отпад се задоволуваат на регионално ниво и истите се во согласност со НСУО и НПУО, како и со барањата на Директивите за отпад.
- РПУО е сеопфатен документ кој е во согласност со хиерархијата за отпад и анализира неколку сценарија, опции, мерки и активности за исполнување на основните барања на хиерархијата на отпад, и тоа:
  - ✓ Превенција и минимизирање на отпад (активности за подигање на свеста, подготовка на упатства за превенција, истражување и развој и домашно компостирање-главно наменето за руралните домаќинства).
  - ✓ Собирање на отпад (се анализираат опциите за собирање на мешан отпад, собирање на суви рециклабилни фракции, собирање на био-отпад, собирни места, опции за претовар на отпад и се предлагаат конкретни мерки).

- ✓ Опции за рециклирање и преработка (постројки за преработка на материјали - MRF, рециклирање на био-отпад, постројки за механичко-биолошки третман (MBT), механичко-биолошка стабилизација (MBS), дробење),
- ✓ Опции за преработка на отпад (термички третман на цврст отпад или термичка оксидација или инцинерација),
- ✓ Опции за отстранување на отпад (депонија).

- ➢ РПУО нема за цел да предложи-идентификува локација за идна регионална депонија.
- ➢ Во РПУО се разработени добрите практики и знаења во врска со собирањето и транспортот, но не се истакнуваат најкорисните за регионот, во однос на тековните социо-економски и географски услови. Тоа мора да се направи во следниот чекор (Студија за изводливост).
- ➢ Врз основа на детална оцена на алтернативите (четири главни сценарија и 3 под-сценарија), преку мултикритериумска анализа (законодавни критериуми, еколошки критериуми, технолошки критериуми, економски критериуми), користејќи го моделот ELECTRE III, Нацрт РПУО предлага три сценарија за интегрирано управување со отпад во Регионот, пр. Сценарио S3b, наместо Сценарио S2 и S1a. Претпочитано сценарио за Источниот регион е Сценарио S3b. Во сценариото S3b за интегрирано управување со отпад во регионот се вклучени следните опции:
  - ✓ Собирање-Систем за собирање со две канти (канта за рециклабилен отпад и канта за преостанат отпад), Собирни места, Одделно собирање на зелен отпад,
  - ✓ Третман на кантата со рециклабилен отпад-Инсталација за преработка на материјали (MRF),
  - ✓ Третман на кантата за преостанат отпад-Механичка и биолошка стабилизација (MBS),
  - ✓ Третман на зелен отпад-Компостирање во бразди-отворено компостирање,
  - ✓ Третман на изворот на создавање: Домашно компостирање,
  - ✓ Депонирање-Депонија за остатоци.
- ➢ Презентирани се методите за ревитализација/санација на 11 општински депонии и 71 неконтролирана депонија, кои дополнително ќе бидат разработени на ниво на проект.
- ➢ Планот се однесува на потребата од преземање мерки за подобрување на мониторингот на животната средина, подобрено управување со податоци, пристап до информации и подобрување на капацитетот. Сепак, не ги наведува подобрувањата во меѓусекторската соработка и соработката помеѓу централната и локалната власт во однос на презентацијата и достапноста на податоците.

Заклучоци во поглед на процесот за СОЖС

Општо

- ➢ Процесот за СОЖС започна заедно со процесот на планирање и двата беа интегрирани во заеднички процес. Овој концепт заштедува време и ја зголемува ефикасноста.

- Организацијата на тимот за СОЖС се состои од членови на експертите за СОЖС, експерти за планирање и засегнати органи (национални, регионални и локални). Главната придобивка е континуирано собирање различни гледишта во текот на целиот процес.
- Беа одржани обуки на сите главни чинители со цел сите тие целосно да бидат вклучени во процесот на СОЖС.
- Процесот на учество на јавноста беше започнат со објавување на Одлуката за спроведување на СОЖС на веб-страниците на Центарот за развој на Источниот регион и Општините во регионот; потоа следеше период на јавни консултации за подготвениот Нацрт-извештај за СОЖС и Нацрт-РПУО за Источниот регион. Нацрт-извештајот за СОЖС и резимето на Нацрт-РПУО беа јавно достапни во период од 30 дена, на горенаведените веб-страници и веб-страницата на канцеларијата на проектот, како и во нивните канцеларии. Исто така, овие документи ѝ беа презентирани на засегнатата јавност.
- Соработката на тимовите за СОЖС и за планирање, како и со главните чинители (општините и комуналните претпријатија од регионот), нуди можност за постигнување заедничко и широко поддржано планско решение, кое е развиено врз основа на различни гледишта и во кое аспектите на животната средина подеднакво се земени предвид.
- Општите цели на животната средина беа споредени со целите од РПУО, за да се отстранат сите неусогласености или контрадикторности. Дополнително, целите на СОЖС беа споредени со целите на комплементарните меѓународни, национални, регионални и локални стратегии и планови.
- За време на процесот на СОЖС, беа идентификувани неколку чувствителни природни подрачја. Во ИР, постојат пет значајни подрачја за птици (IBA): Мантовско Езеро и Крива Лакавица, Осоговски Планини, Овче Поле, Долина на Злетовска Река и Река Тополка Бабуна - река Бабуна - река Брегалница. Во однос на подрачјата за заштита на растенијата, во регионот се означени следните пет значајни растителни подрачја (IPA): Криволак, Осогово, Овче Поле-Богословец, Пехчево-Јудови Ливади и Плачковица.
- За време на процесот на СОЖС, беа анализирани алтернативните сценарија S3b, S2 и S1a, како и сценариото „Не прави ништо". Врз основа на оцената, се заклучува дека сценариото S3b дава поголема корист[24] и има најмали влијанија врз животната средина во споредба со другите сценарија[25].
- Во Извештајот за СОЖС е направена едноставна и транспарентна анализа на влијанијата (поширок пристап, но помалку длабински и поквалитативен опис на ефектите и последиците отколку детална и квантитативна анализа на поединечни влијанија) и се предложени соодветни мерки.

[24] Системот за собирање со две канти претставен во сценариото S3b, чиста MRF и домашното компостирање даваат предности во добивањето производ со добар квалитет и помало влијание врз животната средина во споредба со другите сценарија.

[25] Општо земено, сите опции во сценаријата се слични, генерираат слични влијанија и вклучуваат слична технологија за третман на отпад. Разликите се само во видот на механички третман (чиста и нечиста MRF), компостирање на органски и зелен отпад и квалитетот на произведениот рециклиран материјал.

12.2. Препораки

- Да се следи испитаниот случај и да се продолжи со процесите на планирање и СОЖС, паралелно и во тесна соработка на проектниот тим и главните чинители.
- Да се воспостави ефективна институциска и организациска поставеност во сите фази од имплементацијата на новиот интегриран систем за управување со отпад (на локално и регионално ниво).
- Да се подготви поедноставена верзија на Акцискиот план на РПУО, кој ќе ги содржи опциите, мерките и активностите што се најсоодветни за Источниот Регион.
- Претпочитаното сценарио и опциите треба да ѝ се презентираат на поширокатa јавност и јавното мислење да се земе предвид во финалната верзија на РПУО.
- Во следните фази од развојот на проектот (Студија за изводливост), треба да се предложи во која општина кој тип на собирање е подобар (да се предложи во кое од селата може да се воспостават некои од анализираните методи; со што целиот регион ќе биде активиран и економски урамнотежен).
- При избор на локации за инсталации за управување со комунален отпад во Источниот Регион, потребно е да се избегнат сите предложени области за заштита.
- Сите придружни инсталации треба да се лоцирани блиску една до друга или на исто место, со цел да се избегне ширење на влијанието врз повеќе локации, што се смета за позитивен пристап за животната средина.
- Од презентираните добри практики за управување со отпад во РПУО, со оглед на тековните социо-економски и географски услови, потребно е да се избере најпосакуваната опција за собирање и транспорт на отпадот (со една студија за изводливост).
- Поради фактот дека транспортот и транспортните рути можат значително да влијаат на медиумите на животната средина, се препорачува алтернативните видови транспорт дополнително да се анализираат во следните фази од проектот (студија за изводливост) и да се предложи најдоброто решение за овој регион.
- При спроведувањето на активностите предвидени во РПУО, важно е на ниво на проект да се земат предвид следните аспекти:
  - ✓ Сите идни инсталации ќе бидат подлежат на постапки за ОВЖС и ИСКЗ,
  - ✓ При определување на локациите за воспоставување инсталации за управување со отпад за собирање, рециклирање, преработка и депонирање, ќе се избегнуваат заштитените или назначените природни подрачја, блиските површински и подземни води, подрачјата со чувствителни почви, културните и туристичките области, како и станбените зони.
  - ✓ Во следната фаза од имплементацијата на проектот, ќе биде потребно да се изврши анализа за решавање на прашањето за можните нееднаквости во пристапот до услугите за рециклирање во регионот.
  - ✓ Користењето на земјиштето за инсталации за управување со отпад треба да се минимизира во најголема можна мера.

- ✓ Потребно е да се зајакне соработката за размена на податоци и пристап до информации за спроведување на активностите за планирање помеѓу секторите во локалните самоуправи, на регионално и централно ниво.
- ✓ Изборот на локација на инсталациите за управување со отпад треба да се направи имајќи предвид неколку критериуми, како што се: геолошки, технички, економски и критериуми за животната средина.

13. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

13.1. Вовед

Подготовката на Регионалниот план за управување со отпад (РПУО) и Стратешката оцена на животната средина (СОЖС) за Источниот и Североисточниот Регион (EuropeAid/130400/D/SER/MK) се финансираат во рамките на Мерката 3.2 на Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 година-воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад.

Воспоставувањето на регионално управување со отпадот, како и можноста регионите да ги координираат активностите и операциите на управување со отпад во име на општините членки е клучна препорака на Националната стратегија за управување со отпад (НСУО) за периодот 2008-2020 година и на Националниот план за управување со отпад (НПУО) за периодот 2009-2015 година.

Регионалниот план за управување со отпад за Источниот и Североисточниот Регион се подготвува во согласност со Националната стратегија за управување со отпад, Националниот план за управување со отпад и со Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13 и 163/13).

Законот за животна средина („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) пропишуваат дека одредени планови и програми, кои може да имаат значително влијание врз животната средина, мора бидат предмет на Стратешка оцена на животната средина (СОЖС).

13.2. Вовед во стратешка оцена на животната средина

Постапката за СОЖС е дефинирана во Глава X од Законот за животна средина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14), според која СОЖС се спроведува за плански документи од областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, *управувањето со отпад*, управувањето со води, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето, за Националниот еколошки акциски план и локалните еколошки акциски планови, како и за сите стратешки, плански и програмски документи со кои се опфаќа спроведување на проекти за кои се спроведува оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Стратешката оцена на животната средина (СОЖС) е систематски процес кој предвидува одредени превентивни мерки со кои ќе се обезбеди заштита од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки, на ниво на „стратешки акции“ или политики, планови и програми.

Целта на СОЖС е да се потврди дека се собрани информации за значителните ефекти врз животната средина од Планот и ставени на увид на донесувачите на одлуки, како во текот на изработката на Планот, така и пред неговото усвојување. На тој начин, СОЖС е клучна

компонента на одржливиот развој, фокусирана на заштитата на животната средина. СОЖС, исто така, ги проширува можностите за учество на јавноста во процесот на одлучување и ја зголемува транспарентноста.

13.2.1. Интеграција помеѓу постапката за подготовка на РПУО и постапката на СОЖС

Постапката на СОЖС се спроведува паралелно со изработката на Планот. Координацијата меѓу постапката на СОЖС и подготовката на РПУО е постигната преку тесна соработка и вклучување на членовите на тимот (тимот на СОЖС и на РПУО), надзорниот одбор, Договорниот орган и телата надлежни за техничка имплементација и мониторинг на РПУО во сите фази на проектот, преку анализа на литература, разгледување на технички и политички опции, ревизија на тековната состојба на животната средина и оцена на опциите, проверка и одредување на обемот на стратешката оцена на животната средина, консултација на јавноста, итн. Членовите на тимот, чинителите и корисниците на Проектот учествуваа на голем број работилници и технички состаноци, организирани во просториите на Регионалниот центар за развој на Источниот Регион во Пробиштип, проектната канцеларија во Скопје и во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање.

13.2.2. Методологија на СОЖС

Постапката на СОЖС ги опфаќа следниве чекори: проверка на потребата за спроведување СОЖС, определување на обемот, подготовка на Извештај за СОЖС, консултација со јавноста, издавање на конечно мислење за Извештајот за СОЖС и Мониторинг.

13.2.3. Проверка на потребата, определување на обемот и процес на учество на јавноста

Во согласност со член 65, став 2 од Законот за животна средина и член 3 став 10 од Уредбата за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги измените и дополнувањата на стратегиите, плановите и програмите за коишто задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 153/07 и 45/11), управувањето со отпад е тема за која е задолжително спроведување на постапка за стратешка оцена на животната средина.

Фазите на проверка и определување на обемот вклучуваат: утврдување на потребата за спроведување на СОЖС, определување на чинителите и подготовка на документи врз основа на кои МЖСПП ќе издаде Решение за обемот на СОЖС.

13.2.3.1.Учество на јавноста

Во согласност со обврската дефинирана во Законот за животна средина и Уредбата за учество на јавноста при подготовка на прописи и друго законодавство, како и на планови и програми поврзани со животната средина, процесот на проверка и одредување на обемот на СОЖС, изразен преку подготовка на Формулари и Одлука за спроведување на постапката за СОЖС и

одредување на обемот на Извештајот за СОЖС, беа подготвени во консултација со засегнатата јавност.

Фазата на проверка и одредување на обемот за СОЖС беше спроведена преку неколку работни состаноци и консултации со чинителите и експертите вклучени во подготовката на РПУО. На овие состаноци беа утврдени клучните проблеми во животната средина, општите и посебните цели и индикаторите што се релевантни за оцена во Извештајот за СОЖС.

Коментарите и предлозите што произлегоа од овие консултации се земени предвид во подготовката на Одлуката за спроведување на постапка на СОЖС, обемот на СОЖС и Извештајот за СОЖС. Изготвената Одлука и формуларите за спроведување на Постапката за СОЖС, документот за корелацијата на целите на РПУО со националните стратешки, плански/програмски документи и картата на регионот се објавени на веб-страницата на Регионалниот центар за развој на Источниот Регион и Североисточниот Регион и на општините во Регионите на 27.03.2014 и беа јавно достапни за разгледување во период од 15 дена. Во предвидениот рок за јавно разгледување, не беа доставени коментари, предлози или приговори во врска со објавената Одлука за спроведување на СОЖС и придружните документи.

Во согласност со горенаведената законска рамка, подготвениот нацрт-извештај за СОЖС и резимето на нацрт-РПУО за Источниот Регион беа јавно достапни за преглед во период од 30 дена, од датумот на објавување, односно во периодот од 30.05.2014 до 30.06.2014 година, во печатена и електронска верзија, во просториите и на веб-страниците на Центарот за развој на Источниот регион, општините од Регионот и канцеларијата на Проектот.

13.3. Краток преглед на содржината на РПУО, неговите главни цели и нивната корелација со други релевантни планови и програми/плански документи

13.3.1. Краток преглед на содржината на Планот

Регионалниот план за управување со отпад (РПУО) е важен инструмент кој придонесува кон спроведувањето и остварувањето на политиките и на целите утврдени на полето на управување со отпад на национално ниво и на ниво на ЕУ. РПУО се подготвува за потребите на Источниот и Североисточниот Регион (ИРиСИР). Источниот и Регион ги опфаќа следните општини: Штип, Пробиштип, Кочани, Карбинци, Зрновци, Берово, Пехчево, Чешиново-Облешево, Делчево, Виница, Македонска Каменица. Општината Свети Николе одлучи дополнително да се вклучи во РПУО.

СИР ги опфаќа следните општини: Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане.

Во Нацрт РПУО, главните цели се утврдени во согласност со хиерархијата за отпад, воспоставена со Рамковната директива за отпад.

Нацрт РПУО опишува различни сценарија за одржливо управување со отпадот во ИР, што вклучува и различни опции, како што се:

- Превенција и минимизирање на отпадот,

- Собирање на отпадот (опции за собирање на мешан отпад, собирање на суви рециклабилни материјали, собирање на био-отпад, собирни места, опции за претовар на отпад),
- Опции за рециклирање и преработка (Инсталации за преработка на материјали-MRF, рециклирање на био-отпад, постројки за механичко-биолошки третман (MBT), механичко-биолошка стабилизација (MBS)),
- Опции за преработка на отпадот (термички третман на цврст отпад или термичка оксидација или инцинерација),
- Опции за отстранување на отпадот (депонирање).

Понатаму, нацрт РПУО ги зема предвид опциите/моделите за рехабилитација на постојните депонии. Опциите за рехабилитација на постојните депонии се:

- Затворање, рехабилитација и грижа по затворањето на општинските депонии,
- Затворање и рехабилитација на „дивите депонии" и напуштените „диви депонии".

Конечниот избор на методот за планот за рехабилитација може да се изврши дури по детална студија за почвите и подземните води, односно студии кои не спаѓаат во опсегот на овој проект.

13.3.2. Предмет и главни цели на Планот

Регионалниот план за управување со отпад е клучен елемент на регионалната политика, со кој се обезбедува стратешка рамка што ќе овозможи Регионот во целина да напредува брзо кон поодржливи начини на производство и потрошувачка на стоки, а потоа рециклирање или преработка со колку што е можно повеќе поврат на вредноста на создадениот отпад. Исто така, тој има важна улога во утврдувањето на тековниот капацитет на Регионот за управување со отпадот и воспоставување на соодветна инфраструктура што ќе треба да се изгради за да се задоволат идните потреби.

Целта на Регионалниот план за управување со отпад е да ги преземе принципите и приоритетите, утврдени во Националната стратегија и Националниот план за управување со отпад, и истите да ги развие во концизна, остварлива рамка што ќе овозможи Регионот да се движи кон одржливи практики во иднина.

Целите на Планот за управување со отпад и индикаторите, во однос на хиерархијата во управувањето со отпадот се: превенција на создавање отпад и негово сведување на минимум, собирање на комунален отпад (услуги и степен на покриеност), рециклирање и преработка на отпад, отстранување на отпад, вклучувајќи намалување на биоразградливиот отпад до минимум, посебни текови на отпад, затворање, рехабилитација и грижа по затворањето на општинските депонии и на дивите депонии, поврат на трошоците, обуки и подигање на јавната свест.

13.3.3. Корелација на целите на РПУО со целите на други национални релевантни стратегии, планови и програми

За целите на оцената на влијанието врз животната средина, беа анализирани повеќе национални планови, програми и стратегии од различни сектори, како и нивните главни цели. Во Извештајот за СОЖС е даден краток преглед на главните цели на овие клучни плански документи, нивната корелација со целите на РПУО, како и активностите коишто би можеле да

придонесат кон реализацијата на РПУО. Во ПРИЛОГ 2 од Извештајот за СОЖС е дадено кратко резиме на дополнителната анализа и корелација на целите на РПУО со целите на други национални планови, програми и стратегии, целите на Директивата на ЕУ, како и обврските што произлегуваат од релевантните меѓународни конвенции.

13.4. Релевантни аспекти на тековната состојба на животната средина

Релевантните аспекти на тековната состојба на животната средина, поврзани со населението и здравјето на луѓето, климатските карактеристики и квалитетот на воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност и природното наследство, културното наследство и материјалните добра се детално опишани во Глава 4 на Извештајот за СОЖС.

Во овој дел е важно да се напомене дека Источниот Регион е лоциран во Источниот дел на државата и се граничи со Бугарија. Внатрешно, Источниот Регион се граничи со Вардарскиот Скопскиот, Североисточниот и Југоисточниот регион. Регионот е поделен на 11 општини: Берово, Чешиново-Облешево, Делчево, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Штип, Виница и Зрновци . ИР се простира на површина од 3,539 km^2. Сегашното население во Источниот статистички регион брои 150,234 жители или 8,2% од вкупното население на земјата, според последниот попис на населението во 2021 година. Според овие податоци, 60.094 припаѓаат на урбаното население, а 90.140 на руралното. Густината на населението е 42,47/km^2.

Најнаселена општина во регионот е општина Штип и опфаќа 23,6% од вкупното производство на отпад во Источниот Регион, по кој следи општина Кочани (20,7%). Чисто руралните општини, односно Чешиново-Облешево, Карбинци и Зрновци имаат генерално пониски нивоа на создаден отпад од урбаните средини, што резултира со мало учество во создавањето отпад во регионот. Просечното дневно количество на создаден отпад по жител во Источниот Регион изнесува 0,254 t/жител/година, што е многу блиско до проценитe од претходните студии.

Системот за управување со отпад во Регионот главно се заснова на собирање и отстранување на отпадот. Услугите за собирање, транспортирање и депонирање ги обезбедуваат јавните комунални претпријатија (ЈКП). Отстранувањето на отпадот е обезбедено од страна на ЈКП во единаесет (11) општински депонии. Работењето на депониите е контролирано, но истите не се усогласени со барањата на ЕУ.

Според спроведените теренски истражувања, постојат 71 неконтролирани диви депонии, особено во руралните области.

Услугите за собирање, транспортирање и депонирање главно се обезбедени од страна на јавните комунални претпријатија (ЈКП). Сепак, недоволната ликвидност на ЈКП спречува инвестиции во соодветна инфраструктура за одделување и третман на отпадот; затоа, главно мешаниот отпад се собира и отстранува на општинските депонии кои не се усогласени со барањата на ЕУ, со исклучок на населеното место Штип, каде што постојат посебни садови за пластика и хартија.

Според добиените информации, процентот на населението кое добива редовни услуги се движи од 38% (Чешиново-Облешево) до 100% (Штип и Пехчево). Поголемиот дел од населението кое

не добива никакви услуги живее во руралните области. Ова доведува до зголемувањето на бројот на дивите депонии што се наоѓаат на периферијата на населените места. Честотата на собирање на отпадот варира во различни општини. Со цел да се толкуваат резултатите, мора да се има предвид дека најнаселена општина во Регионот е општина Штип, а најмалку населена, општина Зрновци.

Североисточниот Регион се наоѓа во североисточниот дел на земјата. Се граничи со Косово и Србија на север и со Бугарија на исток, целосно внатрешно граничи со Скопскиот и Источниот статистички регион. Североисточниот Регион е поделен на шест општини: Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане. Регионот зафаќа површина од 2.306 km^2. Тековното население на Североисточниот статистички регион брои 152.982 жители или 8,3% од населението на земјата, според последниот попис во 2021 година. Според овие податоци, 97.908 граѓани припаѓаат на урбано население, а 55.074 на рурално. Густината на населението е 66/ km^2. Најнаселена Општина во Регионот е Општина Куманово, која опфаќа 70% од целокупното производство на отпад во Североисточниот Регион. Чисто руралните општини, т.е. Ранковце, Липково и Старо Нагоричане, генерално имаат пониско производство на отпад од урбаните подрачја, што резултира со мало учество во регионалното производство на отпад. Просечното производство на отпад по жител годишно во Североисточниот Регион е 0,281 t/жител/година.

Системот за управување со отпад во Регионот главно се заснова на собирање и отстранување на отпадот. Услугата за собирање, транспортирање и депонирање на отпадот ја обезбедуваат Јавните комунални претпријатија (ЈКП), освен Општина Кратово, која има договор со приватното претпријатие „Силком" на пет (5) општински депонии. Со депониите се управува на контролирана основа, но тие не се во согласност со барањата на ЕУ. Понатаму, според теренските испитувања, постојат 36 неконтролирани диви депонии, особено во руралните средини и не се опфатени со системот за собирање отпад.

Услугата за собирање отпад главно ја обезбедуваат Јавните комунални претпријатија (ЈКП) со исклучок на Општина Кратово која го договори приватното претпријатие „Силком". Сепак, недоволната ликвидност на ЈКП ги спречува инвестициите во соодветна инфраструктура за одделување и третман на отпадот, па затоа главно мешаниот отпад се собира и се отстранува на комунални нестандардни депонии. Треба да се напомене дека Општина Старо Нагоричане одлучи да не се приклучи на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад.

Според добиените прашалници, процентот на населението што добива редовни услуги се движи од 50% (Липково) до 80% (Крива Паланка) и 20% во Старо Нагоричане. Поголемиот дел од населението кое не добива никаква услуга за собирање живее во рурални средини. Ова доведе до зголемување на бројот на диви депонии лоцирани на периферијата на населените места. Честотата на собирање отпад варира во различни општини. За да се толкуваат резултатите, мора да се има предвид дека најнаселената општина во регионот е општина Куманово, а најмалку населената е општина Ранковце.

13.5. Карактеристики на животната средина на подрачјето кое ќе биде значително засегнато и состојба без имплементација на Планот

Во оваа глава се опишани карактеристиките/еколошките проблеми во Регионот, клучните прашања или проблеми карактеристични за постојниот систем на управување со отпад во Регионот и оцената на животната средина без спроведување на РПУО, во однос на населението и здравјето на луѓето, климатските карактеристики и квалитетот на воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност и природното наследство, културното наследство и материјалните добра.

Тековниот систем за управување со отпад во двата Региони е заснован главно на собирање и отстранување на отпадот. Најголем дел од населението кое живее во руралните области воопшто не добива услуги на собирање на отпад. Отпадот не се третира пред неговото депонирање. Индустрискиот, градежниот, земјоделскиот, па дури и опасниот отпад често се депонираат заедно со комуналниот отпад без претходен третман.

Комуналните депонии, иако се организирани, не се во согласност со барањата на ЕУ. Покрај тоа, има голем број неконтролирани диви депонии, кои претставуваат голем ризик за животната средина.

Спроведената оцена на локациите на депониите во Регионот покажува дека тие носат ризик за здравјето на луѓето, водата (површинската, подземната), почвата, биолошката разновидност и сл. Повеќето од нив се оценети како високо или средно ризични.

Евалуацијата на животната средина без спроведување на РПУО покажува дека би продолжиле следните трендови и закани, поврзани со постојниот систем на управување со отпад:

- нема одржливо управување со отпадот;
- управување со отпадот кое не е во согласност со Директивите на ЕУ;
- несоодветно собирање и транспорт на отпадот,
- нелегално диво депонирање,
- депонирање на различни видови отпад на депонија без претходен третман,
- биоразградливиот отпад завршува на депонија и генерира значителни емисии во воздух,
- палење на отпадот на отворен простор на депониите,
- емисии на депониски гас,
- мирис (во текот на собирањето, транспортот и депонирањето),
- зголемени емисии на стаклснички гасови,
- создавање на исцедок и негово дренирање и истекување во водните тела и во почвата, без никаков третман,
- зафаќање на огромна површина земјиште за депонирање на отпадот,
- нерехабилитирани локации на депонии со висок ризик за животната средина и за здравјето на луѓето,

- значително влијание врз медиумите на животната средина (зголемени емисии во воздухот, бучава, мирис, загадување на почвите и водите) и врз квалитетот на животот, предизвикано од сегашниот систем на управување со отпадот,
- лоша здравствена состојба поврзана со квалитетот на животната средина,
- заболувања, како резултат од инфекции што се пренесуваат преку храната, водата, воздухот, почвата, итн.
- намалена стапка на вработување, намалени приходи од рециклирање и искористување на отпадот, итн.
- ограничени приходи од рециклирање и преработка на отпадот, итн.

13.6. Подрачја од посебно значење од аспект на заштита на дивите птици и живеалиштата

Источниот Регион се карактеризира со:

Пет значајни орнитолошки подрачја: Осоговски Планини, Долина на река Злетовица, Овче Поле, Тополка-Бабуна-Брегалница и Мантово-Лакавица.

Пет значајни растителни подрачја: Осогово, Овче Поле-Богословец, Јудови Ливади, Криволак-Серта и Плачковица.

Четири Емералд подрачја: Малешево, Овче Поле, Богословец, Брегалничката клисура.

Североисточниот Регион се карактеризира со:

Три значајни орнитолошки подрачја: Пчиња – Петрошница – Крива Лека, Преод – Ѓуѓанце и Осоговски Планини.

Две значајни растителни подрачја: Скопска Црна Гора и Осогово.

Две Емералд подрачја: Богословец и Герман – Пчиња.

13.7. Цели на заштитата на животната средина утврдени на национално и меѓународно ниво

Целите на заштитата на животната средина се дефинирани во согласност со националното и со меѓународното законодавство и истите се земени предвид при изработката на Извештајот за СОЖС.

Во Извештајот се дефинираат општите цели, поврзани со воспоставувањето на функционален и ефикасен национален систем на управување со животната средина.

Посебните цели на заштитата на животната средина, изразени преку целите на СОЖС, се:

- Подобрување на условите за живот на населението,
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство,
- Заштита и подобрување на квалитетот на водата,

- Заштита и подобрување на квалитетот, квантитетот и функцијата на почвата,
- Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стаклени гасови,
- Подобрување и заштита на материјалните добра,
- Заштита и унапредување на културното наследство,
- Зачувување на пределските карактеристики и заштита на пределот насекаде, а особено во назначените подрачја.

Поврзаноста на целите на СОЖС и на Планот е подетално прикажана во Глава 7.1.

13.8. Анализа на алтернативи

Врз основа на детална оцена и пресметките, дополнително поддржани со методот ELECTRE III за Источниот Регион, во РПУО три сценарија се оценети како најсоодветни за одржливо управување со отпадот, подредени по следниот редослед: Сценарио S3b (најпрепорачливо), Сценарио S2 (второ) и Сценарио S1a (трето).

За да се добие јасен преглед на потенцијалните влијанија врз животната средина, кои можат да се појават при имплементација на сценаријата S3b, S2, S1a, во оваа глава се врши споредба помеѓу сценариото „Не прави ништо" (тековниот систем на управување со отпад во регионот) и имплементацијата на предложените сценарија.

За да се потврди дали најдоброто предложено сценарио во РПУО (S3b) е истовремено најдобро сценарио од аспект на стратешката оцена на животната средина, во Извештајот за СОЖС се прави споредба меѓу опциите на предложените сценарија.

Заклучок: Од предложените сценарија, може да се заклучи дека сценариото S3b дава поголема придобивка и има најмали влијанија врз животната средина во споредба со другите сценарија. Генерално сите опции во сценаријата се слични, генерираат слични влијанија и вклучуваат слична технологија за третман на отпадот. Разликите се единствено во видот на механичкиот третман (Инсталации за преработка на чисти или нечисти материјали, компостирање на органски и зелен отпад и квалитет на произведениот рециклиран материјал.

Системот со две канти на собирање на отпадот, претставен во сценариото S3b, инсталацијата за преработка на чисти материјали и домашното компостирање нудат предности со добивање на квалитетен производ и помало влијание врз животната средина отколку кај другите сценарија.

Може да се заклучи дека, покрај оваа оцена, сценариото S3b се предлага како препорачливо сценарио и во РПУО. Оваа опција покажува најдобри резултати во однос на законските, еколошките, технолошките и економските критериуми.

13.9. Можни значителни влијанија врз животната средина

РПУО претставува основа за примена на интегриран систем за управување со отпад како начин на контролирање на различни видови создаден отпад.

РПУО ќе претставува упатство за идното управување со отпадот во Регионот, кое ќе придонесе кон намалувањето на количината на отпадот што завршува на депонија, обемот на

потенцијалната опасност на создадениот отпад, емисиите во атмосферата, водата и почвата, емисиите на стаклени гасови и други загадувачки материи кои се генерираат со постојниот систем на управување со отпадот.

Покрај наведените придобивки, регионалното управување со отпадот ќе придонесе кон подобрувањето на социо-економската состојба во регионот, што ќе се рефлектира преку зголемена понуда на работни места, подобра деловна клима, итн.

Покрај фактот што препорачаното сценарио за регионално управување со отпад ќе придонесе кон идното воведување на соодветен систем за управување со отпадот и кон подобрување на тековната состојба на управување со отпадот, спроведувањето на разработените опции преку конкретни проекти може да предизвика и негативни ефекти на локално ниво.

Покрај оцената на влијанијата врз животната средина од Избраното сценарио, во оваа глава е опфатена и оцена на влијанието врз животната средина предизвикано од рехабилитација на општинските/нелегални депонии во Регионот, како дел од активностите на РПУО.

Избраното сценарио S3b и рехабилитацијата на постојните нерегулирани/диви депонии ги содржи следните опции и подопции:

Табела 78. Сценарио и рехабилитација на постојните општински/нелегални депонии

Избрано сценарио и рехабилитација на постојните општински/нелегални депонии	
Опција: Спречување на создавање отпад	**Под-опција:** Активности за подигнување на свеста за превенција на отпадот во Регионите, Финансирање и спроведување на проекти и услуги за реупотреба, Поддршка и овозможување на заедницата и волонтерскиот сектор, т.е. организирање на банки за храна, иницијативи за прехрана на сиромашните, Изработка на разни водичи за спречување на отпад, истражување и развој
Опција: Собирање	**Под-опција:** Систем за собирање со две канти (канта за рециклабилен отпад и канта за преостанат отпад), Собирни места, Одделно собирање на зелен отпад
Опција: Третман на канта со рециклабилен отпад	**Под-опција:** Инсталација за преработка на материјали (MRF)
Опција: Третман на канта со преостанат отпад	**Под-опција:** Механичка и биолошка стабилизација (MBS)
Опција: Третман на зелен отпад	**Под-опција:** Компостирање во бразди-отворено компостирање
Опција: Третман на изворот на создавање	**Под-опција:** Домашно компостирање
Опција: Депонирање	**Под-опција:** Депонија за остатоци
Опција: Рехабилитација на постоечки општински/нелегални депонии	**Под-опција:** Рехабилитација на депонија-Модел „А"-отстранување на отпадот по метод „ex-situ"[26], Рехабилитација на депонија-Модел „Б"-Безбедно

[26] „Ex situ" со чистење на отпадот и негово повторно отстранување на општинската депонија. Овој метод е применлив за санација на нелегални мали (диви) депонии со волумен до 1.000 m³.

	отстранување „in-situ"[27] ,Рехабилитација на депонија-Модел „С" - Безбедно отстранување „in-situ"[28]

Табела 79. Можни позитивни влијанија предизвикани од реализацијата на Избраното сценарио и рехабилитација на постојните општински/нелегални депонии

Избраното сценарио и рехабилитација на постојните општински/нелегални депонии	
Цели на СОЖС	***Оцена на влијанието предизвикано од опциите***
Подобрување на условите за живот на населението	***<u>Спречување на создавање отпад</u>***[29] Оваа опција е најповолна опција за управување со отпадот, поставена на врвот на хиерархијата за управување со отпадот. Главните придобивки од оваа опција се следните: -Подобрена одржливост, преку намалување на потребата од примарни ресурси во производството; -Обезбедување на подобра искористеност на материјалите и намалување на потребата за депонии; -Продолжување на животот на стоките; -Банките за храна обезбедуваат брза поддршка на луѓе во криза; -Ја елиминира потребата од собирање, обработка/третман и отстранување на отпадот и слични негативни влијанија врз животната средина, како резултат на овие активности; -Нема негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето; -Има нето еколошка полза од секој несоздаден тон на отпад во однос на секоја друга опција за управување со отпад. ***<u>Собирање на отпад</u>*** -Интегрираното управување со отпад ќе придонесе за подигнување на јавната свест во врска со одржливо управување со отпадот и ќе резултира со подобрување на животната средина, јавното здравство и економски придобивки. -Потенцијални позитивни влијанија се: можности за вработување и безбедно собирање на отпадот за понатамошен третман и отстранување. -Воведување на одделно собирање: собирањето со две канти дава можност рециклабилните материјали да бидат продадени и да се намали количината на депониран отпад. -Поделбата на специфични фракции на комуналниот отпад на изворот на неговото создавање дава најдобри резултати при рециклирање на одредени материјали и обезбедува добар квалитет на производите кои ќе се продаваат. -Одделното собирање во собирни места ќе има позитивно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. Тоа, исто така ќе ги намали ризиците по здравјето и безбедноста (несреќи) на работните места и во домаќинствата. -Одделното собирање на зелен отпад придонесува за добивање на компост со добар квалитет, намалување на отпадот на депонија, намалување на депониските и стаклениčките гасови. Сите споменати опции за одделно собирање на комуналниот отпад ќе имаат значително позитивно влијание врз климатските промени и нивното негативно влијание врз здравјето на луѓето.

[27] Се предлага за санација на депонии со среден и многу висок ризик и волумен на отстранет отпад до 100.000 m^3 на среден рок.
[28]) Се предлага за депонии со многу висок ризик и значителен волумен на отстранет отпад (од 100.000 m^3 до 500.000 m^3) на краток рок.
[29] Позитивните влијанија се исти за сите цели на СОЖС.

Собирните места и претоварните станици - може да се користат како места за рециклирање. Главните придобивки од ова се пренасочување и преработка на посебните текови отпад кои инаку би се отстраниле на обични депонии. Оваа опција ќе го намали влијанието врз здравјето на луѓето, а во исто време, местата за рециклирање може да придонесат за едукација на граѓаните за управување со гореспоменатите текови на отпад.

Оваа опција ќе овозможи ефекти врз вработувањето и економијата (работни места, директно поврзани со инсталациите за отпад и индиректни работни места за луѓето на локално и регионално ниво; стимулирање на поширокатa економија и отворање на нови бизниси поврзани со управувањето со отпадот, пр. повторна употреба и инсталации за рециклирање).

Исто така, претоварните станици ќе придонесат за намалување на трошоците за транспорт на отпад до местата за отстранување, потрошувачката на гориво, предизвиканиот сообраќаен метеж, емисии во воздухот и др.

Транспорт

Значајни можни позитивни влијанија врз здравјето на луѓето од транспортот на отпадот се: вработување и безбедно транспортирање на отпадот за отстранување.

Третман на кантата за рециклабилен отпад (MRF)

Потенцијални позитивни влијанија: го продолжува животот на стоките, обезбедува преработен материјал за идна употреба, ја подобрува одржливоста преку намалување на употребата на примарни ресурси во производството, ја намалува количината на отпад за отстранување и ги намалува еколошките трошоци во однос на енергија и емисии, ја минимизира употребата на нови суровини и преработка на тие материјали, има заштеди на емисиите на CO_2 од потрошувачката на енергија.

Одделувањето на рециклабилни материјали во инсталација за преработка на „чисти" материјали (чиста MRF) ќе обезбеди позитивни ефекти врз здравјето на луѓето, вработувањето и економијата. Овие ефекти ќе бидат видливи преку создавање на работни места, директно поврзани со инсталациите за отпад и индиректни работни места за луѓето на локално и регионално ниво, преку стимулирање на поширокатa економија.

Механичка и биолошка стабилизација (MBS)

Третманот на отпадот од остатоци со механичко-биолошка стабилизација (MBS) ќе произведува вредни материјали што може да се продаваат како производи слични на компост (CLO), железо, алуминиум и други неметални рециклабилни материјали. Процесот на механичко-биолошка стабилизација може да произведе високо калорично цврсто гориво - добиено од отпад (SRF), кое може да се користи во електраните или во печките за цемент.

Механичко-биолошката стабилизација ќе има позитивно влијание врз здравјето на луѓето, вработувањето и ефекти врз економијата на регионално ниво.

Компостирање во бразди - отворено компостирање

Потенцијалните позитивни влијанија од третманот на зелениот отпад со компостирање во бразди вклучуваат производство на компост со добар квалитет, што ќе ја стимулира поширокатa економија преку повраток на рециклабилните материјали (компост како подобрувач на почвата).

Домашно компостирање

Потенцијално позитивно влијание од домашното компостирање:

-Третман на органски отпад во руралните области и производство на компост со добар квалитет;

-Финансиска корист за индивидуалните производители на компост.

Депонија за остатоци

	Иако депонирањето на отпадот е најмалку посакувана опција, таа сè уште е неопходен дел на интегрираниот систем за управување со отпад. Главните потенцијални позитивни влијанија на идната регионална депонија се: -Намалено или комплетно елиминирано отстранување на нелегални или општински депонии во Регионот и негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето предизвикани од таквото отстранување, -Правилно и безбедно отстранување на преостанатиот отпад (остатоците) на соодветна депонија, -Можно производство на енергија од согорување на депониски гас, -Вработувања. ***<u>Рехабилитација на постоечките општински/нелегални депонии</u>*** Потенцијалните позитивни влијанија од рехабилитацијата на постоечките општински/нелегални депонии се: -Намалување и отстранување на загадувањето, на медиумите на животната средина и подобрување на здравјето на луѓето, од постојната депонија; -Постои можност во иднина рехабилитираните локации да се користат за други активности, како што се паркови, детски игралишта и др., кои ќе предизвикаат позитивни социјални влијанија.
Заштита и подобрување на биолошката разновидност и природното наследство	Сите опции ќе придонесат за одржливо управување со отпадот и ќе обезбедат најдобри резултати при рециклирање и повторна употреба на одредени материјали што ќе ја намали потребата од нова депонија со голем капацитет и соодветно ќе го намали влијанието врз биолошката разновидност. Рециклирањето и повторната употреба на отпадните материјали е почеток на одржливо користење на ресурсите и придонесува за намалување на побарувачката на природен материјал (искористувањето на природните материјали причинува непроценливо штета на биолошката разновидност). Рехабилитацијата на постојните општински/нелегални депонии и изградбата на регионална депонија ќе предизвика позитивно влијание врз биолошката разновидност на регионално ниво, бидејќи ќе биде избегнато сегашното нелегално депонирање на отпадот или неговото депонирање на општинските депонии кое предизвикува штета на флората, фауната, живеалиштата и др. Во некои делови на регионот, состојбата на биолошката разновидност се оценува како високо ризична.
Заштита и подобрување на квалитетот на водата	Одделното и организирано собирање на различните текови на отпад за понатамошен третман и предложената опција за третман на отпадот е дел од опцијата за одржливо и интегрирано управување со отпад и дава придонес за намалување на директното или индиректното загадување на површинските и подземните води. Рехабилитацијата на постојните општински/нелегални депонии и изградбата на регионалната депонија ќе предизвика позитивно влијание врз водните ресурси поради фактот што во иднина практиката на депонирањето на отпадот на нерегулираните и дивите депонии ќе биде напуштена. Понатаму, рехабилитацијата на постојните депонии и изградба на регионална депонија ќе го намали бројот на општински депонии. Во некои делови на регионот, статусот на водните тела се оценува како високо ризичен.
Заштита и подобрување на квалитетот на почвата, количината и функцијата	Рециклирањето и повторната употреба на отпадот е дел од опцијата за одржливо и интегрирано управување со отпад и дава придонес во намалувањето на директното или индиректното загадување на почвата. Овие опции даваат можност за рециклирање и повторна употреба на одредени материјали што ќе го намали капацитетот на депонијата и ќе предизвика позитивно влијание врз почвата и користење на земјиштето. Рехабилитацијата на постојните општински/нелегални депонии и регионална депонија ќе предизвика позитивно влијание врз почвата поради фактот што сегашните диви депонии

	и општински депонии ќе се затворат, ќе се ревитализираат и ќе се користат за други цели. Во некои делови на регионот, статусот на почвата се оценува како високо ризичен.
Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови	Опциите за рециклирање и повторна употреба на отпадот придонесуваат за намалување на емисиите на стакленички гасови од депонијата и може да ја компензираат енергијата и емисиите на јаглерод, поврзани со екстракција и производство од природни материјали. Понатаму, опциите нудат можност за избегнување на незаконско отстранување на отпадот и негово палење, што ќе придонесе за подобрување на квалитетот на воздухот. Со имплементација на компостирањето во бразди-опции за отворено компостирање, ќе се намали количеството на зелен отпад што завршува на депонија и предизвикува емисии на стакленички гасови (GHG) (како најголем придонесувач на климатски промени). Рехабилитацијата на постојните општински/нелегални депонии ќе придонесе за елиминирање на тековното/нелегално отстранување на отпад што предизвикува значително загадување на воздухот и претставува ризик за човековото здравје. Исто така, изградбата на регионална депонија и можното производство на енергија од согорување на депониски гас ќе придонесе за намалување на емисиите на стакленички гасови на регионално и локално ниво.
Подобрување и заштита на материјалните добра	Опциите даваат можност за понатамошна употреба на материјали и намалување на отпадот на депонијата, што придонесува за намалување на потрошувачката на енергија и вода, природни материјали и др.
Заштита и промоција на културното наследство	Опциите ќе придонесат за намалување или елиминирање на незаконското отстранување, со што од друга страна ќе се избегнат или минимизираат можните влијанија врз културното наследство или важните туристички места во регионот.
Зачувување на карактеристиките на пределот и заштита на пределот насекаде, а особено во назначената област	Опциите ќе ја намалат потребата за нелегално отстранување или потребата за нова депонија со голем капацитет/површина. Со тоа ќе се избегнат или минимизираат можните влијанија врз пределот и природното наследство. Рехабилитацијата на постојните депонии ќе има позитивно влијание на пределот во регионот, затоа што општинските/нелегалните депонии кои предизвикуваат значително негативно влијание во регионот ќе се исчистат и рехабилитираат. Исто така, постои можност во иднина рехабилитираните локации да се користат за други активности, како што се паркови, детски игралишта, итн.)

Табела 80. Можни негативни влијанија предизвикани од имплементацијата на препорачаното сценарио S3b и рехабилитација на постојните општински/нелегални депонии

Сценарио S3b и рехабилитација на постојните општински/нелегални депонии	
Цели на СОЖС	***Оцена на влијанието предизвикано од опциите***
Подобрување на условите за живот на населението	*Влијание врз здравјето* Потенцијалните негативни здравствени влијанија, предизвикани од собирање на отпадот, транспорт и инсталации за негово управување, се поврзани со: -Создавањето прашина, био-аеросоли, емисии од сообраќај, депониски гас и издувни гасови од согорување на депониското гас, мирис, бактерии и штетници, ѓубре, непријатност од бучава, можат да предизвикаат негативно влијание врз квалитетот на воздухот, -Придонес кон климатските промени преку производството на стакленички гасови од различни активности, -Исцедокот, отпадните води и загадените атмосферски води, случајното истекување и несоодветен третман може да предизвикаат загадување на водата, почвата и воздухот, со последици на квалитетот на живеењето,

	-Визуелно влијание. -Пожар и експлозии. -Зголемен патен сообраќај и метеж и можни сообраќајни несреќи. - Ефекти врз менталното здравје преку планирање и поставување на инсталација за отпад во близина на станбена населба. -Ако во инсталациите за управување со отпад не се имплементираат соодветни безбедносни мерки, се очекуваат негативни последици по здравјето и безбедноста од неовластени посетители (нелегални собирачи, пасење на добиток итн.). -Компостот од зелен отпад може да содржи голем број органски загадувачи (пестициди, лекови, индустриски загадувачи), кои имаат потенцијал да придонесат за загадување на синџирот на исхрана и да имаат негативно влијание врз домашните животни кои пасат. -Произведениот (биостабилизиран) производ сличен на компост (CLO) од инсталациите за механичка и биолошка стабилизација има низок квалитет и може да се користи како материјал за покривање на депонијата или за рехабилитација на земјиштето. Ако овој компост се користи како ѓубриво, има потенцијал да го контаминира синџирот на исхрана или да предизвика негативно влијание врз домашните животни кои пасат. Сите горенаведени можни влијанија врз здравјето на луѓето ќе зависат од организираниот систем за собирање и спроведување на мерките, видот и староста на превозните средства, транспортните патишта, честотата на собирање, времето на привремено складирање на отпадот на местото на собирање, како и избор на локации за поставување на инсталации за управување со отпад и нивната чувствителност, спроведување на соодветни мерки и одржување на процесот и инсталациите. *Социо-економски аспекти* Потенцијалните негативни влијанија од социо-економски аспект (предизвикани од собирање на отпадот, транспорт и инсталациите за управување со отпад) се поврзани со: -Зголемената тарифа за отпад може да предизвика негативни финансиски влијанија врз комерцијалниот сектор и домаќинствата. -Ранливите групи - пензионери, земјоделци кои живеат на границите на сиромаштијата. -Новиот систем за управување со отпад ќе има негативни социјални влијанија на неформалниот сектор. -Користењето на земјиште во корелација со изградба на инсталации за управување со отпад и придружна инфраструктура - можно е некои инсталации да се градат на приватно земјиште, што може да предизвика негативно влијание кај сопствениците на парцелите и нивна реакција. -Пренамена од земјоделско во градежно земјиште. Акцијата може да предизвика негативно влијание врз функционалните карактеристики на земјиштето. -Рехабилитација на постојните (општински/нелегални) депонии може да ги предизвика горенаведените влијанија врз здравјето на луѓето. Се очекува дека поголем интензитет на овие влијанија ќе се појави во текот на фазата на изградба, но создавањето на депониски гас и исцедок ќе продолжи и по рехабилитацијата. Можното влијание на оваа активност, подетално ќе биде анализирано на ниво на проект.
Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство	Опциите од претпочитаното сценарио за управување со отпад во Регионот може да имаат негативно влијание врз биолошката разновидност, како резултат на зголемените емисии на прашина и други загадувачи, бучава, загадување на водата и почвата, зголемување на сообраќајот на избраната локација каде ќе бидат поставени инсталациите за управување со отпад и околината по должината на транспортните рути. Влијанието врз биолошката разновидност ќе зависи од примената на најдобрите достапни практики за сите опции, спроведените мерки за намалување или минимизирање на влијанието врз воздухот, водата и почвата и чувствителноста на одбраната локација.

	Не се очекува опциите од претпочитаното сценарио да предизвикаат директно негативно влијание врз природното наследство, што се должи на критериумите за избор на локација, презентирани во РПУО (изградба на инсталации за управување со цврст отпад треба да се избегнува во: области заштитени со закон и индивидуални елементи на природата и пределот: Натура 2000, Национални Паркови, РАМСАР-области итн.). Производот, сличен на компост (CLO), од инсталациите за механичка и биолошка стабилизација (биостабилизиран) може да се користи како материјал за покривање на депонија. Доколку истиот се користи како ѓубриво може да предизвика негативно влијание врз биодиверзитетот во околното подрачје (биодиверзитет во водни површини, животни кои пасат итн.). Не се очекува рехабилитацијата на постојните (општински/нелегални) депонии да влијае врз биодиверзитетот, по фазата на рехабилитација. Можни негативни влијанија може да се појават за време на градежните активности, но ова дополнително ќе се оцени на ниво на проект.
Заштита и подобрување на квалитетот на водата	Сите опции (и последователните мерки и дејствија) во претпочитаното сценарио (S3b) за регионално управување со отпад може да имаат негативно влијание врз водните ресурси, во случај на неправилен избор на локации за изградба на инсталации за управување со отпадот, можни истекувања, испуштање на нетретиран исцедок, испуштање на отпадни води и др. Позитивен аспект е фактот што РПУО ги исклучува локациите за изградба на инсталации за управување со отпад кои се наоѓаат во чувствителни водни сливови (површински и подземни води). **Собирање и транспорт** Активностите за собирање, транспорт и складирање на отпадот (собирни места и претоварни станици) може да имаат негативно влијание врз површинските и подземните води како резултат на случајно истурање и исцедување, миење на возилата и опремата, испирање на површината, можни инциденти и истекување во текот на транспортот на отпадот. Природата на влијанијата ќе зависи од карактеристиките на областа на собирање, типот на садовите за собирање, типот на возила, транспортните рути и квалитативните и квантитативните карактеристики на водотекот. **Инсталации за преработка на материјали (MRF)** Не се очекуваат значителни влијанија врз водните тела од имплементација на инсталација за преработка на чисти материјали (чиста MRF). Единствената емисија на вода од овој тип на третман би била од истекувањата од паркинг просторот и миење на возилата и опремата, како и потенцијални мали истурања од дробење/балирање на лименки/шишиња и др. Ако оваа вода се испушта непречистена може да предизвика загадување на водните ресурси. **Механичка и биолошка стабилизација (MBS)** Случајно испуштен исцедок од био-стабилизацијата/компостирањето може да претставува потенцијална опасност за површинските или подземните води. Процесот на компостирање има значителна побарувачка на влага, која се користи во почетната фаза на пулверизација, а потоа испарува во фазата на компостирање. Така, создадениот исцедок може да се искористи во самиот процес. Испуштениот исцедок обично содржи биоразградливи состојки (кои предизвикуваат мирис), нитрати и органски киселини. Овие загадени, нетретирани води може да имаат негативно влијание врз водните ресурси. **Компостирање во бразди-отворено компостирање** Влијанието врз водите (површински и подземни), од процесите во постројката за компостирање е поврзано со емисии од истекувања и исцедок од компостирањето, како и од миење на возилата и опремата. Исцедокот од компостирањето може да влијае на површинските или подземните води, ако се испушта без претходен третман. Компостирањето на зелениот отпад има потенцијал да создава поголеми количини одвишна течност, особено ако се спроведува на отворено. Дури

	и соодветно управуваните операции за компостирање ќе создаваат мали количини на исцедок. **Депонирање** Планираната регионална депонија ќе биде модерна, со спроведени мерки за заштита на подземните и површинските води. Но сепак, можат да се појават некои влијанија, поврзани со можни емисии од истекување од површината на депонијата. Случајни истекувања на исцедокот од депонијата или загадени површински исцедни води можат да имаат значителни ефекти врз квалитетот на водата (површински или подземни води). Сепак, интензитетот на ефектот ќе зависи од хидрогеолошките карактеристики на локацијата, спроведените мерки за заштита на подземните и површинските води, инсталираниот дренажен систем, воведените мерки за да се избегнат можните појави на несреќи и вонредни ситуации, количината и интензитетот на испуштање, разблажувањата на испуштањата, хидролошкиот и еколошкиот капацитет на реципиентот. Овој тип на влијанија ќе претставува долгорочна закана, за време на работењето на депонијата и по нејзиното затворање. **Рехабилитација на постоечките општински/нелегални депонии** Рехабилитацијата на постојните депонии може да предизвика негативно влијание врз водните тела. Поголем интензитет на ова влијание се очекува во текот на градежната фаза, но, создавањето на исцедокот ќе продолжи и по рехабилитацијата, при што можноста за влијание врз водите предизвикано од предложените модели не е исклучено. Не се очекува опцијата Модел „А"-депонирање на отпад со „ex situ" метод да предизвика негативни влијанија врз водите по фазата на рехабилитација, бидејќи локацијата ќе биде исчистена и отстранетиот отпад ќе се депонира на општинските депонии. Другите модели на „in situ" рехабилитации можат да предизвикаат негативно влијание врз водите, бидејќи и покрај нивната рехабилитација, депонираниот отпад ќе продолжи да создава исцедок. Можните негативни влијанија врз водите предизвикани од исцедокот ќе зависат од спроведените мерки за третман на исцедокот. Можното влијание од овие активности ќе биде анализирано во повеќе детали на ниво на проект.
Заштита и подобрување на квалитетот на почвата, количината и функцијата	Претпочитаните опции за управување со отпад во Регионот можат потенцијално да имаат негативно влијание врз почвата во случај на несоодветен избор на локација за поставување на инсталациите за управување со отпад, потенцијалните истекувања, испуштања на нетретиран исцедок и отпадни води итн. Сепак, треба да се спомене дека РПУО исклучува локации со карактеристична (сензитивна) почва за поставување на инсталации за управување со отпад. **Собирање и транспорт** Собирањето и транспортот на отпадот може да имаат негативно влијание врз квалитетот на почвата, како резултат на несоодветно собирање и складирање, потенцијалните истекувања од отпадот од пакување, исцедокот од зелениот отпад и истурања на собирните места, претоварните станици, миењето на возилата и опремата и евентуален инцидент за време на транспортот на отпадот. Природата на ефектот ќе зависи од карактеристиките на областа на собирање, типот на собирните садови на возилата, транспортната рута и карактеристиките на земјиштето и прецизно ќе бидат дефинирани на ниво на проект. **Инсталации за преработка на материјали (MRF)** Постои потенцијал инсталациите за преработка на материјали (MRF) да имаат локални негативни ефекти врз почвата преку случајни испуштања на отпадни води или истурања, таложење на седименти од воздухот итн. Исто така, инсталациите за преработка на материјали ќе создаваат отпад од остатоци кој ќе биде депониран на депонијата. **Механичка и биолошка стабилизација (MBS)** Процесите на механичка и биолошка стабилизација (MBS) можат да имаат негативни ефекти врз почвата преку случајни испуштања на отпадни води или истурања, исцедок, таложење на

	седименти пренесени преку воздух, итн. Влијанијата врз почвите понатаму ќе зависат од квалитетот на преостанатиот материјал од производот сличен на компост-CLO. Влијанијата ќе зависат од степенот на обработка на остатоците и нивната конечна примена. Постои можност значително количество на инертни загадувачи да останат во производот од инсталациите за преработка на материјали што ќе резултира со добивање производ сличен на компост-CLO со низок квалитет (овој тип на производ сличен на компост-CLO може да се користи само за покривање на депонијата или за рехабилитација на депонијата). Со цел ова да се избегне, потребно е да се изврши внимателно сортирање на овие инертни загадувачи во текот на процесот на работа на инсталациите за преработка на материјали. За подолго задржување на отпадот за стабилизација може да е потребна значителна површина на земјиште за созревање на материјалот, што може да влијае негативно на сопствениците на земјиштето. **Компостирање во бразди-отворено компостирање** Компостирањето во бразди може да има негативни ефекти врз почвата поради случајно испуштање на отпадни води или истурање, исцедок, контаминиран компост и др. Загадување на компостот од зелениот отпад може да произлезе од ниско инертни загадувачи (стакло, пластика и метали) кои обично се отстрануваат со комбинација на визуелен преглед и скрининг. Во однос на загадување со тешки метали, зелениот отпад е веројатно најмалку контаминирана суровина. Отпадниот материјал што се користи за компостирање може да содржи голем број на органски загадувачи (пестициди, лекови, индустриски загадувачи), што може да предизвика контаминација на почвата. **Депонирање** Отстранувањето на остатоците од отпад на депонија може да има негативни ефекти врз почвата, поради случајно истекување на дренираната вода, исцедокот, контаминирани остатоци итн. Исто така, почвите може да бидат значително погодени од операциите на депонирање, особено поради зафаќање на големи земјишни површини (волуменот на отстранета и складирана почва за време на градежната фаза). Степенот на влијание зависи од геолошките и геоморфолошките услови на теренот. **Рехабилитација на постоечките општински/нелегални депонии** Рехабилитацијата на постојните депонии може да предизвика негативно влијание врз почвата. Поголем интензитет на ова влијание се очекува во текот на фазата на изградба, но создавањето на исцедокот ќе продолжи и по рехабилитацијата, па така, не е исклучена можноста за влијание врз почвата предизвикана од предложените модели. Не се очекува опцијата Модел „А“-депонирање на отпад по метод "ex situ“ да предизвика негативни влијанија врз почвата по завршувањето на фазата на рехабилитација, бидејќи локацијата ќе биде исчистена, а отстранетиот отпад ќе се депонира на општинските депонии. Другите "in situ" модели на рехабилитација можат да имаат негативно влијание врз почвата предизвикано од создаден исцедок, бидејќи и покрај рехабилитацијата, депонираниот отпад ќе продолжи да создава исцедок. Можните негативни влијанија врз почвата предизвикани од исцедокот ќе зависат од спроведените мерки за негов третман. Можните влијанија од овие активности ќе бидат анализирани во повеќе детали на ниво на проект.
Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стаклени гасови	Најголем дел од активностите на избраното сценарио за РПУО може да има негативни влијанија врз квалитетот на воздухот како резултат на создавањето на прашина, био-аеросоли, емисиите од сообраќајот, депонискиот гас и издувните гасови од согорувањето на депонискиот гас, мирис, бактерии и штетници, расфрлан отпад, непријатност од бучава, во случај на неправилен избор на локации за поставување на инсталациите за управување со отпад и несоодветни мерки и одржување на процесот и инсталациите. Поради фактот дека сите наведени активности се поврзани со специфични активности за имплементација на проектот, прецизна оцена на влијанијата ќе се врши на ниво на проект. **Собирање и транспорт**

Активностите за транспорт на отпад можат да имаат негативно влијание врз квалитетот на воздухот како резултат на неправилното складирање и собирање. Несоодветното собирање и складирање на биоразградливиот отпад може да резултира со емисии на стакленички гасови, мирис, бактерии и др. Исто така, други видови на објекти како собирни места, претоварни станици и текови на отпад (отпад од пакување) може да создаваат био-аеросоли, прашина, испарливи органски соединенија (VOC), мириси, бактерии, габи и др.

За одделно собирање на отпадот е потребен зголемен број на различни видови возила. Транспортот на отпадот може да се одвива на долги растојанија, кое може да предизвика создавање на емисии на стакленички гасови, прашина, емисии на NOx, мирис и др.

Природата на ефектот ќе зависи од видот на садовите за собирање, типот на возила, транспортната рута, локацијата на површината за складирање и капацитетот на амбиентниот воздух.

Исто така, овие активности ќе создаваат зголемено ниво на бучава која може да предизвика негативно влијание врз населението и постоечката фауна.

Инсталации за преработка на материјали (MRF)

Инсталациите за преработка на материјали (MRF) ќе создаваат првенствено фугитивни емисии во воздухот, како резултат на постапување и сортирање на отпадот. Можна е појава на емисии, доколку отпадот остане во објектот подолг временски период. Ова би можело да ги зголеми емисиите на мирис и микро-организми. Се смета дека инсталациите за преработка на материјали најверојатно нема да имаат значителни влијанија врз квалитетот на воздухот.

Бучавата може да биде потенцијален проблем на инсталациите за преработка на материјалите при одредени операции, како што се ракувањето со стакло.

Механичка и биолошка стабилизација (MBS)

Работењето на системите за механичка и биолошка стабилизација (MBS) ќе резултира со влијанија врз квалитетот на воздухот, преку емисија на био аеросоли, прашина, испарливи органски соединенија (VOC) и мириси. Несоодветното одржување на куповите компост во текот на процесот на компостирање ќе резултира со гасови кои може да предизвикаат негативни влијанија. Кога куповите не се правилно аерирани, се развиваат колонии на анаеробни бактерии и произведуваат гас, метан. Процесот на распаѓање, исто така, ослободува јаглерод диоксид, испарливи органски соединенија (VOC), бактерии и габи.

Ослободувањето на метан и јаглерод диоксид влијае на проблемите со климатските промени. Лошо управуваните објекти за компостирање, исто така, предизвикуваат непријатен мирис.

Емисиите на мирис што се создаваат при компостирање на отпадот често се предмет на поплаки од страна на населението. Во споредба со другите форми на компостирање, компостирањето на остатоците од отпадот ќе има намалена емисија на мирис што се должи на употребата на систем на покривање (мембрана).

Компостирање во бразди-отворено компостирање

Емисиите од компостирањето во бразди се поврзани со процесот на распаѓање кој предизвикува испуштања на N_2O, NH_3, CH_4, CO_2, испарливи органски соединенија (VOC), бактерии, габи и мириси. Гасовите што се ослободуваат од неправилно одржувани купови на компост, поврзани со процесот на компостирање ќе имаат негативни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Испуштањето на метан и јаглерод диоксид влијае врз климатските промени. Лошо управуваните објекти за компостирање, исто така, предизвикуваат непријатен мирис. Најголемиот дел од населението има поплаки на емисиите на мирис за време на компостирање на отпадот.

Природата на влијанието ќе зависи од видот на работниот процес и периодот на созревање на компостот.

Депонирање

	Депонирањето може да резултира со голем број на ефекти врз воздухот на локално ниво, предизвикано од површинските емисии на испарливите органски соединенија, депониското гас или согорувањето на депониското гас. Емисиите на испарливите органски соединенија може да создаваат мирис. Депониското гас е составен од голем број на гасови, но главно од метан (CH_4) и јаглерод диоксид (CO_2). Тој, исто така има и други компоненти, како што се јаглеводороди, сулфур водород (H_2S), амонијак (NH_3), оксидирани и халогенирани органски соединенија. Во текот на првите 5-8 години работење, депониското гас ќе се спалува, бидејќи депониското гас по квалитет и количини не е доволен за целите на производство на енергија. Нус-производ на емисиите од депониското гас се NOx, CO, суспендирани честички PM и вкупни диоксини/фурани. Исто така, на депонијата ќе бидат создавани емисии од согорување на горивата на механизацијата која ќе се користи за изведување на активности. Сите споменати емисии може да предизвикаат негативно влијание врз квалитетот на воздухот и да придонесат за климатските промени на локално, регионално и глобално ниво. Многу е важно да се спомене дека депониски гас ќе се создава и по затворањето на депонијата. Другите влијанија врз животната средина, поврзани со депониите, може да вклучуваат ризици од миграција на гас/експлозии, визуелно нарушување и расфрлање отпад. Мирисот може да се почувствува дури и на растојание од 500 метри и на тој начин може да биде причина за поплаки. Секое влијание, сепак, ќе зависи од природата на депонираниот отпад, дизајнот на депонијата, степенот на зафаќање на депониското гас, временските услови и близината/ориентацијата на чувствителните рецептори. Како што собирањето и согорувањето на депониското гас сè повеќе ќе се распространува низ целата депонија, се очекува да се намали влијанието од мирисот што се создава на депонијата. Планираната регионална депонија ќе биде модерна и во согласност со ЕУ и националните законски барања и стандарди, кои вклучуваат мерки за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух. **<u>Рехабилитација на постоечки општински/нелегални депонии</u>** Рехабилитацијата на постојните депонии може да предизвика негативно влијание врз квалитетот на воздухот. Поголем интензитет на ова влијание се очекува во текот на фазата на рехабилитација, но создавањето на депониското гас ќе продолжи и потоа, така што можноста за влијание врз квалитетот на воздухот предизвикано од предложените модели не е исклучена. Не се очекува опцијата Модел „А"-отстранување на отпад со метод „ex situ" да предизвика негативни влијанија врз квалитетот на воздухот по фазата на рехабилитација, бидејќи локацијата ќе биде исчистена, а отстранетиот отпад ќе се депонира на општинските депонии. Методите за "in situ" рехабилитација можат да имаат негативно влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух, предизвикани од создадениот депониски гас, кој ќе продолжи да се создава и по затворањето на депониите. Можните негативни влијанија врз квалитетот на воздухот предизвикани од депониското гас ќе зависат од спроведените мерки за екстракција и пречистување на депониското гас. Можното влијание на овие активности ќе биде анализирано во повеќе детали на ниво на основен проект.
Подобрување и заштита на материјалните добра	Несоодветниот избор на локации за изградба на инсталациите за управување со отпад и несоодветното одржување на процесите во објектите, како и собирањето и транспортот на создадениот отпад може да влијаат на локалната инфраструктура, пр. на патиштата, канализацијата, водоводот, електро-енергетската мрежа и др. **<u>Собирање и транспорт</u>** Неодржливиот транспорт на отпад ќе предизвика негативно влијание врз локалните и регионалните патишта.

	Исто така, несоодветното собирање на отпадот од страна на населението, пр. мешање на различни фракции на отпад во контејнери кои не се соодветни за таков тек на отпад, ќе ги зголеми оперативните активности во натамошните инсталации за третман. Тоа ќе резултира со зголемена потрошувачка на суровини и производство на значителни количества фракции подготвени за депонирање. Собирните места и претоварните станици може да предизвикаат негативно влијание врз материјалните добра како резултат на зафаќањето на земјиште за изградба на објектот, потрошувачка на енергија и вода, оптоварување на канализацискатa мрежа и сл. **Инсталации за преработка на материјали (MRF)** Остатоците од инсталациите за преработка на материјали, кои немаат економска вредност ќе бидат отстранети на депонија. Ако операциите во Инсталациите за преработка материјали не се соодветни, ќе се зголеми количината на остатоци што се отстрануваат на депонија и ќе предизвика негативно влијание врз материјалните добра. Инсталациите за преработка на материјали може да предизвикаат негативно влијание врз материјалните добра како резултат на зафаќањето на земјиште за изградба на објектот, потрошувачка на енергија и вода, оптоварување на канализацискатa мрежа и сл. **Механичка и биолошка стабилизација (MBS)** Остатоците од механичко-биолошката стабилизација кои немаат економска вредност ќе бидат отстранети на депонија. Се претпоставува дека 50-55 % од отпадот може да бидат пренасочени од депонирање, иако околу половина од ова пренасочување може да се должи на материјалите што се користат за рехабилитација или управување со локацијата. Ако операциите за механичко-биолошката стабилизација не се соодветни, ќе се зголеми количеството на остатоци што се депонираат и ќе се предизвика негативно влијание врз материјалните добра. Механичко-биолошката стабилизација може да предизвика негативно влијание врз материјалните добра како резултат на зафаќањето на земјиште за изградба на објектот, произведен CLO, потрошувачка на енергија и вода, оптоварување на канализацискатa мрежа и сл. **Компостирање во бразди-отворено компостирање** Компостирањето во бразди може да предизвика негативно влијание врз материјалните добра како резултат на зафаќањето на земјиште за изградба на објектот, произведениот компост, потрошувачката на енергија и вода, канализацискатa мрежа и сл. **Депонирање** Регионалната депонија за остатоци може да предизвика негативно влијание врз материјалните добра како резултат на зафаќањето на земјиште за изградба на објектот, потрошувачка на енергија и вода, оптоварување на канализацискатa мрежа и сл. Сите влијанија што се споменати погоре за сите опции ќе зависат од капацитетот и моќноста на тековната инфраструктурна мрежа и капацитетот на инсталациите. **Рехабилитација на постоечки општински/нелегални депонии** Рехабилитацијата на постојната депонија со спроведувањето на "ex situ" методата може да предизвика негативно влијание врз материјалните добра за време на активностите за рехабилитација и потоа. Депониранот отпад на постојната депонија ќе биде целосно отстранет и ќе биде депониран на општинските депонии. Ова ќе го зголеми капацитетот на општинските депонии, површината на земјиштето за депонирање, како и количината на исцедокот и депонискиот гас кои треба да бидат третирани. Овие третмани се поврзани со зголемена потрошувачка на енергија, потрошувачката на вода, оптоварување на канализацискатa мрежа и др. Специфична оцена на влијанијата ќе се врши на ниво на проект.
Заштита и промоција на	Мерките и активностите вклучени во сценариото S3b и рехабилитацијата на постојните општински/нелегални депонии нема да бидат спроведени во локациите или подрачјата определени како културно наследство.

културното наследство	
Зачувување на карактеристики на пределот и заштита на пределот насекаде, а особено во назначената област	Сите активности од претпочитаното сценариото може да имаат негативно влијание врз пределот. Треба да се истакне дека ИР има карактеристична животна средина и назначени подрачја, кои се вредни за локалната заедница и за туристите. Затоа, при изборот на локации за управување со отпад многу е важно да се земе предвид и ова прашање. РПУО исклучува локации со карактеристичен предел или определени места за поставување на инсталациите за управување со отпад. **Собирање и транспорт** Собирањето на отпадот може да има потенцијално влијание врз визуелниот аспект, како резултат на зголемениот број на канти за собирање на отпадот, нивната големина и боја, расфрлан отпад и др. Природата на ефектот ќе зависи од локацијата за поставување на садовите за отпад, честотата на собирање на отпад, периодот на привремено складирање и др. **Други опции** Сите инсталации за управување со отпад ќе бидат централизирани на регионално ниво и за тоа веројатно ќе биде потребен поголем простор, каде што може да се случат визуелни влијанија врз пределот. Другите влијанија врз пределот може да бидат поврзани со визуелно нарушување, расфрлан отпад, складирање на рециклиран материјал, компост, ископан материјал за покривање на депонијата и др. Природата на влијанието ќе зависи од локацијата на инсталацијата, работните активности за управување, ракување со материјалите и др. Рехабилитацијата на постојната депонија може да предизвика негативно влијание врз пределот, особено во случај на спроведување на „ex-situ“ методата (во фаза на изградба). Можното влијание од овие активности ќе биде утврдено и оценето на ниво на проект. Не се очекуваат негативни влијанија по рехабилитација на депонијата и овие локации може да се користат како паркови, детски игралишта и др.

Табела 81. Потенцијални кумулативни и синергистички влијанија предизвикани од имплементацијата на активностите во препорачаното сценарио S3b и рехабилитацијата на постојните општински/нелегални депонии

Тема на СОЖС	Потенцијални влијанија
Население	Позитивни кумулативни и синергистички ефекти ќе се постигнат со спроведување на предложеното сценарио S3b и рехабилитација на постојните депонии (кои се смета дека предизвикуваат значителни влијанија на животната средина) ќе придонесе за намалување на ризикот на здравјето на луѓето во регионот. Произведениот рециклиран материјал ќе предизвика позитивни кумулативни и синергистички влијанија за развојот на економијата, земјоделството и др. Кумулативните ефекти најчесто се поврзани со влијанието на локалните заедници во близина на новата инфраструктура во смисла на прашина, мирис, бучава и зголемен сообраќај, вода и почва. Зголемувањето на сообраќајот и на емисиите од возилата ќе предизвика кумулативни и синергистички ефекти врз здравјето на луѓето. Природата на влијанијата ќе зависи од локацијата и одржувањето на инсталациите за управување со отпад, како и влијанијата предизвикани од развојните активности во целата област.
Биолошка разновидност, флора и фауна	Спроведувањето на предложеното сценарио S3b и рехабилитацијата на постојните депонии (вклучувајќи затворање и рехабилитација на диви депонии, минимизирање на отпадот и подобри практики за управување со цврст отпад) се очекува да резултира со генерално

	позитивно кумулативно и синергистичко влијание врз природата воопшто и посебно на квалитетот на живеалиштата и заштита на растителните и животинските видови. Негативни кумулативни влијанија можат да се појават главно поради локацијата и одржувањето на инсталациите за управување со отпад, како и влијанијата од развојните активности во целата област.
Почва	Позитивни кумулативни и синергистички ефекти ќе се постигнат со спроведување на предложеното сценарио S3b и рехабилитација на постојните депонии, што ќе придонесе за намалување на загадувањето на почвите во Регионот. Негативни кумулативни влијанија можат да се појават главно поради локацијата и одржувањето на инсталациите за управување со отпад, како и влијанијата од развојните активности во целата област.
Води	Позитивни кумулативни и синергистички ефекти ќе се постигнат со спроведување на предложеното сценарио S3b и рехабилитација на постојните депонии, што ќе придонесе за намалување на загадувањето на површинските и подземните води во Регионот. Негативни кумулативни влијанија можат да се појават главно поради локацијата и одржувањето на инсталациите за управување со отпад, како и влијанијата од развојните активности во целата област. Влијанијата зависат од тоа колку нови објекти се предложени, локацијата, односно близината до водотеци. Кумулативните и синергистичките ефекти врз водите ќе зависат од квалитетот на испуштените отпадни води во реципиентите и квалитативните и квантитативните карактеристики на реципиентот.
Воздух	Позитивни кумулативни и синергистички ефекти ќе се постигнат со спроведување на предложеното сценарио S3b и рехабилитација на постојните депонии. Опциите за рециклирање и повторна употреба на отпадот придонесуваат за намалување на емисиите на стаклени гасови од депонијата и може да компензираат енергија и емисии на јаглерод поврзани со екстракција и производство од природни материјали. Негативни кумулативни и синергистички влијанија од предложените опции ќе бидат можни во подрачјата со лош квалитет на воздухот и ќе зависат од влијанијата од развојните активности во целата област. Емисиите што се создаваат од собирање и транспортирање на отпад исто така ќе предизвикаат негативни кумулативни и синергистички влијанија.
Предел	Позитивни кумулативни и синергистички ефекти ќе се постигнат со спроведување на предложеното сценарио S3b и рехабилитација на постојните депонии. Овие опции ќе ја намалат/елиминираат вообичаената практика на незаконско депонирање или потребата од голема површина за депонирање, што ќе придонесе за избегнување или минимизирање на влијанието врз пределот и природно наследство. Негативните кумулативни и синергистички влијанија се поврзани со површината на која ќе се градат нови објекти за управување со отпад заедно со други развојни активности во областа.
Материјални добра и ефикасност на ресурсите	Спречувањето на создавањето отпад, повторната употреба и рециклирањето, заедно со третманот на остатоците овозможува позитивни кумулативни и синергистички ефекти како резултат на намалениот притисок на примарните ресурси и намалена количина на отпад што се отстранува на депонија. Негативните кумулативни и синергистички влијанија се поврзани со површината на која ќе се градат нови објекти за управување со отпад, развојот на околината, развиената инфраструктура - канализација, водовод, локални и регионални патишта, капацитет на објектите и нивната потреба за електрична енергија, вода, канализациска мрежа, количина на отпадот отстранет со „ex situ“ моделот и др.

13.10. Мерки за ублажување

Влијанијата врз одделните медиуми на животната средина ќе бидат ефективно елиминирани или подобрени, доколку во текот на имплементацијата на активностите предложени во Планот или акциите што произлегуваат од дополнителни конкретни проекти, се земат предвид мерките дефинирани во стратешката оцена на животната средина. Понатаму, треба да се земат предвид мерките што ќе произлезат од поединечни извештаи за проекти на пониско ниво (Студија за оцена на влијанијата врз животната средина или Елаборат), а треба да се земат предвид и да се спроведат и мерките од постапката за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ). Мерките за ублажување се детално прикажани во Глава 10.

13.11. План за мониторинг на спроведувањето на планот од аспект на заштита на животната средина

Стратешката оцена на животната средина вклучува мониторинг над спроведувањето на планскиот документ и над сите значителни идентификувани позитивни и негативни влијанија кои ќе резултираат од спроведувањето на опцијата и активностите предложени во Регионалниот план за управување со отпад за Источниот Регион. Планот за мониторинг е детално прикажан во Глава 11.

13.12. Заклучоци и препораки

13.12.1. Заклучоци

Тековна состојба на системот за управување со отпад (СУО):

- Постои Национална стратегија за управување со отпад (НСУО) и 5-годишен Национален план за управување со отпад (НПУО), усвоен во 2009 година. Хиерархијата за управувањето со отпадот е речиси целосно отсликана во НПУО, но хиерархијата за отпадот не се применува, со оглед на тоа што не се преземаат мерки за превенција на отпадот, отпадот во системот за собирање на отпад не се селектира на изворот на создавање и не постојат формални активности на рециклирање.
- МЖСПП е национален административен орган надлежен за управување со отпадот. Неодамна беше оформен Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад. Сé уште не е основано регионално претпријатие за управување со отпад.
- Политиката на наплата во регионот не е воедначена. Затоа, најголем дел од јавните комунални претпријатија страдаат од недостаток на средства, што влијае на соодветното одржување на постојните капацитети, собирањето и отстранувањето на отпадот.
- Често се организираат кампањи за подигнување на свеста на јавноста, но поради отсуство на воспоставен циклус на управување со отпад, многу од нив не се применливи.
- Постои разлика во капацитетот (технички и административен) меѓу општинските комунални претпријатија во регионот.

- Во Источниот Регион, единаесетте (11) комунални депонии, иако се организирани, не ги исполнуваат барањата на ЕУ. Постојат 71 неконтролирани диви депонии, кои претставуваат значителен ризик за животната средина. Целта утврдена во НПУО за депонирање на 50% од вкупниот цврст комунален отпад во капацитети кои ги исполнуваат условите на ЕУ до 2014 година, најверојатно нема да се постигне.
- Во Североисточниот Регион, петте (5) општински депонии, иако организирани, не ги исполнуваат барањата на ЕУ. Исто така, постојат 36 неконтролирани депонии, кои претставуваат значителен еколошки ризик. Целта утврдена во НПУО за депонирање на 50% од вкупниот цврст комунален отпад во капацитети кои ги исполнуваат условите на ЕУ до 2014 година, најверојатно нема да се постигне.

Поврзано со РПУО

Општо

- Потребите за управување со отпадот се исполнуваат на регионално ниво и истите се во согласност со НСУО и НПУО, како и со барањата на директивите за отпад.
- РПУО е сеопфатен документ, кој е во согласност со хиерархијата за отпад и анализира неколку опции, мерки и активности со цел да ги задоволи основните барања според хиерархијата за отпадот, имено:
  - ✓ Превенција на отпадот и негово сведување на минимум (активности за подигање на јавната свест, подготовка на упатства за превенција, истражување и развој и домашно компостирање, наменето главно за руралните домаќинства).
  - ✓ Собирање на отпадот (анализирани се опции за собирање на мешан отпад, собирање на суви рециклабилни материјали, собирање на био-отпад, собирни места, опции за претовар на отпадот и се предложени конкретни примери).
  - ✓ Опции за рециклирање и преработка (Инсталации за преработка на материјали-MRF, рециклирање на биоотпад, постројки за механичко-биолошки третман (MBT), механичко-биолошка стабилизација (MBS), дробење),
  - ✓ Опции за искористување на отпадот (термички третман на цврст отпад или термичка оксидација или инцинерација),
  - ✓ Опции за отстранување на отпад (на депонија).
- РПУО нема за цел да предложи - идентификува локација за идната регионална депонија.
- Во РПУО се разработени добри практики и сознанија во врска со собирањето и транспортот, но не е посочена најкорисната за регионот, според постојната социо-економска и географска состојба. Ова мора да се стори во следниот чекор (Физибилити студија).
- Врз основа на деталната оцена на алтернативите (4 основни сценарија и 3 под-сценарија), преку анализа низ повеќе критериуми (законски критериуми, критериуми на заштита на животната средина, технолошки критериуми, економски критериуми), со употреба на моделот ELECTRE III, нацрт РПУО предлага три сценарија за интегрирано управување со отпадот во Регионот, пр.: Сценарио S3b, потоа Сценарио S2 и Сценарио S1a.

Најпрепорачливо сценарио за Источниот Регион е S3b. Сценариото C3b за интегрирано управување со отпадот во регионот ги опфаќа следните опции:

- ✓ Собирање - систем за собирање со две канти (канта за рециклабилен отпад и канта за преостанат отпад), Собирни места, Одделно собирање на зелениот отпад,
- ✓ Третман на кантата за отпад што може да се рециклира – Инсталација за преработка на материјали (MRF),
- ✓ Третман на кантата за преостанат отпад - Механичка и биолошка стабилизација (MBS),
- ✓ Третман на зелен отпад - Компостирање во бразди-компостирање на отворен простор,
- ✓ Третман на изворот на создавање: Домашно компостирање,
- ✓ Депонија – депонирање на преостанат отпад.

➢ Планот се однесува на потребата од преземање мерки за подобрување на мониторингот на животната средина, подобрено управување со податоци, пристап до информации и подобрување на капацитетите. Сепак, не ги наведува подобрувањата во меѓусекторската соработка и соработката помеѓу централната и локалната власт во однос на презентацијата и достапноста на податоците.

Заклучоци за процесот на СОЖС

Општо

➢ Процесот на СОЖС почна заедно со процесот на планирање и двата процеса се интегрирани во заеднички процес. Со овој концепт се заштедува време и се зголемува ефикасноста.

➢ Организацијата на тимот за СОЖС се состоеше од експерти за СОЖС, експерти за планирање и засегнатите органи (на национално, регионално и локално ниво). Главната придобивка е собирање на различни гледишта во текот на целиот процес, во континуитет.

➢ Беше обезбедена обука за главните чинители, со цел сите да се вклучат целосно во процесот на СОЖС.

➢ Процесот на учество на јавноста започна со објавување на Одлуката за спроведување на СОЖС на веб страниците на Центарот за развој на Источниот регион и општините во Регионот; потоа следеше период на јавни консултации за подготвениот Нацрт-извештај за СОЖС и Нацрт- РПУО за Источниот регион. Нацрт-извештајот за СОЖС и резимето на Нацрт-РПУО беа јавно достапни во период од 30 дена, на горенаведените веб-страници и на веб-страницата на канцеларијата на проектот, а исто така и во нивните канцеларии. Исто така, овие документи ѝ беа презентирани на засегнатата јавност.

➢ Соработката меѓу тимовите за СОЖС и за планирање, како и со главните чинители (општините и јавните комунални претпријатија од регионот) нуди можност да се постигне заедничко и широко поддржано планско решение, кое е изградено од различните гледишта и во кое рамноправно се земени аспектите на заштита на животната средина.

➢ Општите цели на заштитата на животната средина се споредени со истите од РПУО, за да се елиминираат сите неусогласености или недоразбирања. Дополнително, целите на СОЖС се

споредени со целите на комплементарните меѓународни, национални, регионални и локални стратегии и планови.

- Во текот на процесот на СОЖС, се идентификувани неколку чувствителни природни подрачја. Во ИР, постојат пет значајни орнитолошки локалитети (IBA): Мантовско Езеро и Крива Лакавица, Осоговски Планини, Овче Поле, долината на Злетовска Река и Тополка-Бабуна-Брегалница. Од аспект на заштита на растенијата, пет значајни растителни подрачја (IPA) се назначени во регионот: Криволак, Осогово, Овче Поле-Богословец, Пехчево-Јудови Ливади и Плачковица.
- Во текот на процесот на СОЖС се идентификувани неколку чувствителни природни подрачја. Во Североисточниот Регион постојат три важни орнитолошки подрачја (IBA): Пчиња - Петрошница - Крива Лека, Преод - Ѓуѓанце и Осоговски Планини. Во однос на подрачјата за заштита на растенијата, во регионот се назначени следните две важни подрачја за заштита на растенијата (IPA): Скопска Црна Гора и Осогово.
- Во текот на процесот на СОЖС се анализирани Избраното сценарио и сценариото „Не прави ништо".
- Во Извештајот за СОЖС е извршена едноставна и транспарентна анализа на влијанијата (поширок пристап, но со помала длабочина и поквалитативен опис на влијанијата и последиците отколку детални и квантитативни анализи на поединечни влијанија) и се предложени соодветни мерки.

13.12.2. Препораки

- Да се следи испитаниот случај и да се продолжи со процесите на планирање и СОЖС паралелно и во тесна соработка во рамките на проектниот тим и главните чинители.
- Да се воспостават ефективни институциски и организациски структури во сите фази на имплементацијата на новиот интегриран систем за управување со отпад (на локално и регионално ниво).
- Да се подготви поедноставна верзија на Акциски план за регионално управување со отпад, кој ќе ги содржи опциите, мерките и акциите кои се најсоодветни за Источниот Регион.
- Избраното сценарио и опциите треба да се презентираат пред поширокаата јавност и јавното мислење да се земе предвид во финалната верзија на РПУО.
- Во следните фази на развој на проектот (Физибилити студија), треба да се предложи во која општина кој тип на собирање на отпад е препорачлив (да се предложи во кои села може да се воспостават некои од анализираните методи, така што целиот регион ќе се активира и ќе има економска рамнотежа).
- Кога ќе се избираат локации за капацитетите за управување со комунален отпад во Источниот Регион, неопходно е да се избегнат сите предложени подрачја за заштита.
- Сите придружни инсталации треба да се лоцирани близу или на иста локација, за да се избегне ширење на влијанијата врз пределот и знаменитостите на повеќе локалитети, што се смета за позитивен пристап од аспект на заштита на животната средина.

- Од добрите практики на управување со отпад, презентирани во РПУО, во контекст на постојната социо-економска и географска состојба, треба да се избере најдобрата опција за собирање и транспорт на отпад (со една Физибилити студија).
- Со оглед на тоа што транспортот и транспортните рути можат значително да влијаат врз медиумите во животната средина, се препорачува да се изврши дополнителна анализа во следните фази на проектот (Физибилити студија) и да се предложи најдоброто решение за овој регион.
- Во текот на имплементацијата на активностите предвидени во РПУО, важно е, на ниво на проект, да се земат предвид следниве аспекти:
  - ✓ Сите идни инсталации ќе бидат предмет на постапки за ОВЖС и ИСКЗ.
  - ✓ При идентификацијата на локациите за изградба на инсталации за управување со отпад за собирање, рециклирање, преработка и депонирање, ќе се избегнуваат заштитени или назначени подрачја во природата, блиски подрачја со површински и подземни води, подрачја со чувствителна почва, културни и туристички подрачја, како и резиденцијални зони.
  - ✓ Во следната фаза на спроведување на проектот, ќе биде неопходно да се спроведе анализа на проблемот на можната нееднаквост во пристапот до услугите за рециклирање во рамките на регионот.
  - ✓ Користењето на земјиште за инсталации за управување со отпад треба да се сведе на минимум, во максимална можна мера.
  - ✓ Изборот на местото за локацијата на инсталациите за управување со отпад треба да се направи, имајќи предвид неколку критериуми, како што се: критериуми за заштита на животната средина, геолошки, технички и економски критериуми.

14. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- Нацрт-регионален план за управување со отпад за Источен Регион;
- Директива за СОЖС (2001/42/ЕС);
- Имплементација на Директивата 2001/42/ЕС за оцена на влијанијата од одредени планови и програми врз животната средина (Упатства на ЕУ);
- Национални и меѓународни правни документи, стратегии, планови и програми презентирани во Глава 3 и ПРИЛОГ 2 од овој документ;
- Податоци од Државниот завод за статистика;
- Искуство на Велика Британија, Ирска и Малта со СОЖС;
- Други достапни практики и искуства.

ПРИЛОГ 1 СВОТ Анализа на опциите за управување со отпад

Табела 82. СВОТ Анализа на опциите за управување со отпад

Собирни места			
Предности	**Можности**	**Слабости**	**Закани**
-Одделувањето е полесно за жителите бидејќи на едно место се примаат сите нивни текови отпад, **-Создавање работни места,** **-Голема стапка на преработка на материјали,** **-Центрите за рециклирање се разновидни; тие можат да имаат сопствен приход и да бидат финансиски одржливи преку:** **а)наплата за отстранување на големи количини, б)продажба на сортирани материјали, итн.** **-Се продолжува животниот век на депонијата,** **-Се намалуваат трошоците за депонирање.**	-Намалување на отпадот за конечно отстранување, -Намалување на трошоците за конечно отстранување , -Отворање работни места.	-Потребна е површина за изградба во градот, -Потребни се мали инвестиции и оперативни трошоци, -Потребни се лиценци, -Жителите мора сами да го вршат транспортот.	-Негативни реакции од граѓаните кои мора сами да го вршат транспортот.
Одделно собирање на отпад од пакување			

Предности	Можности	Слабости	Закани
-Постои законодавство на ЕУ и национално законодавство, **-Воспоставени се национални колективни постапувачи,** **-Може да придонесе за валоризација на значителни количини комунален отпад и отпад од домаќинствата,** **-Може да го продолжи животниот век на депонијата,** **-Постојат економски придобивки со спроведувањето на овие стимулации,** **-Жителите имаат знаење за тоа како функционираат овие системи и учествуваат во нив,** **-Постои општа поддршка од општеството како целина,** **-Индиректни стимулации на жителите за учеството,**	-Им помага на локалните, регионалните и националните власти во исполнувањето на нивните соодветни законски квантификувани цели, -Се создаваат нови работни места во заедницата, -Материјалите се достапни во заедницата за локалната индустрија и тие не мора да се увезуваат, -Резултира со намалување на производство на отпад, -Можност за генерирање приход од продажба на материјали, -Се зголемува солидарноста во заедницата - жителите сфаќаат дека прават нешто добро за нивната локална животна средина, -Локалната власт стекнува еколошки позитивен профил, -Им обезбедува на жителите стимулации да учествуваат во активностите за превенција на отпад.	-Колку е попотребно одвојување на тековите на изворот на создавање, толку поголем напор е потребен од страна на жителите. -Општината мора да развие високо ефикасен систем за собирање и да ги зголеми услугите, -Жителите мора често да се едуцираат за да постигнат повисоки квантификувани цели, -Онаму каде што постојат повеќе колективни постапувачи, може да се развие конкуренција меѓу нив.	-Постојат случаи каде што географската локација на локалните власти доведува до неподготвеност на колективните постапувачи да ги интегрираат бидејќи тоа им е поскапо. -Неефикасните колективни постапувачи може да создадат негативна реакција на жителите. -Постојат почетни трошоци поврзани со овие проекти (пр. подигање на јавната свест)

-Создавање нови работни места, **-Тоа е испробан и докажан метод,** **-Постојат разновидни технологии, методи и опрема кои може да се изберат за примена,** **-Се собираат материјали со повисок квалитет за рециклирање,** **-Придонесува за намалување на стакленички гасови.**			
Одделно собирање на био-отпад			
Предности	**Можности**	**Слабости**	**Закани**
-Постои законодавство на ЕУ, **-Може да се комбинираат различни извори на органски отпад, како што се: земјоделски активности, кланици итн.** **-Има потенцијал да управува со 100% од органската фракција на цврстиот комунален отпад,** **-Го зголемува животниот век на депонијата,**	-Намалување на отпадот, -Намалување на трошоците за конечно отстранување, -Овозможува нови постојани работни места , -Активно учество на граѓаните што може да стане поактивно и за други прашања поврзани со управувањето со отпад, -Позитивен еколошки профил на општината што може да доведе до привилегиран пристап до финансирање за животна средина итн. -Позитивен политички профил со зголемено ниво на прифаќање од граѓаните.	-Потребна е инфраструктура за одделно собирање (канти), -Потребно е интегрирано планирање и контрола на работењето, -Потребен е простор за постројката за компостирање, -Проблеми поврзани со изградбата на инсталацијата (избор на подрачје, дозволи, општествени реакции), -Високи почетни трошоци (канти, објекти), -Постојани информативни и кампањи за обезбедување квалитет и квантитет, -Соработка и обука на персоналот за собирање на отпад во општината.	-Може да функционира само доколку го прифатат граѓаните, -Негативни реакции од персоналот за собирање на отпад во општината, -Несоодветното учество на граѓаните може да доведе до неквалитетен компост.

-Пониски трошоци за вклучената технологија, во споредба со други методи како што се МВТ и термички третман, **-Овозможува нови постојани работни места,** **-Постои општествен консензус за овој метод,** **-Се произведува корисен и вреден материјал,** **-Придонесува за намалување на емисиите на стакленички гасови.**			
Компостирање на зелен отпад (Домашно компостирање)			
Предности	**Можности**	**Слабости**	**Закани**
-Го поддржува европското законодавство, **-Широка применливост,** **-Може да има значително влијание врз намалувањето на изворот на создавање,** **-Го зголемува животниот век на депониите,** **-Не се потребни дозволи,**	-Добива силна поддршка од граѓаните, -Создава можност за нови работни места (директно и индиректно).	-Кога се спроведува локално на големо ниво, потребно е добро планирање за да се земат предвид сите фактори на ниво на домаќинство, -Постои трошок (иако мал), -Потребна е многу добра јавна свест и поддршка од граѓаните.	-Ниска свест на населението (доколку не е правилно информирано, особено на почетокот, може да има негативни реакции).

-Поволности од трошоците и придобивките за Општината, **-Придобивка за граѓаните (граѓаните имаат корист од употребата на компост).**			
Компостирање на зелен отпад			
Предности	**Можности**	**Слабости**	**Закани**
-Зелениот отпад е вреден и секогаш го бараат постројките за компостирање, **-Постои законодавство на ЕУ,** **-Едноставно и широко распространето знаење за методите за управување,** **-Има потенцијал да се компостира 100% од фракцијата зелен отпад од КЦО,** **-Го зголемува животниот век на депониите,** **-Пониски трошоци за вклучената технологија, во споредба со други методи како што се МВТ и термички третман,**	-Намалување на отпадот, -Намалување на трошоците за конечно отстранување , -Овозможува нови постојани работни места, -Активно учество на граѓаните кои можат да станат поактивни и за други прашања поврзани со управувањето со отпад, -Позитивен еколошки профил на општината, -Позитивен политички профил со зголемено ниво на прифаќање од граѓаните.	-Потребно е интегрирано планирање и контрола на работењето, -Потребен е простор за постројката за компостирање, -Мал број на постројки за компостирање во некои земји, -Потребни се релативно мали капитални трошоци за започнување, -Соработка и обука на персоналот за собирање на отпадот од општината.	-Ниска стапка на учество на населението. -Може да функционира само доколку го прифатат граѓаните, -Негативни реакции од персоналот за собирање на отпад во општината ,

-Овозможува нови постојани работни места, **-Постои општествен консензус за овој метод,** **-Се произведува корисен и вреден материјал,** **-Придонесува за намалување на емисиите на стакленички гасови.**			
Конвенционално согорување			
Предности	**Можности**	**Слабости**	**Закани**
-Воспоставена, зрела и сигурна технологија, **-Значително искуство и оперативни податоци за широк спектар на отпадни материјали.** **-Може да обработува повеќе горива и е толерантно на флуктуации на квалитетот и составот на горивото,** **-Горивото генерално не зависи од пред-третманот, со исклучок на технологијата со флуидизиран слој,**	-Пренасочување на биоразградливите материјали од депониите и поврзаното намалување на потенцијалот за генерирање стакленички гасови. -Можности за производство на електрична енергија и топлина. -Пепелта од дното на инцинераторот може да се пренасочи од депонијата поради потенцијална употреба како замена за агрегат.	-Процесите на согорување бараат софистициран систем за мониторинг и контрола на чистењето на гасот, за кои може да се потребни значителни капитални трошоци. -Процесот произведува мали количини на летечка пепел што мора да се третира како опасен отпад, -Производството на енергија од согорување е можно само со помош на подигнување пареа за да се придвижи парна турбина што испорачува ниска електрична ефикасност. Бруто електричната ефикасност на ваквите процеси има тенденција да биде од редот 15-30%, -Потенцијално нето зголемување на емисиите на стакленички гасови, -Поврзан нуспроизвод со ниска вредност.	-Согорувањето типично има лоша претстава во јавноста, претставува тешкотии во добивањето јавна и политичка поддршка за развојот на ваквите процеси.

-Може да го намали волуменот на отпад до 95%.			
MBT/MBS/MRF			
Предности	**Можности**	**Слабости**	**Закани**
-Комбинира докажани и добро воспоставени технологии, **-Понатамошно искористување на рециклабилниот отпад и пренасочување на биоразградливиот отпад од депонија,** **-Нуди алтернатива на депонијата и инцинерацијата,** **-Може да се прилагоди за да ги задоволи локалните барања,** **-Може да има вградена флексибилност за да одговори на променливите инпути**	-Нуди флексибилни и разновидни решенија, -Може да се перципира како јавно поприфатливо решение, -Може да се дизајнира во соодветни размери и не е толку под влијание на економиите на обем како согорувањето, -Може да се третира широк спектар на текови отпад, т.е. цврст комунален, комерцијален и индустриски отпад, -Може да ги зачува нутриентите во производот сличен на компост (N,P,K).	-Квалитетот на производот може да биде слаб, т.е. рециклабилните материјали може да бидат со низок квалитет, -Потенцијален недостаток на критериуми и стандарди за квалитет за некои производи. -Сè уште може да преостанува дел што ќе треба да се депонира, -Зависи од побарувачката на пазарот за производите, -Високи трошоци.	-Нестабилност на пазарот, -Ризик од производот, -Оневозможува селектирање на изворот на создавање отпад, -Неизвесност во однос на биоразградливоста на производот.

ПРИЛОГ 2 Општински депонии и нерегулирани депонии во Источен & Североисточен Регион

Табела 83. Список на општински депонии и неконтролирани депонии [Источен регион]

	Регион	М (1) / NR (2)	М (1) / NE (2)	Општина		Населено место		Локалитет	Географска должина	Географска ширина	Површина на депонија	Волумен на депонија	Население	Бр на карта
				Шифра	Име	Шифра	Име							
		1						**ОПШТИНСКИ ДЕПОНИИ**						
110101	Источен	1	1	1	Берово	1	Берово	Увин Валог	22.82921	41.72292	10.500	75.000	13.940	
110203	Источен	1	1	2	Чешиново – Облешево	3	Кучичино	Букиски Дол	22.32887	41.85416	8.000	8.000	7.490	
110305	Источен	1	1	3	Делчево	5	Средна маала	Острец	22.79174	41.99896	24.000	24.000	17.505	
110401	Источен	1	1	4	Карбинци	1	Карбинци	Бел Брег	22.24160	41.81024	4.225	8.320	4.205	
110511	Источен	1	1	5	Кочани	11	Кочани	Тупанец	22.39023	41.94017	21.000	400.000	38.092	
110601	Источен	1	1	6	Македонска Каменица	1	Каменица	Каменички Рид	22.59935	42.01441	7.000	40.000	8.110	
110703	Источен	1	1	7	Пехчево	3	Пехчево	Дабова Шума	22.87056	41.74815	15.000	20.000	5.517	
110803	Источен	1	1	8	Пробиштип	3	Неокази	Озрен	22.18318	41.97385	35.000	353.846	15.313	
110901	Источен	1	1	9	Штип	1	Штип	Трештена Скала	22.13289	41.72526	16.380	100.000	47.796	
111003	Источен	1	1	10	Виница	3	Лески	Чучуланец	22.48727	41.87208	7.830	12.000	19.938	
111101	Источен	1	1	11	Зрновци	1	Зрновци	Средорек	22.44268	41.86687	2.000	150	3.330	
		1						**НЕРЕГУЛИРАНИ ДЕПОНИИ**						
210102	Источен	2	1	1	Берово	2	Будинарци	Под мостот на р. Брегалница	22.772222	41.762222	100	100		734-2-3
210103	Источен	2	1	1	Берово	3	Будинарци	Над основното школо	22.779444	41.762222	10	20		734-2-3
210104	Источен	2	1	1	Берово	4	Берово	Циганси поток	22.851111	41.701389	100	50		734-4-1
210105	Источен	2	1	1	Берово	5	Двориште		22.913889	41.588889	50	25		734-4-4
210106	Источен	2	1	1	Берово	6	Мачево		22.802778	41.751111	10	10		734-2-3
210107	Источен	2	1	1	Берово	7	Митрашинци	Под мостот во селото	22.739722	41.774722	25	50		734-1-4
210108	Источен	2	1	1	Берово	8	Митрашинци	Под мостот	22.745278	41.786389	50	50		734-1-4

210109	Источен	2	1	1	Берово	9	Ратево		22.8425	41.679167	25	50	734-4-1
210110	Источен	2	1	1	Берово	10	Смојмирово	Река	22.83917	41.7275	25	25	734-4-1
210111	Источен	2	1	1	Берово	11	Суви Лаки		22.818611	41.560556	35	70	734-4-3
210112	Источен	2	1	1	Берово	12	Владимирово		22.822222	41.713056	15	45	734-4-1
210201	Источен	2	1	2	Чешиново – Облешево	1	Теранци	Стара депонија	22.318611	41.861944	750	1.125	733-2-3
210202	Источен	2	1	2	Чешиново – Облешево	2	Теранци	Теранци ѓубриште	22.367222	41.860556	70	210	733-2-3
210301	Источен	2	1	3	Делчево	1	Делчево	Пат кон Киселица	22.750278	41.981944	5.000	5.000	734-2-1
210302	Источен	2	1	3	Делчево	2	Делчево	Долж пазарот	22.767222	41.97	400	400	734-2-1
210303	Источен	2	1	3	Делчево	3	Габрово		22.801389	41.983889	9	9	734-2-1
210304	Источен	2	1	3	Делчево	4	Град	Буниште	22.821111	41.928611	25	25	734-2-1
210306	Источен	2	1	3	Делчево	6	Трабовиште		22.807778	41.89	100	100	734-2-1
210402	Источен	2	1	4	Чешиново – Облешево	2	Кучичино		22.31	41.843889	50	50	733-2-3
210403	Источен	2	1	4	Чешиново – Облешево	3	Уларци		22.269167	41.856667	6	12	733-2-3
210404	Источен	2	1	4	Чешиново – Облешево	4	Чешиново	Горива	22.265278	41.869722	600	900	733-2-3
210405	Источен	2	1	4	Чешиново – Облешево	5	Спанчево	Поичански пан	22.313889	41.910556	100	400	733-2-1
210406	Источен	2	1	4	Чешиново – Облешево	6	Бања	Стара депонија	22.343889	41.915556	200	400	733-2-1
210407	Источен	2	1	4	Карбинци	7	Таринци	Река	22.233056	41.792222	1.250	2.250	733-1-4
210408	Источен	2	1	4	Карбинци	8	Крупиште	Лаки	22.249167	41.834444	250	250	733-2-3
210409	Источен	2	1	4	Карбинци	9	Радање	Ташлак	22.268333	41.777222	300	300	733-2-3
210410	Источен	2	1	4	Карбинци	10	Козјак	Ликач	22.283056	41.806111	100	50	733-2-3
210411	Источен	2	1	4	Карбинци	11	Аглица	Бајрак	22.277777	41.830278	28	168	733-2-3
210412	Источен	2	1	4	Пробиштип	12	Пробиштип		22.184444	41.984722	2.500	6.250	733-1-2

210413	Источен	2	1	4	Пробиштип	13	Бучиште		22.199167	41.929444	100	30	733-1-2
210414	Источен	2	1	4	Пробиштип	14	Гајранд		22.179722	41.893889	10	5	733-1-2
210415	Источен	2	1	4	Пробиштип	15	Г. Стубол		22.120833	41.999444	10	20	733-1-1
210416	Источен	2	1	4	Пробиштип	16	Добрево	Влез во село	22.193889	42.022222	50	50	683-3-4
210417	Источен	2	1	4	Пробиштип	17	Добрево	Кај рудник	22.201389	42.025278	40	60	683-3-4
210418	Источен	2	1	4	Пробиштип	18	Д. Стубол		22.135833	41.998056	25	25	733-1-2
210419	Источен	2	1	4	Пробиштип	19	Кундино		22.145	42.02389	14	28	683-3-4
210420	Источен	2	1	4	Пробиштип	20	Лезово		22.184444	41.914722	20	40	733-1-2
210421	Источен	2	1	4	Пробиштип	21	Пишица		22.211667	41.876944	50	25	733-1-2
210422	Источен	2	1	5	Пробиштип	22	Плешенци		22.164722	42.006389	50	25	683-3-4
210423	Источен	2	1	5	Пробиштип	23	Стрмош	Село Красна	22.158889	41.983333	20	20	733-1-2
210424	Источен	2	1	5	Пробиштип	24	Стрмош	Река	22.160833	41.981111	50	50	733-1-2
210425	Источен	2	1	5	Пробиштип	25	Стрмош	Бел Камен	22.170278	41.981389	50	250	733-1-2
210426	Источен	2	1	6	Пробиштип	26	Злетово	Мост	22.238611	41.988889	10	15	733-1-2
210427	Источен	2	1	6	Пробиштип	27	Злетово	Турско Рударе	22.255	41.980556	40	80	733-2-1
210501	Источен	2	1	5	Кочани	1	Грдовци		22.409167	41.878056	40	120	733-2-2
210502	Источен	2	1	5	Кочани	2	Кочани	Ромско маало	22.418611	41.928333	320	160	733-2-2
210503	Источен	2	1	5	Кочани	3	Кочани	Ромско маало	22.416944	41.923611	30	30	733-2-2
210504	Источен	2	1	5	Кочани	4	Кочани	Хотел Национал	22.395833	41.903889	0	0	733-2-2
210505	Источен	2	1	5	Кочани	5	Кочани	Маџирски бавчи	22.379444	41.899722	8	8	733-2-2
210506	Источен	2	1	5	Кочани	6	Оризари		22.442778	41.914444	15	15	733-2-2
210507	Источен	2	1	5	Кочани	7	Оризари	Излез од Оризари	22.467778	41.931111	60	300	733-2-2
210508	Источен	2	1	5	Кочани	8	Оризари	Илин Дол	22.452222	41.922778	10	20	733-2-2
210509	Источен	2	1	5	Кочани	9	Трајаново Трло		22.423333	41.918611	200	600	733-2-2
210510	Источен	2	1	5	Кочани	10	Тркање		22.356111	41.907222	0	0	733-2-1
210701	Источен	2	1	7	Пехчево	1	Црник		22.876111	41.826389	30	90	734-2-4
210702	Источен	2	1	7	Пехчево	2	Говедарник	Гагланица	22.897222	41.757778	40	160	734-2-4

210704	Источен	2	1	7	Пехчево	4	Рамна Река	Сув Дол	22.969444	41.733889	0	0	734-4-2
210801	Источен	2	1	8	Пробиштип	1	Бунеш	Во селото	22.234722	41.951111	24	36	733-1-2
210802	Источен	2	1	8	Пробиштип	2	Древено		22.207778	42.011111	8	64	683-3-4
210804	Источен	2	1	8	Пробиштип	4	Ратавица		22.215278	41.962778	150	150	733-1-2
210805	Источен	2	1	8	Пробиштип	5	Трипатанци	Под мостот	22.204167	41.932778	50	50	733-1-2
210806	Источен	2	1	8	Пробиштип	6	Злетово	Горно маало	22.241667	41.992222	50	250	733-2-2
210807	Источен	2	1	8	Пробиштип	7	Злетово	Мост Турско Рударе	22.238889	41.988889	100	50	733-1-2
210901	Источен	2	1	9	Виница	1	Блатец	Почивало	22.588611	41.84	300	1.800	734-1-3
210902	Источен	2	1	9	Штип	2	Чардаклија	Кај Река	22.188889	41.781944	40	80	733-1-4
210903	Источен	2	1	9	Штип	3	Драгоево	Гладно Поле	22.138889	41.669167	40	40	733-3-2
210904	Источен	2	1	9	Штип	4	Лакавица	Река Лакавица	22.228611	41.637778	50	50	733-3-2
210905	Источен	2	1	9	Штип	5	Селце	Сред село	22.171389	41.65	60	180	733-3-2
210906	Источен	2	1	9	Штип	6	Вршаково	Река	22.113889	41.818889	10	10	733-1-3
211002	Источен	2	1	10	Виница	2	Истибања	Стари лозја	22.500833	41.918333	360	2,160	734-1-1
211004	Источен	2	1	10	Виница	4	Виничка Кршла	Сушица	22.538611	41.892778	100	100	734-1-1

Табела 84. Список на општински депонии и неконтролирани депонии [Североисточен Регион]

ID	РЕгион	Општина	Населено место	Локалитет	Коментари	X	Y	Површина депонија, m^2	H, m	Вол депонија, m^3
1	Североисточен	Куманово	Проевце	Проевце		21.74333	42.12861	600	2,0	1.200
2	Североисточен	Куманово	Перо Чичо	Багрем бања		21.72833	42.13611	200	4,0	800
3	Североисточен	Куманово	Градски парк	Градски парк		21.71722	42.14139	50	1,0	50
4	Североисточен	Куманово	Градско игралиште	Градско игралиште		21.7125	42.14111	50	1,5	75
5	Североисточен	Куманово	Доброшане	Помеѓу р. Пчиња и населено место		21.77245	42.08766	800	5,0	4.000
6	Североисточен	Куманово	Бедиње	Бедиње		21.67972	42.14889	1.500	2,0	3.000

7	Североисточен	Куманово	Ул. Киро Антевски	Ул. Киро Антевски		21.71278	42.12611	150	2,0	300
8	Североисточен	Куманово	Доброшане	пред населеното место	нова	21.76778	42.09722	100	1,0	100
9	Североисточен	Куманово	Куманово	Митев Мост	нова	21.73194	42.12556	100	1,5	150
10	Североисточен	Куманово	Куманово	Ромско Маало	нова	21.72306	42.14	30	1,0	30
11	Североисточен	Кратово	Кратово	Аргулички и Буреков Мост		22.18085	42.07747	25	1,0	25
12	Североисточен	Кратово	Кратово	Кошари Маала		22.17778	42.08306	10	5,0	50
13	Североисточен	Кратово	Кратово	Мостот близу до станицата		22.17639	42.07833	25	1,0	25
14	Североисточен	Кратово	Кратово	Парк карши бавча		22.18136	42.07674	64	0,5	32
15	Североисточен	Кратово	Кратово	Локширски Мост		22.18222	42.07917	126	1,0	126
16	Североисточен	Кратово	Кратово	Стара Мусала		22.18472	42.07817	10	1,0	10
17	Североисточен t	Кратово	Шлегово	Шлегово	нова	22.15944	42.06389	600	4,0	2.400
18	Североисточен	Кратово	Приковци	Приковци	нова	22.14333	42.06	25	0,5	13
19	Североисточен	Кратово	Живалево	Река кај каскади	нова	22.11972	42.085	400	1,0	400
20	Североисточен	Кратово	Кратово	Радин Мост	нова	22.18417	42.07556	6	1,0	6
21	Североисточен	Ранковце	Псача	Мост пред село	нова	22.20139	42.17139	70	0,7	49
22	Североисточен	Липково	Оризаре	Горна Рупа		21.60917	42.16222	200	1,0	200
25	Североисточен	Липково	Матејче	Матејче		21.59472	42.13306	50	1,0	50
24	Североисточен	Липково	Ваксинце	Горубинце		21.66129	42.19245	1.500	1,0	1.500
25	Североисточен	Липково	Лојане	Лојане 2	нова	21.66667	42.21972	100	1,0	100
26	Североисточен	Липково	Лојане	Лојане 1	нова	21.66611	42,21222	1.000	1,0	1.000
27	Североисточен	Крива Паланка 682-4-1	Конопница	Конопница	нова	22.28194	42.17639	50	0,5	25
23	Североисточен	Крива Паланка	Крива Паланка	Ловачки	нова	22.33111	42.19861	8	1,0	8
29	Североисточен	Крива Паланка	Лозаново	Лозаново 3	нова	22.33583	42.21889	25	1,0	25
30	Североисточен	Крива Паланка	Лозаново	Лозаново 2	нова	22.3325	42.23194	24	3,0	72
31	Североисточен	Крива Паланка	Лозаново	Лозаново 1	нова	22.33141	42.23239	60	2,0	120
32	Североисточен	Крива Паланка	Крива Паланка	Цонев рид	нова	22.31889	42.1925	10	1,0	10
33	Североисточен	Крива Паланка	Крива Паланка	Пашина Воденица	нова	22.35528	42.22194	3.000	1,5	4.500
34	Североисточен	Крива Паланка	Мождивјак	Бежанов рид	нова	22.24806	42.16694	40	1,0	40

35	Североисточен	Ст. Нагоричане	Ст. Нагоричане	Десен брег на р. Серава		21.83528	42.20472	100	1,5	150
36	Североисточен	Ст. Нагоричане	Челопек	Покрај патот на р. Пчиња		21.84806	42.22417	40	1,0	40

ПРИЛОГ 3 Тарифи во општините во Источен и Североисточен Регион, 2024 г.

Табела 85. Тарифи во општините во Источен Регион

Општина/ Надоместоци	Домаќинства		Комерцијален простор
	Урбани подрачја	Рурални подрачја	
Берово	250 ден.	250 ден.	13 ден./m² (надомест за отпад) 40 ден. (јавна чистота) [Независни и комерцијални продавници]
Чешиново-Облешево	200 ден.		500 ден.
Делчево	Од станбена површина: 2,10 ден./m² Од дворна површина: 0,10 ден./m² Градска чистота: 40 ден. Градско зеленило: 40 ден.	Од станбена површина: 2,10 ден./m² Од дворна површина: 0,10 ден,/m² За руралните подрачја, надомест 100 ден.	Од површина на деловен простор: 4 ден./m² Од дворна површина: 0,20 ден./m² Градска чистота: 40 ден. Градско зеленило: 40 ден.
Карбинци	Од двор: 0,45 ден./m² Од стан: 1,20 ден./m²	Од двор: 0,45 ден./m² Од стан: 1,20 ден./m²	230,48 ден./m³ (комунален отпад) 300 ден./m³ (транспорт на отпад)
Кочани	Од домаќинство: 1,80 ден./m² Од дворна површина: 0,50 ден./m² Јавна чистота: 50 ден.		Од комерцијални корисници: 3,5 ден./m² Од дворна површина: 1,50 ден./m² Јавна чистота: 1 ден./m²
Македонска Каменица	Од домаќинство: 2,21 ден./m² Јавна чистота: 50 ден.	Камена Река: 26 ден./m²	Од комерцијални корисници: 5,4 ден./m² Јавна чистота: 3 ден./m²
Пробиштип	Од домаќинство: 2,40 ден./m² Од двор: 0,20 ден./m² Од домаќинство над 50 m²: 0,20 ден./m² Јавна чистота за домаќинство: 0,5 ден./m² Јавна чистота за двор: 0,06 ден./m²		Комерцијални корисници до 20 m²: 8 ден./m² Комерцијални корисници над 20 m²: 5 ден./m² Јавна чистота над 100 m²: 0,5 ден./m²
Пехчево	Од домаќинство: 170 ден. Јавна чистота: 40 ден.	Пехчево: 170 ден. Чифлик, Негрево, Умлена: 120 ден. Панчарево, Црник: 150 ден.	Надомест за отпад: 12 ден./m² Јавна чистота: 60 ден.
Штип	Отпад од домаќинства: 2,40 ден./m² Јавна чистота: 0,50 ден./m² Јавни зелени површини: 1,5 ден./m²	Станбена површина: 2,40 ден./m² Дворна површина: 0,20 ден./m³	Собирање на отпад: 3,3 ден./m² Јавно приватно партнерство: 1,2 ден./m² Градско зеленило: 2 ден./m²

Виница	Отпад од домаќинства: 3,50 ден./m^2 Јавна чистота: 40 ден. Градско зеленило: 82 ден.	Отпад од комерцијални субјекти: 10 ден./m^2 Надомест за комунален отпад: 80 ден. Градско зеленило: 82 ден.
Зрновци	250 ден.	2,200 ден.
Свети Николе	Од домаќинство: 5 ден./m^2 Од двор: 0,65 ден./m^2 Јавна чистота за домаќинство:70 ден.	Од комерцијални корисници: 5,7 ден./m^2 Јавна чистота за комерцијални корисници: 200 ден.

Табела 86. Тарифи во општините во Североисточен Регион

	Домаќинства		Комерцијален простор
Општина/ Надоместоци	**Урбани подрачја**	**Рурални подрачја**	
Кратово	Од домаќинство: 2,1 ден./m^2 Јавна чистота: 70 ден.		Отпад од комерцијални субјекти: 21 ден./m^2 Јавна чистота за комерцијални корисници: 70 ден.
Ранковце	Од домаќинство: 251 ден. Јавна чистота: 30 ден.		Отпад од комерцијални субјекти: 20 ден./m^2 Јавна чистота за комерцијални корисници: 80 ден.
Крива Паланка	Од домаќинство: 380 ден. Јавна чистота: 50 ден.	280 ден. - 380 ден. Додаток за домаќинство 50%: 140 ден. - 190 ден.	Отпад од комерцијални субјекти: 23 ден./m^2 Јавна чистота за комерцијални корисници: 100 ден.
Старо Нагоричане	252,38 ден.	252 ден./домаќинство/месец	Собирање на комунален отпад: 600 ден./m^3
Липково	286 ден.		Собирање на отпад: 8 ден./m^2
Куманово	Отпад од домаќинства: 3 ден./m^2 Јавна чистота: 0,39 ден./m^2		Отпад од комерцијален простор: 12,5 ден./m^2 Јавна чистота комерцијални корисници: 1,9 ден./m^2



Disclaimer:

The contents of this report are the sole responsibility of ENVIROPLAN S.A and its consortium partner and can in no way be taken to reflect the views of the European Union